СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 јуни 1992 година

Скопје, јуни 1992 година

**42 (ЧЕТИРИЕСЕТ И ВТОРА) седница, I ПРОДОЛЖЕНИЕ,**

**ОДРЖАНА НА 23.VI. 1992 ГОДИНА**


| | |
|---|---|
| 1. СТОЈАН АНДОВ | 1 |
| 2. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | 23 |
| 3. ФАИК АБДИ | 36 |
| 4. ХАМИД АЛИУ | 91 |
| 5. ПЕТАР ГОШЕВ | 8, 119, 134, 136 |
| 6. АЛЕКСАДДАР ГЕШТАКОВСКИ | 35 |
| 7. ПЕТАР ГЕОРГИЕВ | 43 |
| 8. БОРИС ЃОРЧЕВСКИ | 115 |
| 9. ТОДОР ДИМОВ | 49 |
| 10. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | 79 |
| 11. ЉУБИСАВ ИВАНОВ | 92, 125 |
| 12. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | 30 |
| 13. ТАШКО КИРОВ | 66 |
| 14. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | 96, 118 |
| 15. ПАННО МИНОВ | 86 |
| 16. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | 88 |
| 17. СИМОН НАУМОВСКИ | 19 |
| 18. КИРО ПОПОВСКИ | 1 |
| 19. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | 51, 114, 119 |
| 20. ТОДОР ПЕТРОВ | 82 |
| 21. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | 133 |
| 22. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | 55 |
| 23. АСЛАН СЕЛМАНИ | 62 |
| 24. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | 64 |
| 25. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | 73, 122, 136 |
| 26. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | 121, 130, 131 |
| 27. БЛАГОЈ ТОШЕВ | 5 |
| 28. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | 27 |
| 29. МЕТ0ДИЈА ТОШЕВСКИ | 100, 129, 134, 135 |
| 30. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | 76, 117 |
| 31. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | 126 |


СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 јуни 1992 година

Седницата продолжи во сала 1 на Собранието на Република Македонија во 10,25 часот.

На седницата претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

За збор се јави господинот Киро Поповски.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувано Претседателство, Почитувани пратеници, Дами и господа,

Девизното штедење и прашањето на преземањето на обврска за обезбедување на денарски средства за исплата по основ на депонираните девизни штедни влогови на граѓаните преставува една од најсложените и најкрупните прашања во Републиката. Не навлегувајќи во историјатот на овој проблем што е даден во образложението на Предлогот за донесување на законот и што е изразен како кумулиран финансиски дефицит во

периодот од речиси две децении, самиот факт што тој денес е изразен како финансиска обврска која надминува една милијарда американски долари, од една страна, а од друга страна што погодува повеќе од 922 илјади девизни штедачи, доволно говори за неговата сложеност, суптилност, како и за реалноста за неговото решавање. Впрочем, најновите податоци деновиве говорат за бројните девизни заштеди кои граѓаните не можат да Ги користат. Повеќе од 1.700 граѓани денес располагаат со 500 илјади парки на девизните сметки, а над 27 илјади граѓани од 10 до 50 илјади марки.

Ако на тоа се додаде и веќе создадениот вакум во сервисирањето на потребите на девизните штедачи за што самокритички треба да признаеме придонесовме со долгото пролонгирање, на разгледувањето на законот што денес е предмет на расправа, се основни причини што предизвикаа оправдан револт кај граѓаните и нивно вониституционално однесување.

Затоа и расправата која денес ја водиме по донесувањето на законот бара темелно проучување на севкупната проблематика и со учество на сите заинтересирани, со цел да се утврдат нај оптимални и реални решенија. Во оваа функција, во рамките на Собраниската процедура беа организирани одделни средби со претставници на Одборот на девизните штедачи^ како и со директорите на деловните банки, гувернерот на Народната банка на Македонија и министерот за финансии, чии мислења и предлози заедно со амандманите на законот од страна на Владата, предлозите и амандманите на пратениците и пратеничките групи беа предмет на расправа во надлежните комисии и Собранието на Република Македонија и кои се заедно може да преставуваат значаен придонес во обликувањето на законот.

Чувствувајќи посебна обврска од разговорите во кои учествував во врска со овој проблем би сакал да истакнам неколку основни заложби кои заслужуваат посебно внимание при конечното опре- делување од денешната седница.

I/3

1. Собранието на Република Македонија треба јасно и децидно да ја изрази определбата дека имотот на штедачите ќе го гарантира државата, односно дека досегашната гаранција на федерацијата за девизното штедење на граѓаните ја презема Република Македонија како нејзин правен следбеник и со тоа под еднаква одговорност ќе превземат државата и банките. Со тоа јасно и децидно ќе се определиме дека покрај сите објективни потешкотии штедачите се во право и дека треба да бидат приоритетни нивните права и интереси, кои мора да се почитуваат доколку сакаме да се врати довербата во банкарскиот систем и штедењето, без што, тешко може да се зборува за економијата.

2. Неопходно е јасно да се дефинираат и прецизираат материјалните биланси на средства по структура и динамика што ќе бидат потребни за сервисирање на правата на граѓаните девизни штедачи, но едновремено и со согледувања за нивниот одраз на монетарно кредитната политика на Република, даночната политика и антиинфлационата програма во целина.

Имајќи предвид дека основен извор на обезбедување на овие средства претставуваат буџетот, средствата на деловните банки и примарната емисија, ќе треба реално да се оценат билансите на деловните банки како и учеството на средствата од примарната емисија. Притоа посебно треба да се согледа можноста за користењето на примарната емисија имајќи предвид дека со Законот за Народната банка на Македонија Републиката може да се задолжи кај Народната банка најмногу за 5% од обемот на буџетот за тековната година, доколку не сакаме да ги доведеме во прашање утврдените цели и задачи на монетарно кредитната политика за 1992 година.

Оттаму како најзначаен извор може да претставува трансформацијата на општествениот државниот капитал од каде што ќе може да се обезбеди намирување на поголем дел од обврските спрема девизните штедачи, а за што веќе е пројавен интерес посебно за вложувања во станбен и деловен простор.

3. Предложената динамика и намената за исплата на денарска противвредност по основ на девизните влогови во Предлогот за донесување на закон тешко дека би можело да бидат оспорувани имајќи ја предвид висината на долгот и на реалните можности на Републиката. Впрочем и многу по развиени републики од нашата од поранешна Југославија остварија ист пристап во динамиката и сервисирањето на штедните влогови. Меѓутоа и покрај ширината и различната намена присутни во Предлог законот за користење на денарска противвредност на штедните влогови (купување и изградба на станбен и деловен простор, набавка на опрема за вршење на производни и услужни дејности, купување на акции и удели на банки и претпријатија, формирање на мешовити претпријатија, патување во странство, свадби, смртни случаи, купување на лекови и школување во странство) сите тие заслужуваат одделно-внимание како во однос на нивното билансно согледување, со што би се овозможило законот да биде справедлив, така и од аспект на оценување на дополнителните барања искажани од девизните штедачи, а кои пред се,се однесуваат на изедначување на сите граѓани за користење на овие средства за патување во странство, а не само за преку океанските земји, за посебен третман на иселениците и оние граѓани кои ќе се иселуваат, реална проценка на месечниот износ за задоволување на егзистенцијалните потреби на граѓаните., итн.

Со други зборови, ако имаме храброст да бараме разбирање кај граѓаните кои имаат штедни влогови од 500 и повеќе илјади марки да не можат истите да ги користат, реално треба да процениме дали со 100 марки месечно истите тие граѓани ќе можат да издржуваат четворо или повеќе члено семејство во кое никој не е вработен.

4. И покрај противењето на штедачите против било каква нивна социјална категоризација се надевам ќе се сложите дека -тука п^ед, се треба да се обрне внимание на социјално загрозените, болните, невработените и слични категории на граѓани кои според искажувањата, и покрај своите големи штедни влогови не можат повеќе да се задолжуваат заради обезбедување на сопствената егзистенција и

5. Имајќи ја предвид вкупната состојба, како клучно прашање денес се наметнува динамиката на донесувањето на самиот закон за што како што е познато има мошне различни гледања. Сметам дека се остварени значајни согледувања од страна на Владата и Министерството за финансии, како во подготвувањето на законот така и дополнително на што резултира и предлагањето на амандманите од страна на самата Влада. Затоа, укажувајќи на ургентноста на прашањето, сметам дека Владата треба реално да оцени кој е оптималниот рок за донесување на овој закон, а имајќи предвид веќе остварените консултации и разговори би се заложил неговото донесување да се одвива во две фази, при што согласно изразената спремност на Владата искажана пред девизните штедачи, Предлогот на овој закон да биде доставен до Собранието во рок од 10-тина дена.

Во оваа функција предлагам да ги поддржиме предлог заклучоците што ги предлагаат двете матични комисии на Собранието на Република Македонија бидејќи тие даваат простор Владата реално да ги оцени сите дополнителни сугестии и барања и предложи што пореални и спроводливи решенија.

Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот Тито Петковски).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор пратеникот Благој Тошев.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, ние порано имавме прилика да гледаме во филмови дека одредени луѓе вршеа грабеж на банките. Тој грабеж го вршеа од рангот на Џон Дилингер и други лица кои полицијата Ги бркаше. Во моментот се јавува нова ситуација, почитувани пратеници, банката сега ги краде штедачите, а полицијата ги

варди да не направат зијан. Многу е интересен фактот што штедачите исклучиво демонстрираат во Битола Прилеп и Охрид. Ако се овде заштедите само во Битола, Охрид и Прилеп една милијарда и сто милиони долари, можам да имам претстава дека најголемата невработеност се јавува на ова подрачје, па се прашувам: каде се инвестирани овие огромни средства?

Основно е дека во овој град, конкретно во Битола имаме прилика да разговараме со штедачите кои се носители на тие девизи, кои тие ги донесоа во сува девиза во марки, долари или друга валута. Основно е дека од таа категорија на луѓе кои требаше да бидат милионери и милијардери станаа социјални случаи.

Многу е интересно прашањето дека во овие услови што е проблемот што на штедачите не им се кажува правата вистина каде се овие огромни средства. Зарем е потребно да размислуваме дали да Ги ставаме во категорија тие да станат социјални случаи и истовремено од дома да продаваат фрижидери, машини за перење или друг имот кој го имаат за да можат да егзистираат. Да не зборуваме за нивната здравствена заштита.

Многу е дискутабилно дека во Македонија од кога се утврди дека постои огромна количина на девизи отворија и српските банки експозитури, Југобанка или ЈИК банка, сметајќи конкретно за Битола каде имаме одредени сознанија дека после Риечката банка Битолската банка беше најголема по девизното работење.

Во ова ситуација кога гледаме дека грото на девизи се наоѓаат на ова подрачје, јас не можам да си дадам одговор зошто нема такви реагирања во Скопје, Струмица, Штип, Делчево итн., туку грото се јавува на овие подрачја каде што гравитираат овие семејства кој својот живот го минале во странство 20-30 години.

Основно е дека овој Парламент, почитувани пратеници, треба да им даде одговор на нашите граѓани македонци кои беа патриоти, а воедно можам да речам и наивни патриоти кои сите средства ги донесоа во Република Македонија. Велам патриоти затоа што сметаа дека треба на некој начин да ја изградат својата република, истовремено и својата држава и дека тука треба да егзистираат. На што наидоа? наидоа да не можат да излезат на крај со основните прехранбени продукти , да не можат да се лекуваат, да не можат да најдат средства за да можат да купат лекарства.

Според тоа , сметам дека еднаш треба отворено да им се каже на овие господа штедачи каде се овие милијарда и сто милиони долари, со образложение дека ние имаме континуитет во таа област, затоа што самите директори кои беа и во старата Влада и со доаѓањето на новата Влада директорите на тие стопански банки останаа. Според тоа, континуитетот е задржан и истите треба да- им кажат каде се наоѓаат овие средства. Ние можеме да забележиме дека на подрачјето на Македонската држава постојат огромни банки, стопански банки со мермери и со огромна опрема внатре. Поставувам прашање од каде се тие средства. Истовремено да не зборувам и за превозните средства со кои располагаат стопанските банки и тоа со прилично нови возила. Според тоа самите директори без да избегаваат од штедачите, дали стравуваат дека ќе издадат некоја државна или деловна банка, мене ми се чини да не си ја земаат самите одговорноста на себе, туку да им кажат на штедачите и на граѓаните на оваа Македонска држава каде се нивните девизни влогови.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници,ова е најтешкиот финансиски проблем на Републиката и најдлабоката црна финансиска дупка, што би рекле со жаргонот на финансиските стручњаци. Се работи за износ кој изнесува не помалку од 50% од едногодишен општествен производ на Републиката, кој е потрошен и кој го нема и прашањето е како да се врати тоа во услови кога општествениот производ постојано и натаму опаѓа.

Јас сега би сакал да ве потсетам, бидејќи прашањето е сложено и имаме за кратко време двапати понудено решенија од страна на Владата што имавме со претходниот закон пред Први мај што го усвоивме без да го прочитаме, што ни нуди овој закон, го решава  овој проблем или не го решава.

На 27 април беше објавен оној "Службен весник"во кој беше објавен Законот што го усвоивме со пакетот мерки иако имавме сугестии на комисиите да не се усвојува тој Закон. Републиката, според тој Закон стана должник пред граѓаните, кој е уште во сила но не се применува, а такви закони имаме многу, односно ги презеде девизните побарувања.

Второ, според тој Закон, банките треба да им исплатат на товар на своите средства во 1992 година, по 100 германски марки во марки или денари , во 1993 година два пати по 500 германски марки, пак во марки или денари. За тоа решение Републиката рече ќе обезбедиме 50% од средствата како денарска противвредност и тоа како кредит на Републиката што ќе го земе, а веројатно од Народната банка, а од кои извори ќе го враќа, немаме во тој Закон.

I/9

Трето, сите превземени обврски, освен горе наведените Републиката ги покрива, извршува со издавање на обврзници тоа беше главниот принцип кои се амортизираат во 20 полугодишни рати почнувајќи од 30 јуни 1994 година, со камата од 6% до 2004 година. Значи, тука имавме принцип на обврзници, формирање на јавен долг на Републиката преку обврзниците. Обврзниците им се издаваат на банките, банките ги даваат на штедачите и тие на тој начин на денот на доспевањето ги покриваат своите потреби. Сите овие средства републиката ги обезбедува, но не знаеме дали од буџетот според тој Закон, со зголемување на неговото структурно учество во општествениот производ, со негово останување на исто ниво, со кредит од Народната банка, а потоа кредит од Народната банка како,тоа остана не доволно јасно. Според тој Закон може да се заклучи дека се мисли на буџетот бидејќи во член 17 јасно се кажува дека предвремената амортизација на обврзниците за наведените намени Републиката ќе ги обезбеди со кредит на Народната банка на Македонија. Значи, инфлаторното задоволување на овие потреби.

Само по 10 денови Владата понуди друго решение, а тие 10 дена станаа месец дена после понудувањето, решение без издавање на обврзници, значи друг принцип на решавање на овој проблем со задржување на некои елементи од досегашниот закон кои ни се познати.

Што ни предлага сега наспроти ова што го имавме досега во Законот што е уште на сила, а не се спроведува, ниту пак може да се спроведе, се разбира. Република Македонија презема обврска за обезбедување на денарски средства за исплата по основ на депонирани девизни влогови на граѓаните.

Во член 1 од претходниот закон велеше дека ги презема побарувањата Републиката, значи станува гарант на тие средства, сега има нијанса на член 1, па вели дека гарантира Републиката дека ќе обезбеди

денарски средства. Дали е тоа исто може да се разговара, но мислам дека не е исто.

Член 2 - депонираните штедни влогови кај Народната банка на Југославија банките ги сервисираат согласно прописите на Република Македонија и договорените услови со штедачите, во согласност со можностите на банките. Ова ќе го коментирам малку подоцна што значи.

Член 4 - Републиката презема обврски од 1994 до 2000 година во годишни транши на банките да им обезбеди денарска против- вредност за исплата на девизните депозити со припишана камата за секоја година во две полугодишни рати на штедачите кои тоа ќе го бараат. Ова е слично, таму беше обезбедено со обврзници, а овде не е со обврзници покриено, кредитот што ќе го зема Републиката ќе го дава на банките, банките ќе го враќаат на Народната банка итн.

Член 5 - со акт на економската политика или акти на економската политика за секоја година се утврдуваат изворите на средствата од кои Република Македонија ќе ги сервисира обврските што произлегуваат од овој закон. Значи, допрва ќе видиме од каде ќе се сервисираат обврските што ги превзема Републиката.

Средствата за исплата на обврските од претходниот став се обезбедуваат врз основа на пресметка на Народната банка - Народната банка ќе прави пресметка, а ние ја задолжуваме со големините кои таа треба да ги обезбедува. Според тоа, имаш самостојност, немаш самостојност на Народната банка.

**ПЕТАР ГОШЕВ: (**продолжение)

Член 6 По исклучок по член 4 банките можат на граѓаните, сопственици на девизните влогови да им овозможат користење на девизи, во противвредност на домашната валута, по курсот на Народната банка на Македонија, за купување, из- градба и откуп на станови, купување и изградба на деловен простор, набавка на опрема за производство и услуги, купување на акции и удели во банките и претпријатијата, формирање мешовито претпријатие. Таму е употребен зборот може банката да одобри.

Член 7 вели, 8 и 9 е тоа, банките се должни на граѓаните, значи сега се задолжени од Републиката, на граѓаните да им овозможат користење на девизи од депонираните девизни влогови за купување билет за прекуморските држави, не пишува во два правца или во еден правец, свадби, смртни случаи.

Член 9 вели банките се должни во текот на 1992/1993 година да им овозможат на граѓаните што ќе побараат користење девизни влогови во висина од 100 германски марки месечно за покривање на егзистенцијалните потреби, а за егзистенцијалните потреби доста ќе дискутираме.

Член 10 за извршените исплати согласно член 6 до 9 Република Македонија, ова е важно, на граѓаните им обезбедува средства во висина на разликата итн. со задолжување кај Народната банка на Република Македонија. Значи, за сите овие намени од член 6,7,8,9, Републиката ќе зема кредит од Народната банка и ќе ги дава да може да им се исплати на штедачите. Делот од тие средства банките ќе го вратат според утврдени критериуми од банките.

II/2.-

Тоа се тие два паралелни предлози што ги имавме за кратко време од десетина дена, односно заради одолговлечување на расправата по овој нов предлог на Владата.

Што покажуваат овие два предлога, во врска со овој исклучително тежок проблем кој не може да се реши едноставно, не може да се реши набрзина, и не може да го реши ни оваа влада набрзина, ни било која влада друга.

прво, нема согледување за големината на вкупниот можен и вистински јавен долг на Република Македонија. Финансиските биланси на Република Македонија, сите црни дупки кои што постојат по основ на девизното штедење, по основ на контаминирана актива на банките по основ на контиминирана актива на јавните претпријатија, кои што ги имаме едно чудо, не се јасно билансирани од каде ќе се затвораат, односно Република Македонија нема расправано за можниот јавен долг на оваа Република. Нема критериуми и принципи за неговото формирање на тој јавен долг и тоа е стручно прашање и се знае како се формира и како се амортизира јавен долг со последици или без последици во вкупната макроекономска рамнотежа на секоја држава. Односно, нема придржуваше од страна на Владата на класичните принципи на формирање и амортизација на јавниот долг.

Трето, нема биланси за вистинскиот денарски потенцијал на банките, за степенот на нивното можно оптоварување во 1992,1993 година, особено во 1993 година.

Четврто, нема согледување за идната буџетска способност за амортизација на долгот, на се она што ќе легне на буџетот, да се амортизира.

II/3.-

Петто, не е билансирана горната издржливост на процентуалното учество на вака формираниот јавен долг на Републиката во општествениот производ на Републиката, каква платежна способност ќе има Републиката врз основа на преземањето на овој долг, не само по овој основ, туку и по нешто друго. Можно ли е тоа Републиката да го плати, или ќе речеме не може да го плати банката, не може да го плати овој, не може да го плати оној, не може да плати Републиката за што ќе покрие со свој закон, нема Републиката, значи за овие работи треба да има прецизни согледувања.

Што ќе се случи со сета таа големина на финансиски дупки во нашава актива на Републиката и пасива , ако општествениот производ и натаму реално се намалува , а совршено е јасно дека тој се намалува, колкаво процентуално учество од тоа оптоварување ќе изнесува, можно ли е така да се плати или не може, ако општествениот производ стагнира, односно остане на ова намалено ниво кое што ние сега го имаме, и ако евентуално господ ни помогне такви какви што сме ние, да почне да расте општествениот производ, па тогаш малку би ни било полесно во врска со отплатата на сите овие финансиски обврски што ги има Републиката.

За колку проценти со предвидените решенија ќе се зголеми паричната маса во Републиката, во однос на таа што Народната банка ја смета за нормална на обезбедувањето на макроекономската рамнотежа, односно онаа парична маса со која што може да се брани дека ние водиме антиинфлациона политика . Што значи ова комплетно за сите тие биланси. Слушаме податоци еднаш 8 милијарди ќе бидат, потоа ќе бидат 40 милијарди денари, ако се 40 знаеме колкава ќе биде таа сума, што значат тие 40 милијарди ако се фрлат на пазарот на пари, што ќе стане и сл. на тоа, а последиците ќе бидат секогаш по штедачите и по граѓаните.

II/4.-

За колку треба да се зголеми буџетот на Републиката ако дел или сите од овие средства во крајна линија легнат на буџетот на Републиката.

Без одговори на овие прашања господо, било кое решение може да се претвори, или во нова измама на штедачите или во самоизмама на сите нас овде што сме и надвор од оваа сала со страотно поттикнување на инфлацијата, со монетарна илузија во која што на крајот сите ќе се губиме, освен поединци што добро се снаоѓаат, секогаш па и во услови на инфлација.

Според тоа, работата во принцип на овој начин не се разрешува на која што ни е понудено со постојниот закон и врз основа на овие модификации што сега ни се понудени со овој закон.

Сега конкретно да кажам што мислам во врска со некои членови.

Член 1 вели треба да ги гарантира штедните влогови, девизи, Републиката, а не да обезбедува денарски средства со нова емисија на пари, туку првата работа што треба да ја направи Републиката е да пропише одредба со која што наместо сегашната Социјалистичка Федеративна Република Југославија, која што беше гарант на девизното штедење, сега јасно таа обврска ја презема Република Македонија. Тоа е првата работа што треба да се направи и што треба да биде јасно запишана, а потоа за другото да се продолжи да се дискутира.

Член 2 е невозможно компониран вели: депонираните девизни влогови кај Народна банка на Југославија, банките ги сервисираат, прво, согласно на прописите на Република Македонија, значи согласно и овој закон и други прописи евентуално, во согласност со можностите на банките, во согласност со договорените услови со штедачите. Овие услови меѓу себе си противречат. Ако е во согласност со договорот што го имаат банките со штедачите, нека повели нека се извршува договорот, а тој договор гласи јас

ти ги давам девизите и ако не ми се орочени можам да ги подигнам секогаш со камата за неорочени девизни влогови, ако се орочени можам да ги подигнам, тогаш кога ќе истече рокот, или можам да го раскинам рокот, па се применуваат другите услови. Тоа е во согласност со договорот ако значи. Ако е во согласност со можностите на банките, тогаш зошто ни е закон да запишува во согласност со можностите на банките. Така ќе работат во согласност со нивните можности. Значи членот 2 е комплетно противречен самиот со себе.

Членот 4, Република Македонија презема обврски од 1994 до 2004 година на банките да им обезбеди динарска противвредност за исплата на девизните депозити.

Дали во лицето на оваа Влада, или било која друга Републиката презема обврски да ја собори инфлацијата за да го спречи општото осиромашување. Тоа ние го запишавме дека презема таква обврска, како влада, како парламент и сл. на^тоа» А може ли едното и другото да одат заедно без јасни биланси за ефектите од така воспоставените односи. Се разбира, не може. Да видиме што ова, каков одраз ќе има на нарушувањето на вкупната рамнотежа на Републиката. Републиката обезбедува денари, значи Републиката ќе печати пари. Ништо друго тоа не значи. Ако не каже дека тоа ќе го сервисира од буџетот на Републиката, буџетот на Републиката ќе се полни од материјални извори за покривање, другото не значи ништо.

Освен тоа, што ќе се случи со ова. Јас сега сакам отворено да кажам, затоа што сигурен сум дека штедачите со нетрпение чекаат решение, тие притискаат на Владата и на Парламентот, а Владата и Парламентот, јас не се согласувам да им понуди магла, од која што на крајот пак ќе бидат излажани и нема да има решение туку сум за разговор со јасни биланси, со

јасни сметки, отворено и да се каже се разбира, кој е виновен за тоа што се случило и што треба сега да направат тие што не се виновни, за да го решат тој проблем, а проблемот мора да има решение во секој случај. Ако вака се прави, со печатен>е на пари, на штедачите се разбира, ќе им бидат отпечатени пари од Народната банка, денари, бидејќи износите се огромни, инфлацијата ќе биде страотно поттикната, со денари што ќе добијат, малку работи ќе можат да купат, бидејќи во истиот момент ќе почне стротно инфлаторно дејство и на крајот тие онаа сума оној курс што ќе ја добијат денари, под претпоставка да се договориме и да печатиме пари, ќе можат да купат многу малку од своите штедни влогови. На крајот повторно ќе бидат тие излажани.

Член 5 покажува дека донесуваме закон, запишуваме законска обврска, а не знаеме од каде ќе се плати, бидејќи вели со актот на економската политика за секоја година се утврдуваат изворите на средствата од кои Република Македонија ги сервисира обврските што произлегуваат до овој закон. Што значи конкретно тоа. Овој Парламент ќе запише дека тие права на штедачите ќе им бидат обезбедени, ќе бидат обезбедени секоја година, како ќе се договориме со актите на економската политика, бидејќи не ќе биде можно со актите на економската политика да се најде решение, што ќе ја стабилизира ситуацијата, тогаш повелете вие нареден парламент што ќе дојдете извршете ја обврската од овој претходниот, или кажете им на граѓаните ние го направивме тоа, а сега овие не сакаат да го спроведуваат законот. Тоа ќе се случи после тоа, бидејќи на овој начин нема да има решение.

II/7.-

Член 6, 7, 8 банките вели можат, како што спомнав по исклучок од член 4 да плаќаат за купување, изградба на деловен простор, купување акции, формирање мешовити претпријатија и сл.

Што значи ова?

Прво, банките можат, а не мораат. Зошто тогаш, го поставив и претходно прашањето, стои во законот.

Второ, можат некому, не и секому. Тоа ќе биде субјективна волја на одлучување во самите банкарски организации, бидејќи Законот му дава, јас за едни ќе дадам, за други нема да дадам, а тоа може да се врши и врз основа на црни и сини очи и врз основа на разни, разни нешта познати во нашата практика. Им се дава право на субјективна арбитрарност на банките на таквиот начин на решавање на овој проблем.

Член 7 и 8 банките мораат. Но тоа мораат,треба да се утврдат билансите јасни, конкретни и последици да се сносат и од страна на банките и од страна на државата која ќе донесе ваков закон. И сега на крајот ќе рече некој добро, тоа е можеби така, можеби не е така, но што предлагаш?

Прво, не можам да предложам решение со кое би ги излажал штедачите, како што досега се излажувани. И пријатно и непријатно на штедачите мора да им се каже тоа што е и не може да се случува со штедачите да не се разговара по десетина дена, да им се каже навистина што може, а што не може и кој е одговорен, целата вистина тие имаат право да ја знаат во врска со нивните девизни штедни влогови и на кој начин единствено може да се разреши прашањето. Затоа нема да предложам решенија од ракав кој што ќе бидат запишани во законот, а потоа нека ги извршува сам господ бог.

II/8.-

Второ, ако овој закон не може билансно да издржи, а докази за спротивното нема, ако дополнително ја руши макроекономската рамнотежа, а тоа го чини, се разбира, тоа произлегува, тогаш не е добар, и како што реков штедачите повторно ќе бидат излажани, затоа што аз денарите што ќе ги добијат, ако не можат да добијат девизи назад не ќе можат да купат ни приближно толку колку што можеле. Кој им гарантира дека курсот на Народната банка ќе биде реален, бидејќи според курсот на Народната банка ќе им се дава денарска противвредност. Дали денеска е реален курсот на Народната банка. Ни денеска не е реален. Ова што се случува на Битпазар се држи од 360 до 370 е едната информација, другата информација е дека стопанствениците веќе продаваат по 550, можеби и повеќе. И тоа е информација за движењето на состојбата за курсот на денарот.

Според тоа, ако нешто е јасно од погоре наведеното, тогаш по мое длабоко убедување без да се лажат штедачите, единственото што е можно, да резимирам со три-четири заклучоци, Републиката да запише дека ја гарантира девизната штедња и дека било кога девизните влогови ќе им бидат вработени на девизните штедачите.

Второ, да се одредат нужните исплати и тоа само за годинава и за идната година доколку е можно, јасни биланси.

Трето, потоа може да се премине со јасни математики со јасни биланси на изнаоѓање на долгорочно решение, за конечно да можат девизните штедачите да си ги добијат своите права во врска со девизните штедни влогови.

На прашањето каде се девизите сега, девизите не се потрошени од Јуословенската федерација која што ја обвинувавме за се. Во таа Југословенска федерација сите внесуваа, сите трошеа толку колку што можеа. Девизите се потрошени претежно од нашата Република овде, од

граѓаните на кои што им се давало девизни кредити, од стопанските организации, од нашиот постојан дефицит во билансот на плаќањето со странство, од нашиот постојан девизен дефицит кој што го имаме со странство, затоа што во еден систем каков што постојат не се водело сметка чие што е, како што е и случајот со девизите.

Секое друго префрлање дека некој надвор ни ги украл девизите е неправично оптужување на тој другиот. Тие се потрошени овде во нашата Република. Овие девизи ги нема од 1982/1983 година, а не од минатата или од оваа година.

Следното прашање е Владата почна да разговара, а требаше малку порано да разговара да ги понуди прво краткорочните решенија а потоа врз основа на стручни анализи, на стручни решенија, на експерти, монетаристи да понуди долгорочно решение.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве известувам дека господинот Симо Наумовски ја приложи својата дискусија по овој закон.

**СИМО НАУМОВСКИ:** (прилог)

# Д И С К У С И Ј А

## ЗА ДЕВИЗНИТЕ ШТЕДНИ ВЛОГОВИ

По сила на приликите, влеговме во решавање на, можеби, најтешкото прашање од областа на економијата на Републикава депонираните штедни влогови на граѓаните кои, заедно со каматата кој треба да се исплати за нив до крајот на решението на овој проблем имаат висина од 1,5 – 2,00 милијарди УСД:

Овој проблем по тежина, за мене, е еднаков на проблемот на натамошниот развој на Републикава преку кој треба да се постигне стабилизација на севкупен план а не во едно, овие проблеми меѓу себе се и директно поврзани така што решавањето на едниот е условено од нарешувањето или успореното или неквалитетно решавање на другиот проблем.

Оваа поврзаност бар да уште во стартот на решавање на овој проблем, да се даде дециден, јавен одговор на прашањето:

- Дали приоритет во решавањето ќе дадеме на проблемот на депонираните девизни штедни влогови на граѓаните на сметка на успорувањето или стопирањето на развојот на Републикава, се додека првиот проблем не се дореши или ќе се определиме за обратниот пат.

Одма да кажам дека јас лично сум за определбата приоритетно се решава и тоа брзо и НАЈКВАЛИТЕТНО прашањето на депонираните девизни штедни влогови на граѓаните. Со свесно успорување на развојот поради што и инсистирам, ако денес вака се договориме, да најитно, опширно и најквалитетно, запознале секој граѓанин на оваа млада држава за оваа одлука, со причии што се работи на СТРАТЕШКА одлука на оваа Република кој ќе има важност во наредните 10-15 години, а можеби и повеќе.

Решавањето на проблемот на депонираните девизни штедни влогови на граѓаните со закон мора да се изврши, брзо и квалитетно, али и со едно ново сознание кое треба уште сега сите да го имаме во обѕир пред усвојување на Законов, дека самото усвојување одма ќе донесе нова непланирана инфлација во Републикава, чија стартна висина ќе зависи од два клучни фактори, и тоа:

1. Од изворите на средства кои ќе се предвидат во Законов,

2. Од остварувањето на годишните плански задачи во републикава, пред се од остварената висина на производството, профитот, висината на добивката и загубите, посебно од висината на девизниот прилив, и слично.

Ако во законот изворите на средства за трајно решавање на овој проблем се базираат и на приметен раст на даноците, како и е предвидено во Предлогов, тогаш бидете убедени дека ќе имаме повисока и приметно голема инфлација ред години натаму, како последица од ставањето во функција на овој закон.

Истото ќе го имаме и ако годишните планирани квалитативни индикатори на стопанисување на ниво на Република, нема да се остваруваат како се планирани.

За да имаме нова, помала инфлација од примената на овој Закон што е од посебна важност за Републикава, предлагам изворите на средства за потребите на овој закон бидат следните:

а) Изворот од продажбата на општествените станови кој продажба натаму мора да се чини во конвертибилна валута, или во денари од девизно потекло. И парите кои се обезбедени од досегашната продажба треба да се искористат за ова намена.

б) Од продажбата на Општествениот капитал , еден дел од него, кој уште сега мора да се одреди и дефинира и да не биде спорен при усвојувањето на тој закон.

ц) Од средствата кои можат да се добијат од Законот за концесии за што, ако се прифати, треба да се надополни чл. 7 од предлогот на Законот,

д) Од приходите кој ќе се добијат од делбениот биланс на ниво на ЈУ, и

е) Од извори кои можат да се обезбедат со продажба на некои туристичко – угостителски објекти во Републикава, кои денес се во Општествена сопственост и на некои објекти кои се под третман “општествени” или со државна сопственост. Како пример: Олимписко село, Хотелот во него, зградата на ЦК, итн., итн.

Сепак најголема гаранција во квалитетно решавање на овој проблем во следните 10 – 15 години, може да даде само остварувањето и натфрлувањето на годишниот профит, продуктивноста и извозот во стопанството Републикава кој извоз, мора со нови мерки и активност, да целосно ги покрие увозот во Републикава годишно и ја премине границата на покриеност од 1.

Ако се дојде до заклучок да за овој закон мора да се обезбедуваат средства и преку приметно зголемување на даноците и користење на средствата од примарната емисија, тогаш треба однапред да знаеме дека сме се определиле за натамошно нагло влошување на севкупните економски состојби во Републикава. Затоа овој извор на средства го предлагам, да се планира како резерва, да с4е активира во краен случај и само ако нема никаков друг излез за одржување на квалитетот на решението донесено со овој Закон.

Се поставува прашањето: Што друго е важно да се учини во моментов, кога овој проблем ескалира со голема брзина. За мене важни се посебно два момента кои сакам да ги потенцирам и тоа:

1. Да јавно со изјава на некој од претседателиве на Владава или Републикава, преку телевизијата и останатите јавни гласила, со сигурност ќе му биде исплатен девизниот штеден влог заедно со каматите и со реалната вредност. Со други зборови, треба да му се даде јавна гаранција на штедачите дека Република Македонија како држава е новиот гарант за нивните штедни влогови. Со тој потез ќе се постигне психолошкиот ефект кај штедачите кој позитивно ќе влијае кон смирување и спречување на ескалацијата на денешните состојби, и

2. Апелирам до сите партии а посебно до нивните раководства да не покушавваат, во овој исклучително тежок момент за штедачите и државава, да нивното демонстрирање се користи за политички цели. Денес тоа на Македонија, а посебно на граѓаните, на сите граѓани од Македонија, воопшто не е и потребно. Се надевам дека по овој мој апел, овој пат, ќе постигнеме консензус. Да сите овозможиме, во мир и со трезвеност, да ова прашање се реши најквалитетно и на целосно задоволство на штедачите.

На крајот сакам да го речам уште ова:

Не располагаме со реални, и издржани податоци како што се: вредноста на изградените општествени станови, на оние кои се и кои не се продадени, на оние кои се во градба, на општествениот капитал, и сл., кои се и те како потребни да се знаат за давање, односно предлагање од наша страна, издржани предлози за квалитетно решавање на овој проблем.

А без приходна припрема и пошироки сознанија за овие податоци, нема квалитетно решавање на ова прашање. Се што ќе биде усвоено донесе во периодот на практична примена на Законов во многу нелагодни ситуации.

Сепак сум, да повторам, за целосно и квалитетно решавање на овој проблем и тоа без отстапки, без каснење, без губење време, али само за решение кое е базирано на реални и гарантирано сигурни извори на средства, без да има и промил сомневања во нив. Сум да она што ќе го одлучиме, без било какви отстапки се спроведува квалитетно доградува натаму.

Решенијата, кои се внесуваат во овој Закон се испит на кој ќе се поврати или докрај уништи довербата на штедачите кон банките и на штедачите кои овој Парламент и кон оваа нова држава.

Благодарам.

18.06.1992 год. Симон Наумовски

Прилеп

II/10.-

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Драги пратеници, ми се чини полека, полека жарчето се открива. Пепелта си бега жарот се открива. Ми се чини дека влегуваме во вистината на досегашноста. За жал многу од нас тука не се виновни за ситуацијата,"Баба лаже, трап не лаже". Убави зборови слушнав и до господин Гошев и од претходните дискутанти, но ми се чини дека зборуваме повеќе за иднината, а за минато незавршено време, дали не сме способни да веруваме и да зборуваме или не не сакаме, сакаме, или сме немоќни да го решиме тој проблем. Мене ми се чини е второто. Ние сме немоќни, затоа што парите се изедени, ни остана пот и труд и младоста на тие луѓе им остана во туѓината. Луѓето ја сакаа оваа земја и уште ја сакаат. Мене ми се чини не сакам и не барам рејтинг ниту за мојата партија, ни за мене самиот, но оттука треба да се слуша вистината. Што се случува и што се случи? Ги вложуваше парите во земјата во која веруваше, како исус што рече, односно господ:"ви ја ветувам земјата и ќе ве вратам"., меѓутоа, за тие луѓе не беше така , ветената земја, остана многу далеку, само трудот и потта се вратиел во нашите банки, со уверување дека тоа еден ден ќе им се исплати и ќе ги уживаат како политичките слободи за кои копнееле, така исто ќе ги уживаат и благодетите од трудот за кој се бореле. Незнам господа, и госпоѓи, незнам зошто не се најде еден човек да ја каже вистината Не околу, па околу, никако во јадрото, во вистината.

III/1.- дв/лб

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Имаме Влада и поранешна и сегашна. Многу по добро по чисто и по чесно ќе беше да ја кажат вистината. Во што треба да биде вистината? Парите се, на пример, кај Митко, Се ослободува" од тежината на која западна Владата или ова Собрание. Не сакам да напаѓам затоа што го знам патот, верувајте ми каде отидоа девизите и зошто ги нема. Но, верувам во една убава работа што овде слушнав дека многу од нашите пари, многу од тој труд од тие наши граѓани кои одеа во странство нивните девизни средства се префрлени и во Југословенската банка.

Колку сме моќни и колку е мок на Владата да ги повлече тие пари и да ги врати на граѓаните, јас тоа не го знам. Меѓутоа, ќе напомнам две вистини. Ќе се вратам малку на признавањето.

Сведоци сте и сум жив, уште сум на оваа бина. Еден ден реков вака:некој помагаше парите да си одат во тоа време кога се пљачкаше. Еден ден од тоа место исто така кажав дека рано рано на сабајле пред да пее петелот, не го кажав така, во друга смисла го кажав, првин се викаше тука е Југославија, а нашите претставници шетаа за неколку признавања, а тогаш ги береа парите, можеби, надвор . Некој ги земаше во џебот ги префрлаше.

Завчера дадов еден плика на господата од претседателството горе што седи, што ми е тежина и треба да го објаснам затоа што луѓето ме прашуваат што беше тоа што го даде на претседателството. И од вас повеќето не знаете што беше, некои знаат.

III/2

Случајно листајќи ги, затоа што јас не се консултирам со никого тука, нека некој излезе и да каже дека на Митко му кажувам ова. Не. Размислувам, гледам по ѕидовите, по таванот, по луѓето, по пликовите. На десната страна од пликот до пред 15 дена стоеше Федеративна Република Југославија, кој плик се дава на пратеникот кој се бори за самостојноста на Македонија. Мајката, реков! станав, не кометирав, но ме натера сега моментот, знаете зошто. Тоа се ситни работи но од другиот ден сите вие добивате пликови со Република Македонија. Но тоа се едни елементи, тие се едни мали провокативни елементи на кои се држевме во системот и нормално не е будала некој да ни ги врати парите на нас. Така се земени парите, за услуга можеби на тие печати. Но, добро, да не зборуваме повеќе за тоа, не обвинувам никого.

Барам сега како да се реши прашањето на тие луѓе. Не може некој да има 200 или 300 илјади марки. Еве брат ми има 45 илјади марки во банката, а е во Торонто. Ги дал човекот тука да купи некое куќиче за децата. Дојде пред еден месец и отиде пак. Друг има 300 илјади трет има 50 илјади итн. Сите тие си ги бараат парите. Не можеме да им ги вратиме, но треба јасно да им се каже парите отидоа или за инвестиции или се подигнати од некого и пратени надвор, или пак државата од банка во банка ги дала во таа банка каде што никогаш нема да ти ги вратат. Ќе треба од кога станеме држава па да се тужиме и да се вратат парите. Но, не можеме ние сега тие штедачи да ги правиме социјални проблеми. Ќе мораме да бараме решение, без многу зборување, без многу кажувања и докажувања, без десетте заповеди да ги пишуваме прва, втора, трета точка итн. и на крајот ништо. Треба да видиме од тие можности што ги имаме да им поделиме на луѓето, тие не бараат многу, кој 300 кој 500 марки, а ние не сме и тие пак кои ќе му ја плаќаме,

вчера или завчера слушав на радио, да им плаќаме карта од нивните пари да оди во Америка и да работи уште 5 години и пак да ги донесе тука и да му ги земеме парите. Не. Тоа не е решение.

Предлагам да се задолжи Министерството за финансии и банките на тие луѓе непречено, од тие средства што ги имаме да му се даваат по 200 или 300 марки колку за опстанок.

Конечно решение, по мое мислење би било: бидејќи ние одиме кон приватизација на општествените претпријатија, а времето на влоговите на тие луѓе е поголемо односно доста време нивните влогови лежат во нашите банки, дај боже тие да ги вратат одозгора, да ни ги дадат и мора да ги дадат, без коментари ве молам, да им се додаде камата од 5 до 15%, а приоритет при купувањето на тие претпријатија да имаат луѓето кои располагаат со девизи, а девизите сега за сега не се знае каде се. Тоа да им го овозможиме. Тоа ќе биде гаранција на луѓето утре да внесат во оваа држава, да ја помогнат државата а ние со чисто лице да можеме да излеземе на улица. Значи, го молам Собранието, Владата , од банката немаме никој, Владата наша полека полека се расштркува тука ги гледам само потпретседателот на Владата, министерот за финансии и министерот за земјоделие и им се извинувам, а другите заседаваат, само зборуваат, а незнам што мислат, што прават, што кројат, но уште веднаш да се зафатат и да им се даде она што е најпотребно за живот на овие семејства, да не создадеме од нашите бизнисмени во Америка социјални проблеми во нивната држава, за да имаме лице утре да бараме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Душан Трпчевкси.

III/4

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници.

Доаѓам од средина која има голем број на граѓани времено вработени во Западно европските земји како и преселени во преку океанските земји на САД, Канада па и Австралија и од таму е голем интересот на моите избирачи за состојбата на нивните девизни заштеди, односно во врска со оваа акутна проблематика на блокираните девизни заштеди на Република Македонија.

Девизните штедачи од Република Македонија ги доживуваат најтешките денови во последните 12 месеци од својот живот, а можда и потешки од првите денови од стекнувањето на првите девизни пари на печалба во европските и прекуоќеанските земји.

Блокираните девизни заштеди во различитите банки во Републикава чиј износ се цени на околу една милијарда долари ги донесе поедини девизни штедачи на работ на својата егзистенција и при свои пари во моментов и без пари.

Барањето на штедачите на штедните влогови слободно да раководат со своите девизни средства во секое време е нивна граѓанска право.

Се поставува прашање каде отидоа овие штедни влогови во висина од една милијарда на девизните штедачи од Македонија, дали во помагање на нерентабилните претпријатија во Републиката или пак дел од нив се прелејаа во просторите на бивша Југославија се до ден денеска е нејасно бидејќи никој од одговорните за оваа проблематика во Републиката почнувајќи од банкарите и Владата досега не дадоа задоволителен одговор, што сметам Владата на оваа седница треба да даде одговор за да бидат запознаени Парламентот, девизните штедачи па и пошироката јавност во Република Македонија.

Девизното штедење во Република Македонија има подолга традиција бидејќи луѓето повеќе вложувале во банките отколку подигнувале девизни средства и сега кога на големо почнува да се реализира приватната иницијатива за работење на малото стопанство, голем дел на луѓето сега

имаат потреба парите од своите заштедни влогови да ги вложат во приватен бизнис, меѓутоа поради блокирањето на девизните штедни влогови оваа иницијатива е блокирана, а можда и оставена да се реализира за некој понатамошен период.

Со оваа појава, се нанесува голема загуба на девизното штедење во Република Македонија не само во овој момент, а и во на- редниот период, од страв кај луѓето да не се случи исто блокира&е на девизите, па луѓето своите девизни пари или ги чуваат дома "под перница" или ќе штедат луѓето во банките на другите држави каде девизните пари ќе им бидат на посигурно место.

Ова нешто од своја страна Република Македонија ја става уште во поголем економски колапс.

Мислам дека оваа блокада на девизните штедни влогови ќе допринесе да и денарското штедење на граѓаните ќе биде ставено под знак на прашаше, бидејќи луѓето ја изгубиле довербата кај банките, па така стопанството на Република Македонија ќе биде донесено во уште потешка состојба.

Донесувањето на Предлогот на Законот да биде ставено под итна постапка односно и усвоен да не се случи пожарот од незадоволството на граѓаните од девизните штедни влогови кој започна во Битола со блокирањето на Стопанската банка, а потоа се пренесе во Прилеп, а овие две општини се подразбира какви штети во овој момент трпат стопанствата на овие подрачја не треба да се коментира. Вчера бевме известени од средствата за инфрм. дека нешто слично се случува и во Охрид.

Со ова постои опасност пожарот ќе се прошири и низ сите градови на Република Македонија па и на овој начин да се блокираат банките во Државата, а со тоа и уништување на целото стопанство кај нас. Зачудува еден факт што произлез од заклучокот на Стопанска Комора на Македонија која вели: “Изградување на аналитички приод за разрешуваше на проблемот м на девизното штедење врз реални материјални основи" е заклучокот што го утврди Извршниот одбор на стопанската комора на Македонија, одржан на 27.V.1992 година. Меѓутоа, ова е само уште една констатација која во недоглед ќе го однесе решавањето на девизното штедење иако стопанствениците знаат на кој начин се употребија и потрошија девизните заштеди на граѓаните на Република Македонија во решавањето на неликвидноста на работните организации во последните

години. Тоа се одвиваше со давање во вид на позајмици, кредити и други трансакции на девизите од девизните штедни влогови и со тоа девизното штедеше во Република Македонија го стavија на салдо нула. Наместо сега Стопанската комора поред Владата најенергично да се заземе во решавањето на проблемот на ограбените девизни заштеди со конкретни мерки изнесува "со аналитички приод да се пријде во решавањето на овој проблем". Мислам дека Стопанската комора на Македонија знае кои работни организации добија од парите на девизните заштеди од граѓаните на Република Македонија, па сега треба енергично истата Стопанска комора да настојува од остварениот доход на овие работни организации да се надоместат парите на девизните штедни влогови.

Распродажбата на општествениот имот што почна пред неполни две години општествениот капитал во Република Македонија го сведоа до најмала мера, бидејќи преку добиените интерни акции во работните организации најголем дел од општествените работни организации во Македонија станаа акционерски друштва што значи овој капитал е распродаден и од него не може ништо да се добие. Затоа сметам, дел од доходот на овие организации било тоа во денарски средства или и тие кои имаат,извозен карактер дел од доходот да го стават повторно назад на девизните штедни влогови.

Можам слободно да кажам дека општествениот капитал во Република Македонија спрема некои процени изнесуваше од 30 до 40 долари. Меѓутоа, мислам Владата е должна да каже колку од тој општествен капитал отиде под интерни акции, а тоа значи создавање. на акционерски друштва и од нив општеството односно државата не може веќе ништо да добие назад, а се разбира во поткрепа на овие неликвидни организации во голем дел помогнаа и девизните штедни влогови.

Собранието на Република Македонија, по расправата на Извршниот одбор на Стопанската комора на Махедонија, потоа распра- вата ва заедничката седница на Комисијата за економска политика и развој и Комисијата за финансирање и буџет одржана на 9 јуни 1992 година како и на денешната седница на овој Парламент треба да донесе итно заклучоци за решавањето на блокираните штедни влогови во Република Македонија.

Бидејќи тоа е комплексен проблеми ги предлагам следните заклучоци:

1. Предлогот на законот да се донесе под китна постапка со предлозите од сите позитивни дискусии од овој Парламент.

2. Откуп на престанатиот општествен капитал да се претвори во акции за кое нешто ќе им биде овозможено на девизните штедачи да ги откупуваат под исти услови под кои ги откупуваат и работниците во претпријатијата, меѓутоа мислам дека девизните штедачи треба да имаа предност бидејќи тие внесуваат девизни средства при откупот, а не и

работниците кои не внесуваат никакви парични средства, а даваат интерни акции.

3. Да се задолжат работните организации што подигнале кредити од девизните штедачи влогови да ги вратат парите во најкус можен период во денарски средства или девизи.

4. Исплатата на девизите и девизните противвредности во денари да се врши во поголем износ него ли што тоа го предлагаат банките, односно Владата.

5. Да им се овозможи на девизните штедачи со учество од девизните штедни влогови да можат да подигнуваат кредити во соодност 1:2 или 1:3 за купување на станови, градежен материјал, опрема и друго.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа. Доста беше кажано и на средбата со девизните штедачи во Битола, ние како пратеници бевме активни, разговаравме и сите работи веќе ни се познати. Меѓутоа јас не сакам да го повторувам она што досега беше доста содржајно кажано од доста пратеници овде во Македонскиот парламент, но во оваа прилика сакам барем овој проблем да го поделам на две суштински прашања.

Едното прашање се однесува за враќањето на девизните штедни влогови на граѓаните што ги поседуваат во банките и второто кое има политички недозволени игри и кадровски промени.

За првото прашање јас не би сакал да коментирам сите имаме доставено барање од штедачите од Битола и другите градови и се гледа кој се нивните барања, не сакам да ги повторувам. Тука јас конкретно само сакам да истакнам една работа. Зошто оваа Македонска Влада, еве откако се наоѓаме година ипол во овој Македонски парламент за полно прашања не сака да навлезе во суштината и да ни ги претстави овде во парламентот за да можеме ние после да донесеме валидни одлуки или закони да донесуваме.

III/8

Всушност станува збор за една материја која е многу осетлива, поготово во оваа Македонија и овие девизни влогови.

Јас барем размислував, Владата пред да го достави овој закон за девизните штедни влогови , сметав дека ќе достави до нас една анализа да можеме ние да имаме пред нас една состојба, аналитички да видиме со колку девизни средства располага оваа Република. Дали тие девизни резерви на ниво на Југославија со поделба пристигнаа или не пристигнаа. Да видиме тие девизни резерви каде се вложувани, во кој дел од стопанството, па колку во одредени организации и одредени објекти кој претставуваат гиганти во Република Македонија и така да можеме ние целисходно да решаваме. Меѓутоа и тој закон што треба да го донесеме да ни биде со чиста совест и тој закон да биде во прилог на решавање на овој проблем. Инаку ајде , еве да се обидеме, кажете сите, мислам дека голем дел од овде сме паметни луѓе, ако не имаме и добри сознанија од попаметни луѓе од нас, стручни за оваа материја. Кажете како можеме ние да дискутираме за овој закон кога апсолутно ништо од Владата немаме доставено.

IV/CJ/ЛJ/1. -

**ГОРГИ КОТЕВСКИ**: (продолжение)

Никаква анализа, никакви податоци. Истото се случи и со Законот за трансформација. Јас мислев дека со сите овие систем- ски закони што се во една колизија или во една непосредна допирна врска требаше да бидат заеднички доставени и со заеднички анализи да можевме валидно да одлучуваме. Инаку, јас вака мислам дека апсолутно на овој закон ние не можеме дословно да кажеме дека е позитивен или е негативен. Не можеме мериторно да одлучуваме овде како пратеници. И незнам какво решение би Донесле кога состојбата не ни е јасна, а за жал година ипол Владата не доведува до таква состојба ние да ја покажеме нашата некомпетентност, а од друга страна уште поголема некомпетентност и незнаење покажува Владата и еднаш ние треба да расчистиме како пратеници или сакаме во овој парламент да работиме како што треба и овој народ да ја врати довербата кон нас затоа што јас имам сознание дека веќе ја губиме довербата или оваа Влада треба да си оди. Навистина .треба да си оди. Јас сум сигурен д&ка еве истиот проблем ќе се јави со Законот за трансформација на капиталот. Како може една. работна организација во која се потрошени незнам колкав износ на девизни средства за обновување на машински парк или да земеме еден рударско енергетски комбинат РЕК "Битола", да земеме едно "Стрежево" кое курсната разлика на ниво на Југославија што беа сега се вратени во Македонија, како можат тие да вршат реприватизација и интерни акции со туѓи средства што се земени од девизните штедачи што се земени од Република Македонија. Јас овде зборувам не само како пратеник туку и како девизен штедач кој бев една година на привремена работа во Австралија. И како може некој во мое име

да располага со тие средства, а јас при голема потреба да не можам апсолутно да подигнатни еден долар. И слободно ве уверувам откако сум во овој парламент дека ниеден долар немам извадено од мојата анализа, ниту сум можел да извадам и тогаш зошто Владата не ни достави нас една ифнормација или анализа да видиме кои политички функционери, директори и други лица моќници во оваа држава ги подигнаа тие средства за набавка на коли, за набавка на станови, за разни трансакции, трговски итн. за да можеме ние после овде лесно да ги чистиме односите. И зошто година ипол во оваа Република Македонија нас ни се пласираат големи лаги. Ние не најдовме за година дена овој македонски парламент ниеден виновник за ваквата состојба во Македонија и за девизните штедачи, ни за тепачките во "Јака" Радовиш, ни за "Студенчица" и повторно пак ни се монтираат вакви случаи, после за тоа ќе се надоврзам на ова прашање за да ја видиме другата димензија на проблемот и за тие политички игри што се прават околу овие случаи.

Затоа, јас имам конкретен предлог, предлагам доколку овој предлог на закон има шанса и воопшто да го донесеме секоја периодична пресметка или завршна сметка во зависност од економските состојби во Републикава, Владата ан Република Македонија да ни доставува мислење и нови измени и дополнувања на овој закон во склад со таквата состојба тоа да биде се со цел само за позитивно решавање на проблемот на девизните штедни влогови т.е. на граѓаните штедачи во Македонија. Незнам, колку е тоа можно, тоа е едно мое размислување, значи како што ќе се одвива економската состојба во Републиката во таков стил и во таков дух да се менува овој закон во позитивна смисла за девизните штедачи. Исто така,

спомнав на почетокот дека второто прашање што е вметнато со овој проблем на девизните штедни влогови се и непотребните игри на Владата околу некои кадровски проблеми. Јас господа пратеници ве уверувам а и до нашата јавност често ја злоупотребуваме, навистина на овој народ откога влеговме во овој парламент им понудивме доста работи. Му понудивме и војна, му понудивме и политички партии, и лаги, му понудивме и подобро утре со најразлични програми, му понудивме разни измислени политички игри како што беа со "Јака" Радовиш, како што беа на други места во Македонија, а сега веќе му измислуваме уште еден нов случај и таман работата беше да навлезе во една друга ескалација, да дојде до несакани последици па да ја видиме и другата димензија на овој проблем. Сакам да кажам дека навистина ние не покажавме доволно политичка мудрост и зрелост, а особено како Влада на некои членови кои сакаа низ тие политички игри да се пресметаат со одредени луѓе навистина им сугерирам од оваа говорница да не ги мешаат прстите таму каде што не им е работа, ако не јас мислам дека ќе дојде до некои нови расчистувања во оваа Република или пак ако не сакаат на таков начин бидејќи имаат јаки и дебели врски, а да не речам дури и мафијашки работи тогаш со време н^ка си одат од Владата и нека не го манипулираат овој наш девизен штедач и девизен граѓанин затоа што навистина проблемот е дојден до таков степен и загреан и толку луѓето се исцрпени што штрајкуваат и психологијата на трпението е до тој степен дојдено што навистина ќе се изгуби секаква мерка и може да дојде до несакани последици. Затоа ја молам Владата да си ги тргне прстите оттаму од кај што не и е работа, нека работи за тоа што е компетентна, ако е воопшто компетентна, а јас мислам дека досега се покажа дека не е компетентна туку конвенционално компетентна Влада

имаме ние и таа Влада за жал како што е избрана со благослов на претседателот мислам дека досега е испод сите критериуми. Иако вака се продолжи јас брзо прогнозирам дека не само Владата туку и овој парламент ќе си оди одовде со еден ваков неодговорен однос и со вакви политички манипулации и со недозволени средства. Наместо ние да ги чистиме работите, наместо ние да ја смалуваме тензијата во Републиката и да им даваме еден мир на граѓаните и да ги решаваме работите на позитивен начин, без трауми, без последици ние се вклучуваме во поновни авантури кои не и носат добро на оваа држава и на овој народ.

Јас навистина одзедов може би и повеќе време, благодарам за трпението, и се надевам дека Владата со овие мои предлози што јас ги дадов по првата точка дека ќе излезе со една таква анализа и еднаш во оваа Македонија мора да се најде за одрадени состојби виновник, мора да има виновник, не може да нема виновници во оваа држава.

**АЛЕКСАНДАР ГЕПТАКОВСКИ:**

Јас упаднав согласно деловникот и би сакал да го истакнам следното: поделени се повеќе соопштенија сигурно од заинтересирани штедачи и едно беше идентификуван или непотпишан односно неразбран потпис во кој се тврди нешто кое што јас целосно го отфрлам и го демантирам во точка 8 дека сум изрекол нешто во однос на оваа девизна штедња. Јас не сум разговарал односно не побарав збор ни дискутирав ни на комисии, кој тврди, бидејќи ви е поделено морам да го демантирам, кој мисли дека сум го изрекол тоа нека повели нека го докаже, јас носам целосна одговорност.

IV/5.-

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван господине претседтеле, почитувани дами и господа пратеници. Имаме навидум една нова состојба во нашава Република Македонија, велам навидум нова состојба заради тоа што сме заборавиле дека овој проблем не е сегашен, дискутираме за една многу сериозна материја, првин рековме ќе гиземеме девизите па сега дека ќе ги. вратиме во денарска противвредност за 100 германски марки, меѓутоа мора јавноста да знае, мора народот македонски и дуњава цела, целиот свет да знае дека овој проблем е многу стар, дека ние 10-тина, 12-тина години само паѓаме во амбис и како заедница тогаш на Југославија сега уште повеќе како Македонија, дека нашиот општествен производ е во рапидно опаѓање, дека ние немаме покритие, за овие девизни штедни влогови и динерски штедни влогови, дека нас не мачи една огромна инфлација, перфектен дефлационен коефициент кога би рекле дека по крајот на годината ќе ги вратиме овие средства на незнам кого, на штедачите, со еден збор паднавме во еден голем амбис и има тежнение односно сите податоци покажуваат дека тој амбис ќе биде се поголем и поголем.

Сакам да ги потсетам нашите стопанственици, нашите раководители да речам од пред година,две,три, десет и петнаесет години дека еден најголем дел од нашите девизни штедни влогови па и други девизни средства ги потрошивме и го трошевме тогаш и покрај тоа што е веќе кажано за инфраструктурата, инфраструктурните проблеми и за стари машини, увезени стари машини и додека нашиот комшија од запад измисли нова технологија и отиде на компјутеризација и роботизација ние ги земавме тие стари машини ги препарираме овдека, ги ставивме кај нас во процес на производство, се разбира ако се гледа економичноста, штедењето, капацитет, продуктивност, не можеме да се мериме со запад

така да од ден на ден измислувавме и други начини како да ги амортизираме тие лоши состојби. Еднаш пред шест седум години измисливме и закон за ревалоризација на амортизацијата и на потрошените средства па фиктивно добивавме на крај во деловен фонд по основ на ревалоризација на трошоците и на амортизацијата некои големи износи кои што претставуваа само цифри, а не и средства на видело . Мораме да знаеме дека сме биле да речам селско стопанска земја, сакавме да се модернизирваме, сакавме улици, сакавме патишта, сакавме магистрали и така натаму се задолживме од странство од меѓународна банка за обнова и развој и од други финансиски институции така да грч дојде некаде 1980 година кога почина маршал Тито, од целиот свет се бараше да се види што е тоа Југославија, што е во Република Македонија, кој колку е должен . Не знаевме просто на кого сме му должни. По три години напорна работа на Крајгеровата комисија дојдовме до заклучок колку сме должни, според- тоа и Македонија колку има долг и ние денеска се фаќаме за глава што е тоа една милијарда и сто милиони долари, што е тоа 1 милијарда девизен долг према штедачите и каде се тие пари.

Навистина мислам дека Владата односно банките треба да направат еден список макар да е тоа проформа, да направат список каде се инвестирани тие средства. Јас знам дека има доста ра.ботни организации кој што користеа такви кредити, девизни кредити и дека тие и денес работат добро, тие ги отплатиле свои те долгови, меѓутоа знам и такви фабрики да речеме политички фабрики или трошење на средства што не морало баш да биде така, па да се напише и тоа, кумувањето, кој бил кумот, и тн. народот нека знае од тоа нема да има ништо штета, меѓутоа, сите ќе знаеме зошто тоа било така направено.

Денеска се поставува едно прашање од еден маркетинг, јас морам тоа да го кажам и овде, а и преку информациите и соопштението на одредени политички партии кои што алудираат на ова прашање како да се реши и го наоѓаат "кобајаги" виновникот, како да не се оптоварува оваа година овој буџет, па другите буџети па тоа ќе биде на товар на народот, па на чив товар тоа ќе биде, се разбира на товарот на македонскиот народ, на товар на оваа Република. Не можеме да им речеме на американците ајде на ваш товар ќе биде ова зошто вие го направивте ова, тоа ќе биде на наш товар, ќе биде товар на нашите внучиња, сигурно и тие ќе носат дел од товарот. заради тоа ние рековме, за бога луѓе ние создаваме наша самостојна Република Македонија, ние знаевме дека нашите капацитети се за никаде ние знаевме дека навидум не можеме да издржавме половина граница, а камоли четири граници, се тоа пари, треба полиција, треба развој, треба обезбедување, оваа социјална тензија која што е голема и што ќе расне и понатаму за неа требаат повеќе април, требаат средства од буџетот, ние пратениците во ова Собрание ние во овој временски период после нова година многу се ангажиравме за ослободување од даноци и придонеси, на аграрот , на земјоделците, на незнам кои други бранши и области итн. ако се сеќавате одевме пред народот, да гласа народот, и рековме дека ќе се избориме давачките по сите основи да не бидат поголеми од 35, тука од 30 до 35 се друго да остане кај производителот, да остане кај народот и сигурно заборавивме дека создаваме една држава каде што треба да почнеме ново на ново, од почеток. Спротивно на тоа даноците и придонесите од доходот и од личните доходи и од услугите итн., се зголемија иако овде еден добар дел од вас предлага овде ослободување, после тоа кога го усвојувавме буџетот, предлогот на

IV/8.-

Владата односно на министерот за финансии, ние овде повеќе се ангажираме што да земеме повеќе од буџетот, значи од една страна не сакаме да дадеме, а од друга страна што повеќе да земеме да градиме патишта, па градиме магистрали и да направиме уште што не, па тие нестопански инвестиции па дури сега кога ќе почне процесот на гасификација на Република Македонија, знаете кој ќе го плати, таму треба девизи, ние народот, на народот мора да му кажеме дека ние тоа мора да го платиме, ние ќе имаме можност тоа да го платиме само ако настане пресврт во нашето однесување односно нашето производство да го зголемиме за многу пати, дисциплината да ја зголемиме за многу пати, штедењето за многупати, значи за се ова треба, еве чекаме под тоа се криеме малку признавањето на Република Македонија, а сигурно тоа е еден голем елемент во нашето однесување признавањето и финансиската помош било повратна било неповратна, дали тоа ќе биде онаа програма што се разгледуваше во Гевгелија, да не го кажам името има нешто неповратно, нешто повратно со мали камати дали Меѓународната банка за обнова и развој дали други финансиски институции од Европа, но тука голема улога голема задача игра признавањето на Република Македонија. Меѓутоа сега се поставува прашањето што ако тоа признавање се одолговлечува малку повеќе, а дали ќе биде 27 или 28, дали ќе биде септември, луѓе треба да се живее, или ќе дигнеме раце ајде умираме. Дали Владата, дали нашето раководство дали ние имаме некоја алтернатива колку што слушам, колку што гледам ние не понудивме алтернативно решение тоа е она што нас ни недостасува и дали има сега да употребам еден збор бабачко да рече јас имам своја програма за Република Македонија но сакам да ме слушате сите, за да излеземе од овој ќор-сокак ние ќе работиме на икс други начини, има ли таков некој. Јас

мислам дека има, се надевам дека има, меѓутоа изгледа тоа некој, го крие себе си. Кога ќе дојде тој на оваа говорница овде да седне односно да седне во Валтата во својство на претседател на Република, на Владата итн., па може би ќе има некој предлог за алтернација, но засега останува проблемот нерешен. Мислам дека неосновано е од оваа говорница да критикуваме колку за критика, тоа не чини. Ние сите што се овде, се извинувам ако некој бил добар стопанственик и работник, ние не сме се однесувале добро во процесот на производството таму каде што работиме, па и ние сме учествувале во создавањето на тие лоши работи, на неликвидноста во стопанството.

V/1.-JJ/МЛ

**ФАИК АБДИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Ние сме големи увозници на суровини, дали знаете? Малку извезуваме. Ние немаме којзнае каков голем ќар. Ние не постигнуваме нето доход во извоз. Немаме такво нешто. Треба да се избориме. Да кажеме оваа платежна состојба со Србија, односно со Сојузна Република Југославија, само што донесовме Закон за рано градинарски- те производи за нивни пласман таму, вчера или завчера на вести кажаа од Прилеп и Битола, работниците биле отпуштени. Зошто? Затоа што нема пласман нема каде, односно одлуката на Советот за безбедност на Обединетите нации кажа дека ќе ги елиминираме соседите од- носно ќе ги натераме да седнат на преговарачка маса. Дали денес или утре ќе се јави некоја друга фабрика да ги отпушти работниците, затоа што нема пласман. Значи на некој начин од сите страни Горѓи сардисан.

Сега да земеме со банките. Дали банките се криви. На Запад, еден од колегите овде кажа ако банката не работи добро, оди под стечај односно банкрот. Газдата ќе се фрли од прозор долу или пиштолот итн. Кој овде да банкротира? Кој е газдата? Ние сме во таа фаза на преструктуирање што трае многу долго и не може да се направат брзи резови, па или не сме спремни или не сакаме да ја пуштиме пазарната економија. Кога ќе ја пуштиме пазарната економија, нема тогаш фајде од големи политичари, тогаш економијата е важна. Економијата е таа која се ќе диктира. Меѓутоа, реално гледано се- га состојбата е ваква. Пред малку добивме некое писмо, сигурно тоа е од штедачите. Мислам дека тоа е нивно право и имаат право да го бараа тоа, но ние имаме право како Парламент, па и обврска да ба- раме од нашата Влада и од раководството на Македонија што побргу да се покрене иницијатива за делбен биланс меѓу републиките на бивша Југославија. Што е делбен биланс се знае, не треба објаснување. Треба да

се види кој на кого борчува. Дали има нешто од тие заеднички вложувања, да земе и оваа сиромашна Македонија. Ако нема да се знае. Дали останало нешто дали има нешто, а ако нема, нема. Да- ли и тука ќе треба да се замеша и економијата од светот. А сигурно ќе дојде до такво нешто.

Дали Република Македонија може да распише јавен долг? Дали она што го предлагаат штедачите веќе претставува долг на Република Македонија? Да, претставува долг на Република Македонија. Дајте да се обезбеди преку Буџетот. Од каде од друго место. Сигурно само преку Буџетот. Меѓутоа, потребно е ангажирање на Владата и сите ние што сме стопанственици, да дадеме многу поголемо ангажирање од досега затоа што буквално ова е пропаѓање. Алтернатива нема. Некој бара да се смени името и презимето. Некој нешто друго бара. Утре сигурно нешто некој трето ќе бара. Тоа е уште полошо. Меѓутоа ова е држава и мора да се одржиме. На било кој начин мора да најдеме излез.

Јас се согласувам со предлозите на штедачите за таа противдинарска противвредност, треба да им се овозможи пристап во стопанството. Сето тоа како ќе го обликуваме ние, преку Буџетот или преку други форми, пак овде ќе разговараме. Тоа е многу тешка ситуација. Се оптоваруваме самите и нив ќе ги оптовариме. Тие ќе бидат оптоварени, ќе вршат некоја стопанска дејност и ќе плаќаат даноци. И сите ќе плаќаме.

Според тоа мислам дека е најдобро ова што е како најново дојдено а Парламентот има голема обврска спрема тие штедачи и треба да се сложи претседателот да направиме една пауза, Владата да ги погледне тие предлози и да се излезе овде со еден список во смисла ова прифаќаме, тоа значи тоа и тоа и тоа, а ова не го прифаќаме

V/3.-

заради икс, икс причини. Јас мислам дека тука негде се крие решението, во тие нивни предлози. Тие се многу издржани. Луѓето го ба- раат она што е нивно, свое. Сигурно притоа изјавуваат дека се добри Македонци, дека се во Македонија и за неа, сите ние сме за Македонија но кога веќе нема живот, знаете како рекле старите смртта е последна кога нема слобода. Кога нема лепче ќе мора да се најде чаре и на овој начин. Благодарам на вниманието и мислам дека не треба да се потцени барањето на штедачите зашто тие имаат добри предлози и тоа треба да биде основа во текот на расправата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Петар Ѓорѓиев.

**ПЕТАР ЃОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Разгледувајќи го на денешната седница Предлогот на законот предложен од страна на Владата за обезбедување на денарски средства за исплата по основ на депонираните девизни штедни влогови, сметам дека е само еден дел од тоа што е проблем што досега веќе е истакнуван од повеќе пратеници во расправата.

Проблемот за обезбедување на денарски средства само може да ја ублажи состојбата во однос на девизните штедни влогови. Реформски сили - Либерална партија смета дека овој проблем е од пошироко значење и треба на него да му се посвети далеку поголемо внимание и да се прошират мерките што треба да се превземаат за надминување на состојбата со девизните штедни влогови.

Го оправдуваме револтот што граѓаните од Република Македонија го изразија и го изразуваат по однос на третманот за нивните девизни штедни

влогови од страна на сега веќе постојниот Закон за алиментирање на девизните штедни влогови, затоа што постојниот за- кон за преземање на депонираните девизни штедни влогови, донесен од ова Собрание сметам дека по кратка постапка и многу набрзина без да се согледаат вкупните ефекти што ќе ги предизвика спроведувањето на овој закон, создаде простор за конфузија. Сметам дека тој закон предизвика една ваква состојба што денеска ја имаме со штедачите по однос на нивните права од девизните штедни влогови. Девизните штедачи се ставени во понерамноправна положба пред другите граѓани што имаат депозиции во денарска сега домашна валута. Не е регулирано правото за можноста за користење на девизните штедни влогови, односно дел од нив за потребите и тоа на најелементарните, најегзенстецијални потреби и други потреби што на граѓаните како штедачи им е овозможено во сите системи на уредување на односите, па и во нашата Република.

Заради елиминирање на било каква недоверба во поглед на гаранцијата за правата на граѓаните што имаат девизни штетни влогови, независно како тие облигациони односи се поставени на релација Народна банка на Македонија, Народна банка на бивша Југославија и односот на структурата на самите влогови, сметам дека мора да се донесе ден јасен заклучок, дали тоа ќе биде заклучок или декларација или друг акт дека Република Македонија е гарант на депонираните девизни влогови. Граѓаните што штеделе, посебно девизи да бидат во поповолна положба од граѓаните, односно да бидат задоволни од граѓаните кои што воопшто не штеделе.

Понудениот Предлог на закон за обезбедување на денарски средства за алиментирање на депонираните девизни влогови не ја содржи основната одредба дека Република Македонија ја презема од поранешната

V/5.-

Југославија гаранцијата за депонираните девизни влогови, со што ќе се елиминираат сите инсинуации што и во расправата сега се потврдија дека државата ги ограби штедачите. Со таква одредба сметам дека кај граѓаните ќе се врати довербата, односно ќе се потврди дека сепак државата е гарант на нивните штедни влогови и нема воопшто дилема дека нивните штедни влогови се под гаранција на државата. Денеска ние расправаме за мерките што треба да се преземат на начинот на поседувањето и користењето на тие штедни влогови, поради тоа што и од досегашната расправа и од извештаите на работни- те тела, може да се заклучи дека овој понуден закон е неприфатлив и за банките кои кажуваат дека не располагаат со доволно средства за алиментирање на девизните штедни влогови, а исто така и државата спроведувајќи ја сега, посебно сега Владата, Антиинфлационата програма не е во можност тие штедни влогови да ги претвори во денарски средства што ќе се користат и да можат граѓаните да ги користат. Од тука произлегува и заклучокот да се изврши целосна анализа на што беше овде и укажано од повеќе дискутанти, и законот да се донесе во една редовна постапка,а не на брзина како што и се предлага да биде по скратена постапка, заради тоа што и со донесувањето на овој закон, пак ќе се создаде простор истиот да не се спроведува и повторно штедачите на еден одреден начин да реагираат заради тоа што донесениот закон не ќе биде во можност и да се спроведе.

Според мене би требало да се најде начин во делот на периодот кога ќе се води постапката за донесување на законот за обезбедување на средства за алиментирање на девизните штедни влогови, да се обезбеди можност по основ на одредени барања на штедачите, а сега за мене веќе и прифатливо барањето што е поднесено од штедачите, вие го имате добиено пред самата седница, во делот на обезбедувањето на дел од средствата на штедни влогови за задоволуваше пред се на

егзистенцијалните потреби, а воедно и задоволување на правичноста во делот на самите вложувачи по однос на износите што ги имаат како штедни влогови. Барањата се во делот на висината на средствата на вложувањата, мислам се подносливи и може во рамките на тие барања сега да се направи една анализа и квантификации што треба да се преземат и како и на кој начин да се изградат критериуми, а при- тоа на одреден начин да се задоволат барањата на штедачите, кои што според мене се прифатливи, и во рамките на тие барања да се бараат можни решенија.

Поаѓајќи од обврската на Собранието на Република Македонија како највисок законодавен орган, мора да се добијат податоци, според мене за структурата на девизните штедачи, за депонирани девизни влогови на штедачи повратници од странство и депонирани девизни влогови од граѓани кои што ги купувале девизите на одреден начин во услови кога можеа да се купат девизите и ги вложуваа во банка. Овие податоци сигурно ќе ни бидат од корист во делот на мерките што ќе се преземат заради соодветни мерки во делот на алиментирањето.

Второ, структура на влоговите по вложувачи заради предлагање на соодветни решенија. Има сознание дека има голема концентрација на големи штедни влогови во одделни штедачи, јас процентот точно не го знам, но во секој случај со едно такво согледување ќе може да се добијат податоци заради тоа што соодветни мерки во делот на тоа што јас на крајот ќе го предложам како посебна мерка, би можело да се преземаат за одредени штедачи кои што имаат големи штедни влогови и за нив ќе треба сигурно да се обезбедат соодветни решенија.

Да се обезбеди соодветен одговор за депонирање на девизни штедни влогови во Народната банка на Југославија бидејќи имаме еден податок кој што податок го оспоруваат банките како ефектива и како проформно

депонирање. Ние имаме податок дека 93% од вкупните девизни штедни влогови се во Републиката потрошени, а банките досега барем го немаат тоа демантирано, а тоа е податок во образложението што го добивме од Владата. Се поставува прашање дали се користени динарските средства како противвредност на девизи и во кој обем. Банките тврдат едно, дека такви средства не се користени, а од образложението може да се види дека девизните депозити се користени во вид на динарска противвредност и истите се давани, односно се во потенцијалот на банката и се пласирани кај комитентите.

Трето, согледување на структурата на побарувањата на банките од поголемите должници. Ова посебно го потенцирам од причина што има сознание дека поголемите должници со години кај банката се само должници а со тоа и потврдувам дека никаде на друго место не можат да бидат прелеани средствата, туку само кај должниците. И тоа должници што сега се затекнати и должници кои што порано користеле кредити од банката. Со тоа сакам да укажам дека можат да одат решенијата во два правца, да се бараат решенијата во досегашните должници, и да се бараат решенија и во поранешните должници. Ние добро знаеме дека во периодот од 1970 до 1980 година колку се средства за повеќе намени се користени и какви не поволности се остварени од тие средства. Незнам колку ние ќе имаме уставен основ тоа да го направиме за старите должници. Меѓутоа сегашните должници мора да бидат ставени во функција на делот на изнаоѓање на решенија за алиментирање на обврските што ги имаме пред девизните штедачи.

Доколку во одговорите на овие прашања се потврди дека 80% од вкупните средства во заштеди се концентрирани во 5% од штедачите, решенијата мора да се бараат во рамките на банките и тоа кај должниците на банките. Не треба воопшто да се чека Законот за трансформација како

што беше и укажано во некои од расправите, посебно разговорот што е воден со потпретседателот на Собранието Киро Поповски, каде што се упатува на исчекување на Законот за трансформација, туку сметам дека би требало да се пристапи и тоа веднаш по регистрирањето на должниците, зашто колку мене ми е познато должниците на банката со стапувањето во сила на новиот Закон за банките извршија интабулации, односно хипотека на вкупната имовина на должниците. Ако средствата се кај должниците, сметам дека би требало банките во рамките на законските прописи да извршат пренос на интабулацијата односно хипотеката кај одредени девизни штедачи, кои што на одреден начин ќе покажат интерес за преземање на такви гаранции кои што сигурно им обезбедуваат една целосна гаранција на девизниот штеден влог, поради тоа што интабулацијата се заштитени правата, независно од тоа каква е судбината на организацијата, од- носно стопанскиот субјект. Со тоа сигурно ќе се обезбеди и еден простор да се разговара, односно простор во кој ќе може поголемите девизни штедачи со нив да се разговара и на извесен начин да им се обезбеди една сигурна гаранција за нивните штедни влогови, а со самото тоа и простор за алиментирање на штедните влогови. Зошто во варијантите што ќе бидат понудени не се одреди еден дел од штедачи- те кои што имаат под штедни влогови да се пренесат на правата по пат на интабулација и тоа сигурно да се уреди со посебен закон.

Вториот дел од обврските сметам дека би требало да биде предмет на расправа во Собранието. Само оној вториот дел, а тоа на одреден начин е и во барањата овде искажано, на одреден начин да се обезбедат средства само за овие најнеопходни потреби на граѓаните, а останатиот дел сигурно ќе оди во една законска процедура која што би требало да биде и гаранција на граѓаните - штедачи за нивните штедни влогови.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:** (продолжение)

По однос на изворите на средства, покрај ова што го споманв јас, сметам дека би требало да се вклучат и средствата што можат да се остварат од продажба на државниот имот. Ако на одреден начин низ ваков начин на алиментирање не се опфатат и средствата од продажба на државниот имот, сметам дека би биле ставени во нерамноправна положба самите штедачи. Тука пред се мислам на државните станови и државниот имот.

Примарната емисија, би требало, да се вклучи само во делот на обезбедување на средства за надокнада на дневните потреби на штедачите и тоа во согласност со барањата кои се поднесени овде. Со ова мислам дека ќе се обезбеди парите кои се прелеани кај должниците на банката на одреден начин посебно се ставаат во функција на алиментирање на самите должници.

На крајот сметам дека би требало Законот да се донесе во редовна постапка, а во рамките на тоа да се согледаат сите предлози што ќе произлезат од сегашната расправа и од така извлечените предлози се обезбеди целосна алиментација на девизните заштеди на граѓаните на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Тодор димов.

**ТОДОР ДИМОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Во интерес на времето, бидејќи имаше доста дискусии во врска со овој Закон, ќе бидам сосема краток.

VI/2.-

Вие знаете дека на 26 април во пакетот на мерките донесовме еден закон за девизните заштеди во антиинфлационата програма., Веднаш по донесувањето на Законот се јавија реагирања кај штедачите, поради што Владата беше принудена на 12 мај да предложи Закон по итна постапка за разрешавање на овие проблеми.

Не би сакал да ги наведувам конкретните одредби кои го регулираат првиот закон, бидејќи пратеникот Гошев ги елаборираше одредбите на тој Закон и на новиот Закон, па сметам дека и на Комисијата на неколку наврати расправавме и тоа на две седници заедно со Комисијата за економска политика и развој и оценивме овој Закон кон беше понуден од Владата во првобитниот текст по итна постапка да не оди, туку да оди по редовна постапка се со цел не да не ги разрешуваме овие проблеми кои настанаа со девизните заштети, туку да се изнајдат реални извори и да може да егзистира Законот и постепено да ги разрешува овие проблеми.

Проблемите кои настанаа со девизните заштеди се најтешки и најчувствителни во нашата Република. Доста од дискутантите Дискутираа во врска со разрешувањето на овие проблеми и мое мислење е дека овој проблем не можеме тукутака по итна постапка да го решиме, потребни се две фази имаше предлози од неколку пратеници прво да се предвидат краткорочни мерки кои ќе ги разрешуваат нај итните потреби и со долгорочно решение.

Исто така, овде од оваа говорница од поодделни пратеници а и надвор од ова Собрание од поединци и групи заради ситни политички поени се изнесуваа невистини со кои девизните штедачи уште повеќе се револтираа. Сведоци сме, во последно време, во Печатот и Телевизијата тоа е посебно во Битола и Прилеп а сега и Охрид во целост ги оправдувам

и сметам и ја користам оваа говорница да повикам на едно единство и правилно и реално информирање на нашите штедачи, бидејќи работам најдиректно на девизните заштеди секојдневно контактирам со девизните штедачи и кога правилно се информираат и им, се каже реалната состојба на Република Македонија и реалните можности за разрешување на овој проблем, мислам дека до сега во сите контакти сум наидувал на разбирање и сакам еве пред оваа говорница беше истакнато дека вработените во банките ги подигнале своите девизни заштеди. Јас најодговорно тврдам, бидејќи сум вработен таму, и одговорен на динарската и девизната заштеда, еден сум од тие што има девизна заштеда, сум имал можност по наследните законски прописи да ја подигна, но не сум ја подигнал верувам во оваа Република дека може да го разреши овој проблем со девизната заштеда и секогаш кога имало револт од штедачите кога сум ја покажувал мојата девизна книшка дека сум тој кој не сум Ги подигнал, сум наидувал на разбирање и тие револни постепено пласнувале кај штедачите и затоа апелирам да бидеме реални во своето излагање да му ја кажеме можноста да изнајдеме реални извори и да донесеме закон по редовна постапка кој ќе биде издржан и реално справедлив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, стално сите си зборуваме и си кажуваме по нешто ќе се изназбориме и на крај ништо конкретно ниту нудиме, ниту решаваме.

Јас се залагам да ја почитуваме институцијата на одговорност и да кажеме еднаш со име и презиме кои се тие што се виновни што се отидени заштедите на нашите граѓани. Бидејќи и јас сум еден од тие што штеделе и верувале на нашите банки конкретно на стопанска банка и ни отишле заштедите. Дали е оваа Влада сега, дали стариот Извршен совет, дали директорите на банките дајте да кажеме Владата нека изготви една информација, една издржана информација со конкретни показатели со имиња и презимиња за да знаеме на кого да му ја товариме одговорноста. Дали грешката е во системаката поставеност на банките за што знаеме дека ние сме единствена држава во светот каде доверителите се тие што управуваат со банките така што сега ќе кажам пример дали е директор на "Тетекс",на "ЕМО" тие луѓе седат во раководството на банките, а со цел да се смири социјален бункт иако немаат остварено профит или добивка, банката им дава пари за да ја спушти тензијата кај вработените и така и банката се уништува и фирмите.

Исто така, предлагам Владата да изготви една вистинка информација за тоа бидејќи кружат гласини дека 93% од заштедите се потрошени од нашите банки, а само 7% се од централата во Белград, Народната банка на Бивша Југославија, се манипулира со тие податоци и барам да ми се достави вистинска информација за тоа затоа што до вчера не убедуваа дека НБЈ била таа што Ги изела Македонските девизи, а сега почнуваат други работи информации да се пуштаат во игра. Доколку е точно дека 9 3% како што се манипулира со оваа бројка од заштедите на граѓаните се потрошени од македонските банки, тогаш барам информација од Владата за тоа кој ги користел тие пари, како се користени, на која работна организација се давани, кои се тие директори од банките што давале, за да

бидеме запознаени, да знаеме кој раководи со нашите банки. Сите знаме кредитот што го давала до сега банката дали бил динарски или девизен бил подарок.

Да бидам краток како да се излезе од оваа ситуација. По таа Информација што ќе ни ја даде Владата јас се надевам , сите добро знаме дека нема девизи во нашите банки, овие луѓе нека имаат приоритет како во купување при трансформација на општествени фирми поготово на тие фирми што земале повластени кредити од банкие^, итно распуштање на СИЗ-овите кои сеуште ги држиме постои нивниот имот, а вработените од СИЗ-овите ги вработуваме во министерствата на Владата и со тоа уште повеќе оваа Влада ја зголемува администрацијата во Републиката. Предлагам имотот на СИЗ-овите под итно да се даде на лицитација и прв приоритет за купување да имаат граѓаните со заробени девизи. Исто така и со општествените станови, деловните простории приоритет да имаат овие граѓани.

Она што се кажува и се нуди дека обесштетувањето ќе се врши со исплата на денари или на било што тоа е само еден вид на легализација на овој грабеж. Граѓани кои ставале марки, долари во банките да им се нудат денари во противвредност отпечатени во Прилеп, тоа е само легализирање на овој грабеж.

Се манипулира и сот тоа дека поедини работни организации во Македонија во странство располагаат со 400 илјади долари така барем на еден лист што ми беше даден,пишува. Ме интересира Владата да ми даде одговор дали е вистина или не, и ако е кои се тие работни организации.

VI/6.-

Исто така сакам Владата да ми одговори дали е вистина дека поедини пратеници овде во Парламентот и министри во Владата Си ги имаат подигнато своите девизи од банка и ако ги има да ни се каже по име и презиме кои се тие.

На крај, не ми е јасно зошто Република Македонија со ова што се нуди се зазема да ја преземе обврската да ги враќа девизите на граѓаните кои штеделе во други банки од бивша Југославија со експозитури овде во Македонија кога знаеме дека тие девизи се отидени, не е битно дали во Србија, Хрватска или Словенија. Овој лист што ни е даден од штедачите ќе прочитам 4 нивни барања кои апсолутно ги поддржувам и ги преземам како мои.

Прво, под итно да се изгласа закон за сите политички функционери и директори да не смеат да имаат девизни средства во странство се додека се на таа функција и една година по завршувањето на истата.

Исто така, работните организации кои имаат девизи во странство да ги вратат назад, под итно.

Второ, да се изврши попис каде оделе средствата на штедачите , кој ги потпишувал документите, бидејќи Македонија е мала тоа да биде направено сепаратно за секоја банка и лично да се изврши увид на секој генерален директор на банките, па и шефовите како и сите оние функционери кои непосредно управувале со средствата и се потпишувале на документите. Да видиме колку јалови инвестиции направиле да се повикаат на одговорност и доколку имаат грешки да се отпуштат од функциите и да се постапи по Законот.

VI/7.-

Трето, да се даде објаснување како е можно банките да даваат кредити со загуби и кои ги потпишувал таквите кредити било да се работи за станови или работни организации, од каде ги дополнуваат изгубените средства.

Четврто, да се даде појаснување на појавата во последно време што се случува различни станови односно како е можно да бидат распродавани преку СИЗ-овите за илјада до пет илјади ДМ и до каде се дополнувале изгубените средства.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Наќе Стојановски:

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници.

По волку дискусии од минатиот ден и до денеска што се водат за овој проблем слушнавме прилично стручни мислења, слушавме емоцилани забелешки, слушавме пратенички приоди, маркетиншки, штедачки од оваа говорница под тензија сме две недели, имаме штрајкувачи во неколку стручни банки во банкарскиот систем и деловниот систем на Република Македонија, а слушнавме и видовме неколку Предлог - решенија на предлагачот на Владата на Република Македонија и пред нас и пред јавноста во јавните гласила некој на линија на отворање на проблемот, некој на линија на замаглување на проблемот и до овој момент. сме на некое почетно или појдовно исходите што јас лично покрај целокупната расправа следејќи ја и сите овие субјекти што се вклучени на некој начин, во разрешување на проблемот дека сум далеку од тоа дека ќе ја постигнеме некакво задоволително решение барем во догледниот период.

Тоа го кажувам свесен и за одговорноста што ја носам како пратеник на дел од бирачи кој се наоѓаат во оваа ситуација и се чувствуваат како изиграни од сопствената дражва во која Живеат во крајна линија вложувајќи ги своите средства и стапувајќи во еден деловен облигационен однос со банката како субјект во последниот момент кога одлучуваат да Ги вложат своите средства веруваа дека зад тоа стои државата таа бивша како гарант што беше, а и оваа нова експлицитно ја презеде гаранцијата од таа бивша држава, ова го нагласувам од причини што овде беа истакнати стојалишта дека треба нужно во членот 1 или во друг нормативен облик да се нагласи дека оваа држава трајно ќе гарантира.

За мене тоа прашање, барем од правен приод е решено со Уставниот закон за спроведување на Уставот што Република Македонија ги презеде со Сите права и обврски од старата држава. Спрема тоа и гаранцијата за девизното штедење и во тој поглед не постои ни минимум двоумење или размисла дека постои правна празнина или некоја не обврска за државата, на Република Македонија, тоа лесно може да се види од одредбите од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија.

Исто така, зборувајќи на оваа тема сум под неколку хипотеки, прво под хипотеката дека можат да се кажат некои работи за кои всушност немаме доволно информација ни приближно минимум информација за проблематиката за која расправаме ние како пратеници.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:** (продолжение)

Јас се согласувам со добар дел од дискутантите дека ни фалат елементарни информации за целокупната проблематика за девизното штедење во Републиката и располагање со девизните штедни влогови во Републиката. При еден таков приод заробеници сме на разни манипулации, дезинформации итн. Пратеници кои треба да го дадат својот глас за ваквото или онаквото краткорочно и долгорочно решение што го нуди предлагачот, а камоли за тоа творечки да се при- донесе во разрешувањето на проблематиката од девизното штедење со наш активен приод, со амандмански приод во разрешувањето на овој проблем. Оттаму, се придружувам кон сите оние што предлагаа овде нужно и обавезно предлагачот да ни достави целосна информација што е можно во сегашниот момент за да ние барем квалифицирано одлучуваме, колку што можеме и да се запази уставната одредба дека треба да одлучуваме по сопствената совест како пратеници. Јас тврдам дека ни еден пратеник овде не може да дигне рака за вакво или онакво решение врз база на овие податоци со кои овде се располага, исклучиво што слушнав од г-динот Петар Георгиев некои податоци кои веројатно можат да бидат точни, а кои нас до овој момент не ни се достапни. Морам јавно да кажам, не заради сопствениот совеснички приод во однос на давањето на сопствениот глас за ова или она решение, туку и заради мојот однос спрема штедачите од мојата изборна единица кои го бараат тоа, како и да им се дадат реални точни објаснувања што се се случувало со нивното девизно штедење и приодот кон тоа прашање. Мислам дека предлагачот ни должи едно такво решение, и не требаше да дозволи да дојдеме во ваква расправа без да ни понуди показатели за кои ќе можевме поквалифицирано да расправата. Тоа е првата хипотека што ја чувствувам.

Втората хипотека што ја чувствувам е хипотеката дека јас од овде зборувам како дел говорници што кажаа и како штедач на Стопанска банка - Основна банка - Битола. Мојот директор од основната банка Битола ми е колега и веројатно ќе има нешто да каже од оваа говорница по оваа проблематика. Јас сум хендикепиран во однос на него како пратеник затоа што верувам дека по оваа проблематика би имал многу повеќе да каже. Јас го молам како штедач да повели на оваа говорница и онолку колку што го познава проблемот да придонесе во расправата за разрешување на оваа проблематика.

Од повеќе дискутанти, скоро од сите беше потенцирана сериозноста на проблематиката која се расправа денес во овој Парламент. Мислам дека димензијата на сериозноста на проблематиката тешко ќе можеме да ја почувствуваме, иако ја искажуваме од оваа говорница, барем денес во рамки во кои се закануваа таа да биде долгорочно сериозна, и погубно сериозна, пред се за државата, за Република Македонија. Тоа е моето чувство. Оттаму нашата одговорност спрема ваквата проблематика треба да биде на едно високо ниво и приговарам на оние колеги пратеници што расправајќи минатиот пат по оваа проблематика по однос на прекинувањето на седницата кога се јавуваа дискутанти за расправа по оваа проблематика, дел од пратениците реагираа и рекоа: "не потреба, ние разговараме само за Предлог на закон" , што за мене зборуваше дека нема доволна свест за сериозноста на овој проблем. Ако ние целосно бдееме над судбината на нашата државност на новата Република, од аспект на меѓународно признание на нејзиниот суверенитет, мислам дека основната дежурна база што треба да биде на таа држава за која лежи судбината во наши раце овде да ја разрешуваме. Ако на адекватен начин ние ја изгубиме

довербата на граѓаните на сопствената држава, врз која почива целокупниот однос на штедачите спрема банката, ние нема што да бараме понатаму да ја надградуваме оваа држава како самостојна, како суверена. Тоа е мое мислење.

Ако се изгуби основниот однос на граѓаните спрема институциите во системот, спрема власта во системот во крајна линија, затоа што тука јас не ги гледам само банките во однос на граѓаните туку ја гледам и државата со целокупниот свој апарат и целокупниот свој авторитет што стои пред граѓаните, тогаш нема што да расправаме понатаму. Оттаму и сериозноста и расправата што се води треба така да се разбере според мене.

Проблемот е расправан пошироко и од својот основен облигационен правен аспект, расправан е пошироко и од својот економско- социјален и политички аспект со целокупните свои димензии кои ги аплицира и кои и понатаму ги отвора просторите за мултиплицирање на состојбите во тој дел. Мислам дека добар дел од решенијата што денес можеа луцидно, беа заговарани од некои дискутанти во една потрезвена состојба за долгорочно решавање на проблемот може да најде свое место за апсолвирање на решенијата во Законот што треба да се донесе.

Мислам дека вака понудениот текст на законот кој беше критикуван со право од добар дел од говорницата по оваа проблематика денес дека нема реална материјална основа да биде спроведен. Тоа полно говорници овде го елаборираа со показатели и со соодветни извлекувања на заклучоци. Јас лично сметам дека нема ниту правна основа полно решенија што постојат во овој закон. Тргнувајќи од одредбите од член 30 на Уставот на Република Македонија каде е гарантирано правото на сопственост и секое

ограничување на правото на сопственост од страна на државата, како што заговараат одредени решенија во Предлогот на законот, ќе бара материјални интервенции на државата, дополнителни обесштетувања во конкретниот случај за штедачите. Тоа во Предлогот на законот не е видливо дека државата користејќи го правото за ограничување на правото на располагање со сопственоста на граѓаните истовремено нуди решенија со кои ќе ги обесштети граѓаните со тоа што им го ограничува правото на располагање со нивната сопственост. Мислам дека тука предлагачот воопшто не водел сметка нудејќи ги овие решенија. Јас се надевам дека ваквиот предлог на текст што денес се расправа пред нас, предлагачот го има понудено во една поинаква, почетна состојба на разрешување на проблемот. Денес кога расправаме за оваа проблематика, после десетина дена по доставувањето на Предлогот, мислам дека има и нови сознанија во однос на некои решенија што треба да ги понуди и дека предлагачот веројатно ќе ги понуди во понатамошниот текст на законот.

Ако внимателно се обрне внимание на решенијата од предлогот на законот, исто така ќе се види дека не му достасува консеквентно една реална сигурност што ја нуди за овие решенија предлагачот, недостасува реална сигурност за штедачите. Основното решение што нуди денарска противредност за штедните влогови, не навлегувам сега да ги коментирам решенијата во кој период, дали е доволно или малку итн., не зборува за реалниот однос , за зачувување на реалната вредност на штедните влогови во моментот. Тоа е клучното решение што предлагачот мора да го има предвид. Ако на било кој начин го третирал предлагачот тој проблем за зачувување на реалната вредност на штедните влогови, мислам дека претходно ќе постигнел одредена цел што сака да ја постигне со законот. На ваков начин, оставајќи празнина само формално правно да се

задоволуваат барањата нудејќи решенија од 1994 до 2004 година во две еднакви полугодишни рати, секоја година да се даде денарска противредност, притоа не давајќи гаранција за реалната вредност, што имплицира водење на државата реален курс на денарот во однос на девизните валути. Никаде со тоа ова законско решение не се нуди што е еден голем отворен проблем и за кој сметам дека не треба во никој случај да го прифатиме на начин каков што пред нас се нуди, затоа што ќе дојдеме во ситуација некои овде кажа, повторно да бидеме масовни соучесници ние како Парламент во една јавна друга прелага или да ја апсолвираме, да ја потврдиме таа пре- лага што на некој начин се има случено.

Имаше дискусии во кои што се заговара дека овој закон или законот во ваков вид што би придонел за разрешување на оваа проблематика би можел да се носи парцијално и целосно да ја разреши проблематиката, а имаше и заговарање, кои предлагаа дека овој закон нужно е да кореспондира и со други законски решенија за целосно апсолвирање на овој проблем. Јас сум присталица на оние што предлагаат и што сметаат во овој момент дека треба паралелно и нужно овој закон, барем во трајните решенија да бидат усвоени заедно со решенијата за трансформацијата на капиталот. Тоа е прво.

Второ, нужно треба да следи истовремено и менување на прописите од банкарскиот систем истовремено со апсоливирање на овој проблем. Затоа што дефакто веќе тие штедачи кои ги имаат девизните штедни влогови денес во банките се господари кои треба да управуваат со тие банки. Додека формалната ситуација и правно - фактичката е сосема друга. Мислам дека овој Парламент нужно треба да ја доведе таа суштинска состојба која егзистира, да ја верифицира овде со правно - технички

решенија низ норми кои треба да ги изменат нормите во однос на банката и системот. Дали тоа ќе биде законот за банките или некој други прописи кои го следат тоа.

На крајот сакам да кажам дека заради чувството на доверба према оваа држава на нејзините граѓани нужна е и одговорноста која консеквентно треба да се извлече од оваа кафкахонија целосно. Ако се остане без минимум персонална одговорност за ваквата проблематика целокупно, целосно целта што сакаме да ја постигнеме за враќање на сигурноста кај граѓаните нема до крај да ја постигнеме. Сепак ќе остане чувството кај граѓаните дека може во оваа држава во овој систем и во идниот систем со нашиот менталитет да се живее и да се работи на еден темен начин. Луѓе кои придонеле со својата субјективна или објективна одговорност за ваквите состојби повеќе или помалку и понатаму да останат и да ги разрешуваат проблемите во РЕпублика Македонија, финансиската сфера, мислам дека е недозволена. Впрочем некои културни земји тоа прашање одамна го апсолвирале на соодветен начин.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, најверојатно да бев еден од првите дискутанти ќе кажев многу работи што беа искажани тука денес, за чии дискусии навистина ги почитувам сите, меѓутоа мораме да се согласиме со една вистина дека тие средства на нашите вложувачи на девизни средства треба да ги бараме во Македонија. Како што разбрав од многу дискутанти тие се потрошени за развој на нашите стопански дејности, материјални добра итн. Ако е вистината таа тогаш овој Парламент и соодветните државни институции односно Владата сметам дека би бил

правилно и мора да дадат соодветна информација каде се потрошени девизните средства на нашите штедачи, во кои стопански дејности, како тие се однесувале до денес кон соодветните банки што ги кредитирале тие односи за развојот и трансформацијата на нашето стопанство, па дури тогаш можеме да изградиме стратегија како да излеземе во пресрет на нашите штедачи. Свесни сме дека навистина, како што слушнавме сега од соодветните институции девизни средства во Македонија нема. Поради тоа сметам и ги почитувам последниот дискутант, како и Михаил Пановски кој рече дека без соодветна информација, детална информација каде се потрошени тие материјални средства, сметам дека би било погрешно да донесеме некој заклучок.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам да одиме на пауза до 14,00 часот, за ручек, затоа што има пријавено уште 8 дискутанти и министерот и за еден час не можеме да завршиме.

(Пауза од 12,45 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,20 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Има збор госпоѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, бидејќи во расправата која беше доста опстојна, јас ќе настојувам во мојата дискусија да бидам сосема кратка, сметам дека неспорно е дека девизните штедачи се сосема во право кога ги бараат своите заштеди, бидејќи тоа е во голем дел вкалкулирано од нивниот труд. Јас сакам да се осврнам на можноста што ја дава овој закон за остварување на правата на штедачите, а уште повеќе на изворите на средствата од кои би се обезбедувале девизните заштеди.

Сметам дека довербата на штедачите е сосема изгубена во банките и тешко во догледно време да се поврати. Исто така сметам дека проблемот на депонираните девизни влогови е доста сложен и решенијата треба да бидат добро обмислени за да се засноваат на реални извори, но и стручно да се засновани и во нив да с гарантира сигурноста на граѓаните, но исто така сметам дека не треба да се отстапи и од антиинфлационата програма, но исто така и даночните оптоварувања на граѓаните не смеат да се зголемат во големи што не би можеле да ги издржат граѓаните на Македонија.

Бидејќи расправаме за предлог на закон, сметам дека треба да се потсетиме дека ова Собрание на 26 април, без малку пред 2 месеци донесе еден таков закон и со тоа потврди дека има потреба од донесување на закон. Но, сега е битно што во овој закон  се нудат сосема поинакви

решенија во врска со намените, а исто така и со изворите.

Јас би сакала пред се да се задржам на делот од концептот на овој закон, со кој е регулирано покривањето на средствата на депонираните девизни заштеди, односно на изворите на истите.

Еден од изворите, сигурно се посочува, пред се на примарната емисија, односно задолжувањето на Републиката кај На- родната банка на Македонија. Тој извор, ако не е доволно контроли- ран може да придонесе за поткопување на антиинфлационата програма и може да значи губење на сите правни постулати за стабилизирање на сите токови на репродукцијата.

Понатаму, еден од изворите е и Буџетот на Република Македонија. Тука повеќе пратеници го спомнаа. Кога се зборува за Буџетот, пред се се мисли или на постојниот Буџет или на нешто што би требало да го понесе товарот. НО, сигурно повеќето знаат- скоро 4 буџети не би стигнале да ги покријат целокупните депонирани девизни влогови. А, ние се договоривме јавната потрошувачка да оди со 38% од општествениот производ. Тоа е еден факт. Сигурно дека Буџетот како извор на Републиката, според мене е доста спореден бидејќи сите добро се сеќавате скоро 3 дена расправавме за Буџетот за 1992 година и за неговата распределба, бидејќи тој буџет со своите постојни извори едвај ги покрива расходите. Значи, за да се издвојат средства од буџетот за покривање на исплатите за депонираните девизни заштеди се потреби или нови извори или зголемување на постојните даноци, такси на царините од кои се соби- раат вкупните средства во буџетот.

Инаку, ако се прочита образложението на овој закон, на страна 6, убаво се гледа дека за да покријат средствата од буџетот се планира зголемување од околу 50-60% на сите извори на буџетот, но сепак тука е

прашањето дали едно такво оптоварување на сите граѓани на Република Македонија во моментов истите можат да го издржат.

Понатаму, сметајќи дека овој закон не ги нуди до крај прецизирано решенијата за разрешување на овој проблем, а тргнувајќи од овие укажувања, сметам дека овој закон треба да се донесе и да се гледа само како предлог за донесување, да оди во редовна постапка, а Владата за наредната седница да достави предлог на закон со јасни и прецизирани, пред се извори на средства, но и издржани намени за користење на девизните заштеди. Исто така и со вкалкулирање во законот на еден добар дел од барањата на девизните штедачи, кој воглавном во еден голем дел се прифатливи.

Инаку, на крајот сакам да го поддржам барањето што овде беше искажано од повеќе пратеници во врска со доставување на Собранието една поопсежна информација околу тоа на кои пунктови се потрошени девизните заштеди за да може секој од пратениците при расправата по законот да го даде своето "за" за разрешување на овој проблем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ташко Киров.

**ТАШКО КИРОВ:**

Господине претседателе, дами и господо,

Еден дел од нас се современици на едно време, а поголемиот дел од нас во кои и јас спаѓам тоа време го чувствуваме само по трагите и последиците што ги оставило. Тоа време е периодот на изградба на една социјалистичка идеологија која што зад себе остави многу неправди и последици врз овој народ. Од тој период се  и последиците на

национализацијата, подоцна на колективизацијата каде што беа одземени доста средства од граѓаните. за жал, и денешниов случај со девизите на некој начин спаѓа во таа тиха национализација. Затоа што не е сопственоста само битно дали граѓаните располагаат со средствата туку е битно кога и колку можат да ги искористат.

Да биде парадоксот уште поголем, тоа се случува во време кога сите ние знаеме, веќе во собраниска процедура го разгледуваме законот за трансформација на општествениот капитал. Тој закон заговара трансформација на капиталот, пренесување на средствата од општествени во приватни раце. Навистина е во една голема спротивност со сето ова што се случува каде што девизите одат во спротивен правец, од сопственички раце на граѓаните како да одат во спротивни општествени раце.

Друг парадокс е информацијата во точката 23 од денешниот дневен ред, Информација за заштита на животниот стандард на граѓаните. Како можеме ние да зборуваме за некаква информација за заштита на тој животен стандард ако од другата страна ние придонесуваме за нарушување на тој животен стандард. И тоа онаму, каде тие средства се нивни. Како ние сега ќе дадеме во други раце средства кои што ги немаат граѓани што ги немаат. Значи, тоа е една чиста спротивност и парадоксална ситуација.

За жал, состојбата е таа. Од една ваква состојба со девизите можеме да заклучиме дека произлегуваат повеќе ситуации каде што имаме отсуство на правни односи, на економска законитост, на социјална законитост.

Зошто отсуство на една правна законитост? На сите нам ни е познато ако имаме правна држава ние имаме законодавна, извршна и судска власт.

Ако сето тоа нормално функционира, Собранието нема да расправа по овој проблем.- Проблемот ќе биде решен на едноставен начин. Странката што е оштетена, согласно со позитивните законски прописи само ќе се обрати до судската власт и тој проблем ќе биде разрешен.

Зошто немаме економска законитост? Па, пред се, како ќе сметаме на некаква економска логика и банките ако ја изгубат довербата кај граѓаните во оваа држава. Со кои граѓани треба во иднина да се работи? Тие истите луѓе треба да бидат корисници на овие институции. Во тоа немање економска логика спаѓа и сето ова што се случува со штрајковите. Сето тоа чини. Само да видиме колку материјали се потрошија да се достават до Собранието? Сето тоа на некој начин е во прилог на чинење и одлевање одредени средства.

Кога сме кај штрајковите сакам посебно да се задржам, бидејќи беше на повеќе наврати кажано дека позади тие штрајкови стои некоја политичка партија. Дали стои политичка партија или не, јас незнам. Но, сите тие што тоа го тврдат, сигурно сакаат да кажат дека е тоа партијата што секогаш е дежурен виновник за сите негативности.

Ќе ми дозволите, бидејќи некои пратеници кажаа што нивните партии сметаат по овие прашања, да го кажам и ставот на мојата партија.

Ставот на ВМРО, од почетокот на нејзиното оформување е средствата што на некој начин се одземени од граѓаните со национализација и по било кој друг на неправеден начин се одземени дека мора да бидат вратени. Сега е периодот кога преку таа трансформација на

општествениот капитал таа неправда да се исправи. Во рамките на тоа, сигурно партијата се залага за исправка и да немаме вакви последици какви што денеска се случуваат во ова време, како што се случува со девизните влогови.

Но, добро, што е тука е. Кое е решението?

Решението може да биде многу едноставно и многу сложено.

Едноставно, можеби има свој еквивалент во теоретското ако гледаме дека имаме правна држава и сето тоа функционира и тука нема повеќе дилеми. Кој е сопственик на средствата тој ќе ги има. Тоа по сите цивилизациски норми следува, исто и правни норми. Но, практичното можеби сега создава одредена сложеност.

Во прилог на ова може само да биде ситуацијата, да речеме, што имаме еден континуитет на наследство од поранешната федерација, а сега преминавме во една друга состојба. Ако оцениме ако овие средства објективно за нив има објективни околности и причини, а биле на некој начин и каде одлеани, тогаш можеме ние да усложнуваме во практична смисла работата. Но, сепак тоа треба да се констатира.

Затоа, мислам дека премногу кажавме, на некои начин многу работи како да изгледа тој закон. Тоа можеби требаше да следува после онаа констатација што прво треба да ја донесеме, а тоа е дали постојат вонредни околности, дали постојат објективни причини овие средства да бидат на некој начин во оваа ситуација во која сега се наоѓаат. Ако оцениме дека постојат тие вонредни и објективни причини и околности, тогаш можеме да прејдеме во усвојуваме на некакви закони. Тука, пред се, првенствено, Владата ќе го има својот удел.

Мора да кажеме една друга вистина дека, кога кажав дека позади овие работи што на некој начин се изнесуваат нема ниту една партија, мора да бидеме свесни кога овие средства се одлеаа од сопствените раце на граѓаните. Тоа беше во еден период кога имавме премиер на СФРЈ, тогашна, кој на многу совршен начин успеа да ги земе девизите на граѓаните. На сите ни е јасно кој е тој период и кој е тој премиер, бидејќи истот формираше своја партија.

Сега, денеска, навистина треба отворено да кажеме јас незнам кој е тој што треба да ги изнесе тие податоци, каде се тие средства, па ние како Собрание да кажеме да, постојат вон- редни околности и објективни причини и сега, од тука натаму ние носиме задача да донесеме некаков закон. Зошто, ако тој закон го донесеме мора да сме свесни дека правиме квази правна држава. Отстапуваме„од редовните законитости што постојат, а, дека постојат тоа е многу повеќе од јасно.

Јас сум немал, случајно било кој граѓанин нека влезе на тековна сметка во минусно салдо, дека по тој член и дека по тој закон треба да се јави на суд. Значи, дека постојат некои законски основи и во таа област. За жал, тие законски регулативи меѓу двата субјекти се само во една насока, кога се во прашање граѓаните. Додека во обратна насока не се почитуваат.

Врз основа на ова ние можеме да дадеме 3 крајно решенија.

Едно решение е сегашнава ситуација, практично кога граѓаните не се во состојба да ги подигнат своите девизи. Со тоа сите ќе се согласиме дека не е во ред и дека не треба да постои тоа решение.

Ако го исклучиме тоа решение постои едно друго решение, а тоа е граѓаните со сето свое сопственичко право да може тие девизи, кога сака и колку сака да ги подигне. Тоа е кога постои правна држава.

Ако заклучиме дека имаме објективни причини, тогаш ние ќе бараме некој компромис. Тој компромис ќе биде овој закон што треба да се донесе.

Компромисот, кој треба да го донесе? Јас незнам дали ние ќе се дозволиме, како Собрание и како законодавец да бидеме тие кој ќе придонесеме за една квази состојба во Републикава. Навистина треба да се размислува за овој проблем.

Но, ако одлучиме за такво нешто, тогаш решението за добивање право на граѓаните за целосно земање на девизите во секое време, во која количина сакаат и кога сакаат, практично од каде тие средства може да се изнајдат ќе се прашаме.

Еден предлог е средствата што ќе се добијат од продажба на државниот имот, дел од државниот имот да се продаде или банковниот имот и тие средства да отидат во прилог на задоволување на потребите на граѓаните. Ако се решиме за другиот предлог, за компромисното решение, тогаш навистина тоа решение треба да биде добро обмислено. Во тој компромис треба да пред се да се чуе гласот на оние кој се засегнати со ова, а тоа се граѓаните , а пред се нивното одобрување на биде одлучувачко. Навистина тие и покрај тоа што се засегнати, имајќи можност да слушнеме што бараат тие граѓани, слушаме дека доста фер се однесуваат кон состојбата и на некој начин и самите нудат такво компромисно решение. Да не ги цитирам, има преку создавање на некои критериуми, социјални критериуми па до месечна исплата на одредени

средства, патување во странство и друго. Сето тоа е позитивно што тие предлози доаѓаат од овие корисници кои се целосни сопственици на тие средства.

И, доколку С6 определиме за вакво нешто, треба тоа во најитен период да го донесеме овој закон и на граѓаните да им се излезе во пресрет да можат тоа сопственичко право да го задоволат. Ако констатираме дека тие објективни околности не постојат, мораме за некои работи отворено да кажеме.

Утрово слушав една емисија на Македонското радио каде што учествуваа граѓаните во таа емисија. Беа изнесени податоци од еден граѓанин дека одредени средства од некои пратеници, лица функционери во моментов во нашата држава, беа спомнати средства и преку 30 илјади девизи, марки, швајцарски франци, што се по- дигнати. Навистина ние како пратеници сите се движиме меѓу тој народ и овие работи треба отворено да се кажат и да се расчистат. Ако постојат такви нешта, јас предлагам како Собрание да формираме комисија што ќе го испита ова нешто што е повеќе пати изнесено во јавноста. Доколку постојат такви нешта, тогаш ние немаме право на граѓаните во име на сите правни и цивилизациски достигнувања на сите територии и меридијани на граѓаните да им ги ограничуваме правата на сопственост врз нивните средства.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, денес на оваа тема се кажаа многу работи, па тешко е човек нешто да каже ново. Јас сметам дека ново ќе биде, ако кажам дека сум замолен од девизните штедачи на Скопје и околината пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да ја искористи оваа седница по повод расправата на предложениот закон и да се стави во функција на заштита на интересите на девизните штедачи.

Во поопширното обраќање до нашата пратеничка група, дадени се одредени показатели, врз основа на кои може да се заклучи оправданоста на девизните штедачи за нивното оштетување. Незнам зошто е таа информација и обраќање, не е доставено до сите пратеници, со тоа би се помогнало навистина во изнаоѓањето на правилното решение на овој навистина тежок проблем, кој што се однесува на приближно околу 500 илјади девизни штедачи.

Во пораката која што е упатено до нас, јасно се кажува дека треба овој Парламент да се позабави со изнаоѓање на решение, а се со цел за да се избегнат состојбите кои веќе ни се случуваат во Битола и Прилеп, и со отвореното укажување дека и девизните штедачи од Скопје ќе се придружат во мерките и активностите кои што веќе се одвиваат во Битола, Прилеп, Охрид и во другите градови на Републиката.

Во ова обраќање недвосмислено излегува дека да се лоцираат виновниците за состојбите за едноставно украдените девизи на граѓаните на Република Македонија. Виновниците се лоцираат во банката и во стопанските организации, по именично се наведуваат едно десетина, почнувајќи од Макпетрол, Макотекс, Железарница, фабриката Усије, Пиварницата и ред други организации, кои што успеваат на ваков начин

украдените девизи на граѓаните да се трансформираат во акционерски друштва. Од тука, ако веќе ни е познат виновникот, јасно е дека решението треба да го бараме токму таму, каде што се земени и искористени девизите. Ако овие организации ги зедоа кредитите, односно девизните штедни влогови во вид на кредити, јасно е дека тие треба да бидат главните носители на отплатата на девизните штедни влогови на граѓаните.

Оттука, сметам, а тоа е ставот на ВМРО-ДПМНЕ дека девизните штедни влогови треба да бидат вратени во девизи во кои што се вложени во банките, бидејќи е јасно дека овој случај неспоредливо е во однос на едно залагање дека ќе се изврши одредена денационализација во Републиката во смисла враќање од имоти. Ние треба да почнеме во она што ние сигурно,а тоа е девизен штедач, познат износ, позната банка и познат корисник на тие девизи, кои што треба во таа релација и корелација да се изврши обесштетувањето на девизните штедачи. Од тука сметам дека овој закон може само да биде повод за изнаоѓаше на соодветно решение и сметам дека треба да оди во редовна постапка, решението да се бара од аспект на тоа што сите акционерски друштва кои што користеа кредити од штедни девизни влогови, едноставно да бидат ставени, не како што вели господинот Петров, под мораториум токму средствата и имотот на овие акционерски друштва и од нив да се изврши наплатата на обесштетувањето на девизните штедачи. Само во тоа ја гледам функцијата на законот кои што треба да биде надополнет токму во оваа смисла во која што јас го искажувам.

Исто така сакам да кажам дека Владата она соопштение што го даде синоќа , во врска со разговорите со штедачите од Прилеп или Битола,

треба да направи таква средба со претставници на штедачите од сите градови на Република Македонија и да понуди оптимално решение, токму со овој закон, не во онаа постапка во која се предлагаше да биде донесен, туку во една редовна постапка, а тоа е да биде како предлог за донесување видоизменет во смисла на она што е залагањето на девизниот штедач, да се изврши обесштетувањето во девизите во кои што е дадено. Законот треба да даде можност да се овозможи такво право на оној што сака да може во духот на предложеното решение да ги искористи своите девизни средства за остварување на одредени права од областите кои што се понудени во Законот, било за купување на стан или слично.

Ставот на ВМРО-ДПМНЕ да се вратат девизите во девизи во кои што се дадени. Мислам дека една ваква средба Владата треба да оствари во текот на наредните денови со сите здруженија на девизни штедачи и да понуди најоптимално решение. Секое друго решение ми се чини е бегање од правото и вистинското решение. Ние не можеме да си поигруваме со трпението на бројните штедачи, тоа се стотици илјади луѓе во Републиката. Знаеме како се заштедени тие пари и ако сакаме Република Македонија да функционира како правна држава, неспорно е дека треба ние да помогнеме таа да функционира како правна држава. Една од начините за таа помош е и ова. Исто така сакам да ви кажам дека до ова обраќање до нашата пратеничка група стои една непријатна закана дека штедачите ќе се обратат и до меѓународните институции во Европа и во светот за оваа невидена плачка што е извршена за нивните девизни штедни влогови.

Во оваа прилика ќе искористам една можност да укажам дека Владата на Република Македонија благовремено и во право време не ги влече вистинските потези, бидејќи се добива впечаток дека таа на- вистина доцни во многу нешта.

IX/4.-

Едно од отворените прашања е и општата пљачка што е извршена на воениот станбен фонд во Република Македонија каде што за 500 иљјади марки се стекнаа со сопственост бројни корисници токму од становите на воениот станбен фонд, а ја користам оваа прилика да информирам дека на комисијата за внатрешна политика се договоривме да се даде една информација за состојбата со користењето на војникот станбен фонд и евентуалното спречување на злоупотребите.

Сметам, за да делуваме како правна држава навистина треба да излеземе во пресрет на разрешувањето ан девизните штедни влогови на граѓаните, во духот на она што го реков, а тоа е во договор со Владата да се понуди соодветен закон.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ќе бидам краток така да нема да ви одземам многу време. Во неможност на оправданите барања на штедачите од Републиката за исплата на девизите се соочуваме со низа малверзации кои се случуваат во Македонија. За еден таков случај сакам да презентирам дека е тоа во време кога Стопанска банка АД-Скопје има неизмирен долг кон штедачите. Се прашувам Стопанска банка АД Скопје со чии пари купува странски коли, во периодот од 19 ноември 1991 година до 26 март 1992 година, а се работи за следното: На 19 ноември 1991 година купено е возило "Опел-дектра"од 1600 кубика од 55 киловати, тоа е 75 КС, сребрена металик боја во вредност од 46.686,08 шилинзи, а увезена преку австриската фирма "Силвер-бауер".

На 12 февруари 1992 година купено е возило "Опел-дектра"ГЛ 1,6, со четири врати со катализатор од 55 киловати или 7 5 КС, во вредност од 184,323,47 иљјади шилинзи и на 26 март 1992 година купено е "Опел-сенатор" со катализатор од 150 киловати или 204 КС во вредност од 3.333.386 динари. Сомнително е што за 2 исти возила се јавуваат две

IX/5.-

различни цени а се работи за "Опел-дектра" 1,6 која чини 46,686 шилинзи, што е еднакво на 6.669 германски марки и 184,323 шилинзи, што е еднакво на 26.331 западно-германска марка. И "Опел-сенатор" од кој за жал немам оригинален документ, а набавувач е фирмата "Силвер-бауер" од Виена, туку само фактура од поседувачката фирма "Асибо-НГ", чија вредност негде се движи околу 30.000 германски марки. И уште нешто за што за жал немам документ купено е возило исто од Стопанска банка АД Скопје, а се работи за возило "Ауди-100" чија вредност е проценета над 70.000 германски марки, купена во месец февруари.

БИ сакал да потенцирам дека ваквите појави се многу чести за нас и еве на кој начин испаруваат девизите на штедачите. Како посредник во купувањето на овие возила се јавува скопската фирма "Асиба-НГ", па не би било на одмет Министерството за внатрешни работи да се позабави со законитоста на целиот овој случај, а и да се прошири на посредничката фирма и да се види колкав е нивниот девизен влог и дали е намален во последните месеци.- Штедачите штрајкуваат а ова е најдобар пример како се манипулира и на кој начин се изведуваат финансиски малверзации со девизите на граѓаните. Исто така Министерството за внатрешни работи да провери , а има сомневање за тоа, дали возилото "Опел-дектра" од 1600 кубика не е веќе отуѓено и се наоѓа во рацете на некој функционер и директор на Стопанска банка или пошироко кое е купено за багателна цена од 6.669 марки во што јас лично се сомневам сигурно е фризирано.

Во демократските земји носителите на јавни функции имаат посебен картон на кој што се евидентира пред и после стапување на функција имотната состојба, се со цел да се спречи злоупотребата на функцијата, како мито и корупција да се дојде до лична корист. Интересно е таквата евиденција што ќе покаже кај нас, а се во интерес на довербата на граѓаните кон носителите на јавната функција.

IX/6.-

Тоа би овозможило денес да се утврди кој бивши и сегашни министри и пратеници, иако постоеше забрана за извлекување на девизите од банките ги извлекоа своите пари. Вчера беше јавено на македонското радио во 15,30 часот дека некој пратеник од Македонското собрание ги подигнал своите девизи во вредност од 23.000 германски марки и 5.600 швајцарски франкови. Јавно треба да се слушне кој е тој пратеник што ја злоупотребува својата функција и учествува на индиректен начин во грабежот на столетието, затоа што во ниеден грабеж досега во светот не е украдена толкава сума, скоро една милијарда долари. Следствено истите тие црвено - банкарски директори до вчера работеа под директива на ЦКСКМ и ги распоредуваа девизите по своја желба нормално, за своја десна противуслуга. Под итно треба да се формира комисија од претставници на штедачите, пратеници од ова Собрание и Министерството за внатрешни работи за испитување на сите аномалии и малверзации околу девизите. И на крајот барам објаснување како е можно банките во нашата Република да простуваат огромни средства на различни организации, како што беше примерот со работната организација "Елегант"-Гевгелија, па се поставува прашањето кој ги надокнадува овие средства, а од ова иста фирма произлезе нова фирма чиј еден од главните акционери е потпретседателот на реформските сили господинот Ристо Иванов, а еве ги фактурите и фактите за пред малку што ги изложив (ги покажува фактурите).

**СТОЈАН АНДОВ:**

За што се фактурите за купените коли?

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Најверојатно, за колите зборувам  не зборувам за друго.

IX/7.-

**ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Прашањето на девизните штедачи во овој момент претставува за сите нас, пред се, етички и морален чин, кој не би смееле да го игнорирам^, нити површно да поминеме преку него, поставувајќи го на дневен ред повеќе за да ја смириме нашата совест,отколку да направиме напори за да изнајдеме вистинско правилно решение. Ќе биде банално и веројатно контрпродуктивно, ако се повторува се она што досега е изречено во врска со овој настанат проблем. Затоа директно ќе поминам на прашањето. Како девизните штедачи од нашата Република ќе дојдат конечно до своите, повторно потенцирам до своите, со чесен труд тешко спечалени пари. Притоа се чини дека сега сите знаеме дека одговорот на ова прашање не е така едноставен како што би требало да биде за нормални околности. Но исто така сме свесни дека треба тој одговор што побрзо да го дадеме, колку заради оние што со големо трпение, но веќе при крај на своите психофизички сили го чекаат, толку и заради нас самите и овој Парламент кој со актите и одлуките што ги донесуваме ја градиме нашата правна држава. Притоа знаеме дека поради комплексноста на ова прашање и одредените околности дека не сме во состојба со нашиот одговор да понудиме и идеално решение. Тоа веројатно и секој што поопстојно го согледувал ова прашање и не го очекува, но очекува земајќи ги предвид сите околности да се понуди едно праведно решение. Ако навистина сакаме низ еден објективен и реален приод да пристапиме кон барањето на такво решение, тогаш треба пред се да дадеме одговор на прашањето кое досега е често поставувано, но без одговор. Каде се девизите на нашите штедачи. Ако на ова клучно прашање дадеме одговор, објективен и аналитички се чини дека ќе можеме да го понудиме и оптималното решение во сегашната ситуација. Притоа, повеќе од јасно е дека  во одговорите од типот Анте

IX/8.-

Марковиќ ни ги зеде девизите, никој повеќе не верува и дека со нив не треба повеќе да се манипулира. Ако пак тоа решение го бараме низ одговорот на потпретседателот на Владата Беќир Жута дека 93% од девизите на нашите штедачи се пласирани во македонското стопанство, тогаш веќе имаме реална платформа врз која ќе можат да се темелат и нашите настојувања за изнаоѓање на праведно решение во една друга варијанта. Имено, ако тие девизи се навремено инвестирани за градба на фабрики, за купување на опрема и репроматеријали, за модернизација на нашето стопанство, за изградба на инфраструктурни објекти и сл., тогаш со право треба да се очекува нивно сукцесивно повраќање на оние од кои се зеле тие средства

Х/ДВ/ЛЈ/1.-

**ДИМИТРОВСКИ:** (продолжение)

Ако пак е тешко и сложено прашањето да се утврди кој бил корисник на тие средства, тогаш треба да ја следиме логиката дека тие средства што биле користени од едни се прелевале кај други субјекти. Индиректно преку разни давачки даноци тие се прелевале до стопанството во нестопанските дејности ., јавните служби, органите на управата и низ буџетското финансирање се до органите за внатрешни работи и армијата.

ако така се гледа на работите, а веројатно само така може и треба да се гледа, тогаш е логична помислата дека директни и индиректни корисници на тие средства е целокупното наше општество иако тоа е така тогаш враќањето на тие средства треба да падне на товар на целокупната општествена заедница.

Што се донесува пак до начинот на враќањето ан така искористените средства, тоа треба да се уреди правно со посебна одлука или закон, сите вработените во Република Македонија да издвојуваат процент од својата заработувачка ој би се уплакал на посебна жиро сметка во Републиката, од која сметка би се алиментирале девизните штедачи процентуално според здружените девизни средства во банката. Притоа да се земат предвид и другите форми на обесштетување како што се: приоритет и попуст при продажбата на становите и деловниот простор во општествена сопственост, купување на акции од разни стопански субјекти и слично. Ако така гледаме на работите тогаш сметам дека може да се најде и решение за постепено враќаше на долгот се до неговата конечна исплата која пак временски треба да биде определена на што пократок период за да можат вистинските сопственици на тие средства лично да ги користат, а не да оставаат тестаментарни наследници. Тоа мораме да го направиме не само

од солидарност со засега ограбените штедачи туку и заради самите нас, да докажеме дека не се служиме со демагогија во нашите често повторувани изјави дека ќе ја градиме нашата држава врз принципите на правото. Тоа не е само правно туку пред се морално и етничко прашање за кое мораме сите заедно без разлика на партиска припадност да изнајдеме праведно решение.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Веднаш на почетокот да кажам дека оној пратеник кој што подигнал 20 иљади марки, што го спомна господинот Флоровски не сум јас и ако се формира таква комисија молам да ме изземе мене бидејќи јас девизи не сум ни имал во деловните банки.

Меѓутоа, го користам правото по основ на член 124 и верувам не повеќе од 5 минути да го образложам својот глас пред гласањето по законот што е предмет за расправа во ова Собрание. Ќе гласам за предлогот за донесуваше на законот, но не заради содржината на предложениот текст, туку заради обврската, Владата согласно расправата и предлозите поднесени на оваа седница, ги имаше премногу и достадобри, аргументирани и издржани, да подготви во што поинтен рок предлог на закон за штедните девизни влогови на граѓани- те.

Лично сум против содржината на предлогот за донесување на законот од следните причини:

Не се гарантираат девизните влогови на граѓаните од Македонија како сукцесор на поранешна СФРЈ

Со предложената содржина на законот не се обезбедува подигање на девизите во оригинална валута туку само обврската дека банките се должни девизните штедни влогови да ги водат во оригинални валути.

- овој закон не го решава проблемот со штедните девизни влогови, туку проблемот го префрла врз банките и го остава на стихијата. Тука сметам дека не треба да се заборави фактот дека ние немавме банки туку парадржавни финансови организации на здружен труд кои во изминатиот период поврзани со управувачките структури од банките и политократските структури во државата нерационално ги пласираат штедните влогови на граѓаните во нерентабилни инвестиции отпишување на кредитите на должниците, за плати на работници во одделни колективи итн.;

Понатаму содржината на предлогот за донесување на законот не обезбедува реални извори за исплата на девизните влогови, па макар и во денарска противредност.

Во овој момент сакам да го кажам мојот личен став дека исцело сум против решенијата кои се потпираат на примарната емисија на Народната банка на Македонија, или задолжување на републиката во Народната банка на Македонија со зголемени даноци за на крајот да ги отплаќаме сите заедно нечии нерационални одлуки и трошење на штедните влогови на граѓаните.

На крајот би дал уште неколку предлози.

Прво, да се подготви програма за санација и консолидација на постоечкиот банкарски систем, да се изврши негова што поитна приватизација, вистинските сопственици да влезат во управните одбори на банките, па макар до степен на ликвидација на постоечките банки заради создавање нови банки, за да се овозможи промена на управувачките структури во овие финансиски организации. И нормално приватизација само за да се овозможи да се ослободиме од паластот на бирократијата во постоечките банки кои покажаа дека не знаат да работат со банкарскиот капитал.

Второ, системот на интерните акции во претпријатијата во општествена сопственост да се замени со системот на екстерни акции на релацијата претпријатие - должници према банките со штедните девизни влогови на граѓаните чии должници се банките, заради меѓусебно пребирање на побарувањето.

Трето, да се зајакне финансиската контрола на министерството за финансии и Народната банка на Македонија врз работењето на постоечките банки и да се даде еден извештај односно информација за евентуалните злоупотреби кои беа наведени од оваа говорница од останатите пратеници, да биде поднесена пред пратениците во парламентот.

Понатаму овој закон да се донесе паралелно и заедно со законот за продажба на општествениот капитал и законот за продажба на општествените станови, бидејќи истите меѓусебно кореспондираат.

Да се донесе под итна постапка Закон за забрана на општествениот капитал, како што го стопиравме интерното акционерско кај нови правни лица до донесувањето на гореспоменатите закони за да се спречи прелевањето на капиталот од девизните штедачи во трансформираните општествени претпријатија како акционерски друштва или друштва со ограничена одговорност во приватна сопственост и да се направи список на сите должници во кои се пласирани банкарски средства односно банкарски кредити.

При ова треба да го имаме на увид и следното: разните пласмани на банките во разни локалитети како што беа долуспоменувани Водно, викендашки населби, промашени и замрзнати инвестиции, воените станови кои, да не заборавиме по сегашна пазарна вредност вредат околу 1 милијарда марки, или светска цена на златото околу 100 тони злато, а да не

зборуваме пак за техниката на југословенската бивша армија која изнесуваше околу 14 милијарди долари и да се утврди одговорност на сите оние кои ги потрошиле штедните девизни влогови на граѓаните односно со нерационални одлуки ги доведуваат банките во ликвидација.

На крајот една реплика.

Во оваа земја паднале повеќе глави за слободата на Македонија отколку што има камења во неа, и никогаш овој народ не ја изгубил желбата за своја држава Македонија. Затоа никој да не ја поврзува државноста на Македонија со девизните штедачи и нивната доверба во државата, или со тезата - да си живеевме заедно не ќе го имавме овој проблем, или постојано употребуваната фраза правна држава. Правна држава ние не воспостановивме со воведувањето на повеќепартискиот парламент. Тоа е процес кој перманентно го градиме.

Предлагам ова Собрание да упати еден јавен повик до граѓаните сето тоа што беше кажано до пратениците овде дека ќе биде вградено во соодветни законски прописи заради тоа што моментално овој парламент или Владата не ги чуваат парите на штедните девизни граѓани во некое купче на страна па сега некој не сака да им ги врати назад зошто моментално ги бараат.

Предлагам да се обрати овој парламент до граѓаните со еден јавен повик во еден разумен период во кој Владата ќе го пред- ложи тој рок и ќе го понуди предлогот на законот за да може во овој период секој да апсцинира од физичкото блокирање на банките заради овозможување на деблокада на такви такви овие наши банки, бидејќи со самото тоа го блокираме функционирањето на платниот промет, на стопанството во целина и ќе придонесеме еуфоријата да надвладее и завладее анархија.

X/6.-

**ПАНЧО МИНОВ:**

Апсолутно се согласувам со потребата од донесување на овој закон затоа што со него се гарантира од страна на Републиката девизните штедни влогови на граѓаните и се обезбедува согласно можностите на Републиката денарски средства за исплата на селективно приоритетни намени на истите, како и со овој закон се регулира од страна на државата од почнувањето на разрешувањето на неправдата спрема девизните штедачи.

Конкретно по однос на решенијата од законот, во членот 2, на крајот одредбата каде се регулирани обврските на банките - за депонираните девизни влогови во однос на сервисирањето дека ќе се врши согласно прописите на републиката и договорните односи меѓу штедачите и банките на крајот што и одредба дека тоа е во зависност и согласност од можностите на банките. Мислам дека ова треба да отпадне затоа што формулацијата е неодредена и како таква ја продолжува неизвесноста кај штедачите што мислам дека не е добро. Ние донесовме еден закон кој, за жал, не доживеа своја практична реализација дека банките ќе ги сервисираат обврските спрема прописите. Тие прописи се баш овој закон, најавата на законот што Владата го кажа со вчерашното соопштение, со кој поконкретно ќе ги утврди намените и изворите на средства. Тоа се тие прописи по кои банките треба да ги сервисираат обврските спрема девизните штедачи, а самата регулираност значи една известност и договорни облигациони односи меѓу банките и штедачите.

Во однос на член 5 кој ги регулира изворите на средства, овде начелно стои дека со актите на економската политика . Јас го разбирам предлагачот затоа што вака начелно ги утврдува документите со кои регулираат изворите на средства, затоа што е неизвесно во наредната година што како услови и околности ќе влијае во утврдувањето на средства.

Но, сметам дека треба да се потенцира дека во тие акции главен носител би бил,бидејќи овде се работи за тоа државата Република Македонија гарантира за девизните штедни влогови, а таа може да гарантира единствено со својот инструмент на обезбедување на средства, со буџетот на Републиката, да стои дека гарант на сето тоа ќе биде буџетот на Република Македонија во однос на изворите на средства. Се согласувам дека еден од позначајните извори на средства треба да биде со продажбата на државниот капитал. Сето ова во интерес на заложбата и овде искажана од некои пратенички групи дека мора да се утврдат материјалните биланси, на една страна изворите на средства, а на друга утврдените намени во членовите 6 и 9 од Законот.

Согласно можностите и утврдените намени по селективност сметам дека се задоволуваат оние најнеопходни потреби кои значат и неопходност во задоволувањето на потребите на девизните штедачи. Сметам дека во членот 6 каде се зборува за намените треба да се додаде една одредба во која нема да се остави право за задоволувањето на правата и исполнувањето на условите го одредуваат самите банки. Имаме ние доста примери кога во одредени задоволувања на права се одлучува на ниво на банките отсуствува секогаш по она што значи контрола и надзор и се отвара простор и за други дејствувања. Сметам дека остварувањето на правата согласно намените за исполнување на условите треба да ги оценува и по нив по официјалните докази и документи да одлучува државен орган. Со тоа ќе се намали простор за злоупотреби и за добивање на антиинфлационата програма.

X/8.-

**ТРАЈАН МИЦЕВКСИ:**

Почитувано претседателство, дами и господо, Јас немам многу да дискутирам затоа што е исцрпена дискусијата а само ќе нафрлам неколку работи што ги револтира повеќе девизните штедачи во нивните барања.

Сите ние овде дискутираме околу тоа да се даде, да се даде, а конкретен предлог во што е работата, не се даде. Претходните дискутанти да им се гарантира. Тоа и со законот е гарантирано, меѓутоа, еден од дискутантите рече било кога но да му се гарантира да се вратат средствата. Ако овој предлог го прифатиме било кога да се вратат "оде воз у кукурз" што велат србите.

Понатаму што ги револтира. Велите нема девизи, а штедачите велат од каде девизите се продаваат за динари на лица кои не вложеле девизи а тие купувале девизи и сега ние немаме девизи. Исто така кога се велеше имаме толку девизни резерви може да продаваме и сите купија по колку можеше, а меѓутоа ни се чини повеќето од луѓето кои беа со високи плати и функции си ги купија тие девизи, а не оние кои колку и сега што може да учествуваат акции, купување од стопанските организации, толку и тогаш можеа да купат девизи од тие така наречени многу милијарди девизи на Анте Марковиќ.

Друго, велевме ако се дадени во стопанството. Точно да кажеме во кое стопанство, конкретно да го земеме Битола. Имаше многу девизни штедачи. Велиме дека тие се дадени во стопанството. Прашувам сега јас во кое стопанско: во Металец, во Јавор, во ЗИК, во кое претпријатие тие се дадени и дали се тие така дадени, дали не беа тие дадено повратно и со одредена камата на нив. Во тој случај тие треба да бидат повеќе ако се вратеа со каматата а не да бидат по- малце. Ако штедачот и должеше на банката, дали банката ќе му ја продадеше куќата да си ги поврати

средствата, а сега зошто тоа не го правиме обратно. Ако државата им должи на штедачите, нека се продаде и нека му плати. Дали ако му должиме ние на некоја држава тие нема да не дадат на суд. Тоа е друго дали ќе ни попуштат. Еве тоа ги револтира штедачите.

Велиме сега ви гарантираме за учество во купување на станови. Јас сметам дека тука најповеќе ги лажеме заради тоа што со оној закон кој го стопиравме велевме дека од три до четири илјади долари се зема еден стан, а на нив им се нуди тој стан за 30 или 40 илјади долари. Значи да му ги землеме парите и да се отарасиме од нив.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Знаеме твојот стан каков бил, ајде да му го отпишеме. А зашто и на овој не му речеме 40 илјади марки да го плати станот. Значи колку пати ги обесправуваме оние што го создадоа потенцијалниот капитал за развиток на нашето стопанство.

Јас сметам, веќе е крајно да се види кој биле општински или републички функционери, ако е тоа точно, добро а ако не е да се демантира дека во овој забранет, критичен период за девизните штедачи и девизните вложувачи дека се подигани средства и давани. Ако е тоа така, тоа да се потврди, а ако не да се демантира, за да не се доведуваат штедачите за да речат ете стално зборуваат, користат, зедоа толку средства, овој зеде толку, оној толку, а всушност за тоа нема податоци. Јас сметам дека, овдека да не е навредливо, господинот министер за финансии и тогаш беше министер и сега е министер за финансии, па редно е да стане да каже каде отидоа тие средства, колку биле во Битола, колку останале во Битола колку дошле во Тетово, колку ошле во Скопје, колку пошле во Кавадарци ако пошле и зошто тие средства не се враќани. Со тоа повеќе ги револтираме штедачите и затоа не можеме на никој начин да ги смири. ме зашто ги опесправуваме и на ваков начин, покрај тоа што девизни- те средства им се заробени.

Уште едно, а колку што сум јас запознат дека многу лошо ќе влијае на меѓународното признавање и вложување на странски капитал. Дали сега под вакви услови некој странец ќе вложи средства кај нас дотолку повеќе што тие ги известија црквите во Австрија, Канада и Америка, велат аман на црквите, не пуштајте овде ни пари зашто овие овде ни ги изедоа, ни ги ограбија и уште ако пуштите вие и тие ќе ги заграбат. До каде дојдовме ние. И ова треба да го имате предвид дека на ваква политичка основа го губиме

XI/2.-

и моралот за признавање и за вложување на странски капитал. Затоа треба да се изнајде под брзо решение и да се демантираат овие работи, да бидат задоволни и едната и другата страна и да го оправдаме она меѓународното дека не сме такви ние сега ова што го сторивме, ами тоа го сто- рил некој друг, а ние ќе се потрудиме оваа грешка да ја исправиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Хамит Алиу.

**ХАМИТ АЛИУ:**

Дами и господа, почитувано претседателство јас ќе бидам краток, функцијата и организацијата на банките е еден од битните елементи на стопанскиот систем. Банките имаат специфичен систем што ја означува и улогата во вкупниот систем на стопанисувањето. Па од тука процесот на трансформацијата треба брзо да се извршува во банкарскиот систем. Со Уставот банките имаат посебен третман а посебно Народната банка на Републиката и Владата. Зашто не сакаме да признаеме дека девизите ги нема од 19 81-1982 година. И зашто не сакаме да признаеме дека досега а и сега имаме политички банки, било на кој начин е интервенирано на било која банка дека средства мора да се најдат со кредити и на разни други начини.

За мене средствата се тука. Друга работа е што Владата мора да даде преглед за тоа каде се пласирани. Се знае, за ресконтните кредити и тоа во која бранша, во која гранка на стопанството. Знаеме и за стопански споменици што ги има во Републиката. Па оттука предлагам, прво, Владата мора да биде гарант за да се обезбедат овие девизи. Второ, Владата мора да најде модус во овој момент како да им излезе во пресрет на граѓаните за егзистенција и трето, да се формира една стручна екипа која ќе најде начин

XI/3.-

и метод како да се враќаат овие средства, не само во денари, туку и во девизи, затоа што на крај краиштата граѓаните имаат право, што имаат депонирано девизи, ако им е потребно и зла/го од страна на банката. Ова го зборувам и го барам од причина бидејќи ние во бившата Југославија од 1972 година сме имале 9 народни банки со Советот на гувернерите, кој бил надлежен да ја спроведува кредитно - монетарната политика и монетарната резерва и девизите. Оваа улога сега и припаѓа на Народната банка на Републиката, која што треба да биде главен и државен благајник. Јас лично сум против на линеарното давање по 100 марки месечно. Логично би било да има една тарифа,. почнувајќи од 10 илјади марки, 20 до 10 0 илјади, а да не зборуваме за лечење од државата и други работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Љубисав Иванов.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Сега се поставува прашање дали ние после една тешка ситуација во која западнавме сакаме да бараме некое излезно решение или сакаме да ги оставиме работите магловито и понатаму да расправаме во Парламентот за тие штрајкови на штедачите, блокади на банките итн. Некако тие луѓе како да не се потполно информирани за состојбите во кои се наоѓаме и во кои сме доведени. Излегува сега кога и овде се расправа и кога нашите штедачи се наоѓаат во разни банки дека некој може, а не пристапува да го разреши нивниот проблем. Како некој да има некаде пари а не сака да ги отвори тие вентили за да се разрешуваат проблемите на луѓето и ние тука се копрцаме, барајќи некој дека е виновен за таа работа, дека тој некој треба да одговара, дека треба да ги поврати парите на штедачите,

одредени стопански организации и т.н. а сето тоа практично е не- возможно и ние се доведуваме во ситуација постојано да се движиме во еден круг.

Би било чесно и поштено да им објасниме на нашите штедачи каде се нивните пари. Сите ние овде сме возрасни, учесници сме на се што беше во поранешна Југославија, знаеме од каде и како се обезбедуваат тие штедни влогови и на сите процеси кои што се одви- ваа во тоа време. Знаеме и тоа зашто не е кажано јасно и отворено дека не се грешките во банките, во овие деловни банки за кои зборуваме, туку дека е дефектот и сите последици настапија од распаѓање на една држава во која што држава беа концентрирани девизните средства на граѓаните. И таа држава имаше и девизни резерви и познато е и овде, неколку пати јас настапував и многу мои колеги кога укажуваа дека тие девизни резерви се крчмат во Југославија и тие што беа најпаметни најголем залог зедоа од тие девизни резерви. Така што тие денеска се сведоа на минимум, сега нешто е и блокирано и воопшто во светот, од тој дел што остана нешто тоа е безначаен. Практично значи тие средства се потрошени, префрлени во Народна банка на Југославија а Народната банка на Југославија за тоа дала динари. Динарите се потрошени по разни основи, каде што ние сме трошеле во потрошувачката, сме трошеле преку примарната емисија, трошевме преку инвестиции и т.н. Тоа е стварноста. Македонија се издвои и стана држава. Македонија не кажува дека не е наследник на обврските што ги имала државата Југославија во однос на штедачите. Али Македонија е ставена во ситуација да не може да ги извршува тие обврски. Практично да нема материјална подлога. Не оваа Влада туку уште 80 влади, таква е состојбата. Сега практично ние мора да погледнеме не само кон овој долг од една милијарда. Ние имаме милијарда долг кој што треба да го врати стопанството. За тоа воопшто овде не се зборуваше. Практично значи ако

XI/5.-

оваа држава сега е наследник на долгот спрема штедачите и гарант на тие штедни влогови, сега ние и како Парламент и како Влада треба да побараме практични решенија како тоа да се разрешува а не за некои маркетиншки настапи овде, те овој директор од банка продал, земал коли оној не земал а од тоа ништо нема. Тоа ние може да си играме со сиромаштијата и со незадоволството на луѓето, да стекнуваме овде одредени свои позиции, ама од тоа нашите граѓани - штедачи немаат ама баш никаква фајда.

И сега јас исто така да не би околу тоа многу зборувал и елаборирал и да ве задржувам, јас би кажал некои практични прашања во кој правец ние нешто мораме барем таа ситуација да ја ублажиме а и подоцна и потрајно решаваме.

Ако ние сме наследници како држава на тој долг, тогаш државата мора да направи напори тие граѓани и наши штедачи на некој начин да ги обесштети и да им овозможи и да им даде една правна сигурност за нивните девизни штедни влогови да можат на некој начин материјално да бидат обесштетени. Државата располага со свој имот, државата располага со одредено огромно богатство. И ние во тој правец сега треба да го бараме решението. Еден од тие правци каде што треба да го бараме решението, државата има огромен деловен фонд. Тој деловен фонд со десетици илјади м се движи можда 50 и 60 илјади и 70 и Владата тоа сега да го види, точно да го собере зашто тој имот и припаѓа на државата. Тоа е државен имот, државно богатство и Владата може да го стави во функција на продажба. Мислам дека е најчесно сите оние штедачи што се заинтересирани за набавка на таков деловен фонд, пред се на нив да им се понуди тој деловен фонд. Јас мислам дека тука ние можеме од 100 до 150 милиони а може и нешто повеќе да обезбедиме средства за нашите штедачи. Тука треба да се разработат многу модалитети. Ако е штедач да

XI/6.-

има предимство ако е штедач да купи поевтино. Тоа е сега работа на Стручните служби и тие тоа треба да го разработат.

Понатаму, ние имаме многу атрактивни предели во Македонија, почнувајќи од Скопје завршувајќи со нашите езера, со големите градови и т.н. Ние можеме од 30 до 50 илјади локации да издадеме што се во државна сопственост и на овој начин исто така некаде да се обезбеди од 150 до 200-250 милиони марки средства. Располагаме со огромен а да не зборувам ни сега што имаме ние државни хотели, резиденции, мотели, објекти и сл. кои што исто така може да се ставaт во трансфер и во продажба за кои што исто така може да се земат девизи. Треба да остане само она што и треба на државата, но она што е повеќе, што е вишок, тоа треба под итно да се стави во корисна функција. Јас кога ги зборувам сите овие работи исто така имам предвид да не создадеме ние и голема потрошувачка и голема инфлација затоа што ќе дојдат во опција нови средства.

Еве неколку пунктови, а еве и трет извор каде може да се најде решение и да се обезбеди решение, а тоа е најочигледниот пример што го направи Словенија. Петстотини - шестотини милиони долари Словенија обезбеди по основ на продажба на станови. Јас не би рекол дека ние толку ќе обезбедиме и можеме да обезбедиме. Али ние нека само по тој основ обезбедиме 200 до 300 милиони марки. Јас зборувам минимум, а сум длабоко убеден дека можеме многу повеќе да обезбедиме. Зашто ние тој закон не го донесеме. Зашто, ако ние не можеме да направиме таков закон не го препишеме Законот од Словенија. Добро, може нешто да се измени, име и презиме и т.н. Зошто го повлековме тој закон од овде. Е сега се поставува прашањето сакаме ли ние да го решаваме прашањето и овој проблем или не сакаме. Тоа е најпрактичен момент каде што ние можеме да обезбедиме средства, а тоа е веќе гледате блиску приближуваше до 1/2

XI/7.-

од средствата потребни за нашите штедачи. Па нашите штедачи ако стекнат доверба сега во државата, и ако државата покаже голема поштеност и голема грижа за своите штедачи, тие повторно ќе ги вратат барем 50% од средствата во на- редните месеци повторно во банките. Ние ја изгубивме таа доверба али ако сега на еден поштен чесен начин тоа го враќаме, полека и кај нашите штедачи тоа ќе се враќа. Еве јас мислам дека ние треба во тој правец да ја охрабриме Владата и од Владата да побараме практични решенија, не теоретски кои што немаат своја практична примена. Туку да ни даде она што е изводливо, што е практично со многу модалитети. Јас знам дека ние повторно ќе станеме во овој Парламент па ќе нападнеме дека некој многу ќе се збогати, дека некој зел повеќе отколку што требало, дека друг требало да земе помалку, ама разберете никој не може да истера до крај потполно до крај. Според тоа, јас сум за тоа да пристапиме кон практично решавање и ние во оваа прва фаза да обезбедиме, ако не повеќе барем 1/3 средства со кои што ќе ги обесштетиме нашите штедачи. А понатаму за сите предлози за кои што убаво зборуваше и Петров како што и многу други овде кажаа и во однос на приватизацијата и во однос на концесии и на сите други форми, останатиот дел ние да го разрешуваме. Јас мислам дека ако на тоа ние практично не му пријдеме ние се ќе се копрцаме овде и еден на друг ќе пренесуваме критики, ќе обвинуваме а од тоа немаат никаква корист ниту штедачите, ниту државата ниту ние како Парламент.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мислам дека во Македонија се воспоставува една многу лоша пракса, а тоа е праксата на работа на извршната власт да профункционира, односно да го актуелизира некој проблем ако тој добие димензии на општо незадоволство, во случајот врзано со оправданиот револт на штедачите, односно граѓаните кои што

имаат свои заштеди во банките. Според мене мислам дека таа атмосфера сврзана со штрајкот на штедачите, некако влијае и воопшто на расправата, а во таа смисла укажува дека Владата не можела, односно едноставно не сметала на толкав револт со самиот Предлог на закон кој по содржина и по предлозите што ги дава воопшто не одговараат на она што би требало да значи решавање на проблемот на штедачите. Повеќе од сигурно е дека со новиот статус на Република Македонија како самостојна и независна држава би морало да се преземат и оние нормални функции што една правна држава мора да ги има. Во тоа секако спаѓа и гаранцијата на штедните влогови на граѓаните, не само на оние што досега штеделе туку и на сите оние кои што во тој систем на банките на камати и т.н. и се што е погодност на банкарскиот систем би го правела.

Во таа насока, очигледно фали едно глобално решение кое што би морало да кореспондира со целокупната реформа што треба да ја имаме во економскиот систем, пред се, низ процесот на приватизација.

Кога се работи за конкретно решаваше на штедните влогови на граѓаните, прво и основно кое треба да ни биде предмет на уредување со закон е да постигнеме, тие што досега штеделе да бидат по- задоволни од оние што г криеле парите или пак од оние што воопшто не штеделе. Само на тој начин истовремено ќе го поттикнеме процесот и на ново штедење во банките.

Мислам дека овој закон не дава доволно простор да се изјаснуваме кои се се изворите од кои би требало Република Македонија да обезбеди враќање, односно ставање на располагање на своите девизи на штедните вложувачи. Меѓутоа мислам а тоа и Реформски сили - Либерална партија го потенцира на вчерашната конференција за печатот дека размислувањето мора да оди на три извори. Едниот извор е секако деловниот простор со кој

располага државата. И штета е што никаде, за тоа се обидувавме да добиеме преку Статистика, преку Владата, преку министерства, директно во СИЗ-овите да добиеме податоци колкава е вредноста на тој имот со кој располага државата. Исто така, самиот податок за кој исто така не можеше да се обезбеди не- кои пореални показатели во бројки, постоењето на 18 илјади таканаречени државни станови укажува на еден исто така извор од кој може да се обезбедат средства за подмирувањето на штедните влогови на граѓаните. Понатаму, исто така не може да се добие податок, јас ова малку реторички го поставувам за да предизвикам реакција кај пот- претседателот, министерот на одреден начин да одговори, колкав е имотот кој банките преку интарбулација, врз основа на кредитните односи што ги воспоставувале со поедини претпријатија ги имаат ставено во хипотека.

XII/1.- СП/ЉР

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ**: (продолжение)

Сето тоа треба да биде во функција на барањето извори за подмирување на одреден фонд на девизни средства за подмирување на потребите на штедачите. Меѓутоа, прашањето има и друг аспект кој е врзан за реагирањето во однос на потребите на граѓаните, бидејќи имаме такви драстични случаеви каде практично мултимилиониери како да ги наречам со други изрази ги доведовме луѓето да бидат социјални случаеви едноставно да не можат ниту од сопствената сметка, ниту од доспеаните побарувања што ги имаат од странство да си обезбедуваат нормална егизстенција. Сигурно неколку решенија во овој Предлог закон мислам дека би требало да бидат на преден план.

На крајот би морал како претставник на Вибрираната партија да реагирам на претставникот на ВМРО ДПМЕН Флоровски кој очигледно е задолжен постојано за изнесување на лажни обвинувања и не знам што. Мене ми е јасно дека г-динот Флоровски имал проблеми во основното образование и сигурно не можел да дој- де до некои сознанија како се одвива акционерството, како се до- бива капиталот, меѓутоа овде беше изнесен еден податок за пот- претседателот на Реforсмките сили-Либерална партија г-динот Ристо Иванов кој е директор на општественото претпријатие "Ноил" и воопшто не се работи за акционер на поранешното општествено претпријатие "Елегант". Мислам дека би морале да бидеме подоговорни пратеници кога изнесуваме обвиненија и не знам какви инсинуации на сметка на луѓе кои не се во салата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Методија Тошевски, министер за финансии.

XII/2.-

**МЕТОДИЈА ТОПЕВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, почитувани граѓани, штедачи на банките во Македонија.

Верувам дека со интерес се следи седницата поради тежината на проблемот и уште повеќе заради очекувањата дека денешната седница на Собранието треба да даде одговор на едно од трите најзначајни прашања со кои се судира Републиката денес. По признавањето на Македонија, спроведувањето на Антиинфлационата програма ова е трето по ред, но и не по значење прашање кое треба

Републиката да го надмине. Се слушна во расправата по ова прашање денеска мноштво реакции, сугестии, предлози, оценки со и без образложение, основани и неосновани, со знаење и без знаење веројатно дел од нив предизвикаа дополнителна вознемиреност кај граѓаните - штедачи и воопшто кај граѓаните и затоа Владата е пред двојна одговорност да овозможи оваа расправа да заврши со нужен респект кон проблемот да прифати и по можност да дефинира низ завршетокот на расправата денеска кои се тие очекувани решенија што треба да ги предложи во Предлогот на законот кои би можеле да одговорат на задоволителен начин на очекувањата на граѓаните -штедачи и кои би можеле повратно низ натамошното делување да се прекине тенденцијата на влошување на довербата во банките и воопшто во финансискиот организам на Републиката и да се создаде простор за ново делување.

На почетокот мислам дека треба да појдеме од прашањето каде се девизите. Без да дадеме одговор на тоа прашање тешко може да иницираме решенија. Креирањето на решенијата мора да извира од

XII/3.-

содржината на проблемот, а содржината на проблемот е во тоа што генезата на девизните штедни влогови во Југославија која по распраќањето на монетарниот систем ја презема за делот на штедачите во банките на Република Македонија - Република Македонија се состои во тоа што низ разни инструменти, трансформации и други мерки на економската политика девизите стигнаа во стопанските и општествените структури на Републиката, во стандардот на граѓаните. Значи девизите се потрошени во стопанството, кај граѓаните, во курсните разлики пак во стопанството и граѓаните кои настанаа и настануваат како разлика помеѓу пониската камата што ги формираше приходите на банките и повисоките расходи на банките по основ на курсни разлики условена од висината на девизниот курс, во додатните приходи кај претпријатијата и граѓани- те пак по основ на курсните разлики кои формираа додатен доход и го распоредуваа и го користеа тој доход. Во отписи на загуби и кредити на претпријатијата. Девизите се во изградената патна структура, здравството, социјалната сфера, образованието, во земјоделието и во државната структура, во ненаменските и изгубени инвестиции и ефекти, во евтините потрошувачки кредити користени во минатото, во постојаниот девизен дефицит на Републиката и стопанството што се покриваше и низ тој канал.

Значи, генезата на употребените девизни средства продолжува и трае и нивната материјализација во згради, машини, опрема, патна и друга структура и во живеењето над реалните можности продолжува.

Конечно, низа грешки и намери на економската и монетарната политика предизвика тоа што по распадот на монетарниот систем овој проблем се отвори со сета своја жестина и тежина.

XII/4.-

Проблемот не настана ниту денеска, ниту вчера. во период од две децении дефицитите во билансот на плаќањата на Југославија респективно и на Република Македонија се решавање со постојано обновување на задолжувањата во странство кое - сега еве поради сплетот на историските околности на тоа живеење на кредит му дојде крајот. Впрочем и оној развој што е направен во Републиката со степен на акумулативност на стопанството што е добро познато и во минатото и денеска, дава одговор на ова прашање.

На крајот, ништо од ова што го реков не ги ослободува или не ги анулира грешките и одговорностите на банкарскиот систем, на раководните и политичките структури и на поединците. Тие, во рамките на одговорностите што му произлегуваат од прописите никогаш не можат да бидат ослободени. Според тоа, тој процес тече и ќе се одвива, за жал, на оваа генерација, на оваа Влада и ова Собрание му се падна должноста да го решава овој, меѓу проблемите што ги потенцирав, најсложен проблем. До душа во последно време направени се груби грешки во делувањето на нашиот банкарски систем кој не се прилагодуваше на брзите промени што настануваа во другите делови на Југославија по основ на користењето на слободниот девизен пазар и по тој основ обезбедување на дел од девизните резерви на Републиката.

Има одговор и за тоа, но тоа е во компетенција на други структури, не во мојата област.

Во врска со прашањата кои беа покренати во расправа- та по основ на Предлогот за донесување на законот и Предлогот на закон во името на Владата ги давам следните објаснувања, ставови и евентуално по некои од

прашањата што беа покранати овде, а кои предизвикуваа дилеми и коментари,

Во ниеден момент не била спорна гаранцијата на Републиката по однос на девизните штедни влогови на граѓаните, бидејќи таа е преземена со преземање на сите вкупни обврски на Република Македонија што се содржани во обврските на државата која се распаѓа.

Разликата во текстот меѓу донесениот закон и овој произлегува од концептот, бидејќи таму се зборува за јавен долг на државата - Република Македонија имаше посебна потреба да се нагласи таа гаранција. Бидејќи овде се зборува за концепт во кој девизите остануваат во банките во оригинална валута, а во Законот за Народна банка и Законот за девизно работење стои ставот на државата по однос на девизните штедни влогови, немаше потреба тоа посебно да се нагласува. Заради вознемиреноста и потенцирањето на тоа прашање уште во текот на расправата по комисиите одговоривме и го изнесовме ставот на Владата дека прашањето на гаранцијата по девизните штедни влогови на граѓаните никогаш не бил и не е спорен.

Впрочем, во експозето на претседателот на Владата поднесено по повод монетарниот осамостојување и Антиинфлационата програма беше истакнато што го повторуваме и во овој момент дека Република Македонија ги презема обврските не само по девизните штедни влогови на граѓаните, туку и по кредитите што ги има во странство спрема меѓународните финансиски институции и другите кредитори.

Со тоа, мислам дека треба да се надмине тој проблем и да се разграничи од прашањето на реалната можност девизните штедни влогови

да бидат сервисирани по основ на договорите како што ги имаат утврдено условите на користење на девизните штедни влогови банките со штедачите. Поради тоа и во Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон дадена е можност на тростепено користење на девизните штедни влогови. Минимумот би бил тој што со Законот се определува како обврска на банките, проширената можност би била условена со можностите на банките во рамки на договорените услови. Владата претпоставува, тоа е истакнувано и по повод овој Закон и по повод Антиинфлационата програма, денес- ка ситуацијата е ваква каква што е во Републиката со изразита тешкотија на сервисирањето на штедните влогови. Активностите што ги прави и што мора да ги направи Владата натаму треба да обезбедат, затоа во еден член од Законот е кажано дека со годишните акти на економската и на девизната политика на Републиката се утврдува обемот и структурата на изворите кои треба да го сервисираат овој дел за обезбедување на средствата на државата за извршување на обврските на банките кон штедачите.

Затоа прашањето на инсистирање договорот меѓу банките и штедачите со Законот Републиката преземајќи таква обврска да биде анулиран, сметаме дека не е исправен и е непотребен и тој мора да остане како основен облигационен однос меѓу банката и штедачот. Во време и до траење на решенијата што се предвидуваат со Законот во обем и во динамика кои се утврдуваат со Законот тие права се санкционираат и се пренесуваат од обврска на банката во обврска во Републиката. Во целиот друг концепт односот на банката кон штедачот останува. Претпоставка дека ситуацијата за едно догледно време да се измени, објективно таа мора да

се измени, враќањето на нормалното сервисирање на побарувањата на граѓаните од банките мора да си го има својот логичен и природен тек.

Трето, девизната компонента исто така не е спорна. Прашање е само на билансот и на динамиката, затоа во Предлогот за донесување на закон со Предлог на закон е кажано во рамките на можностите една формулација и второ, правото на повлекување не се губи ако средствата не се повлечат, а се одложат и се користат во оној момент кога тоа Републиката и банките ќе можат да го направат. Меѓутоа, овде треба да разграничиме една многу значајна финеса која не се обидуваме да ја сфатиме и ги поистоветуваме реакциите на девизните штедачи со реакциите на другите структури во општеството. Овде сепак се работи не за барање да се оствари некое право, туку за барање сопствениот имот да се користи и таа финеса мора да ја сфатиме и со таков респект да се однесува- ме кон барањата на штедачите.

Имаше и има, веројатно ќе има и натаму инсистирања дали сите штедачи треба да бидат подведени под исти решенија, мислам да идеите да се разграничат штедачите на оние од странство со оние од земјата, на штедачите кои имаат помал или поголем влог, на штедачите на кои имаат интерес да ги вложат своите средства во приватизација на имот со купување на акции и удели или на оние кои таков интерес немаат, но имаат други потреби и слично.

Владата е на становиште тоа ќе се обиде и во Пред- логот на закон, ако така се заклучи на крајот од оваа дебата, да предложи решенија кои во најголема можна мера штедачите ќе ги изедначи по своите права и обврски. Немаме никакво морално право во тој дел да правиме селекција.

XII/8.-

Тука има и други дилеми кои се покренуваат, прашањето на каматите динарски или девизни, прашањето на ревалоризацитие, прашањето на девалвациите, сето тоа мора да се има во кон- текстот на договорните обврски што ги имало ова општество или некое друго општество преку банките кон штедачите и тие права мора да се обезбедат.

XIII/1 НН/СЛ

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ**:(продолжение)

Значајно место во расправата имаше прашањето на билансот. Се изнесоа и мноштва идеи. Идеите се за почитување. Тие се содржани и во истражувањата на Владата и на ресорните министерства. Се слушнаа и нови идеи. И тие ќе бидат во овој рок во можна мера поучени и билансирани. Меѓутоа едно е факт. Републиката во овој момент, некои го дефинираше вкупниот долг спрема странство и према граѓаните и ако на тоа се додаде уште еден нов , невидлив долг, но кој објективно постои и тендира секој ден да се јави потребата за обезбедуваше на средства за репродукција на стопанството ќе видиме со каков товар на еден краток и по интензитет многу силен набој се среќава решавањето на овој проблем. Поради тоа Владата сакаше да потенцира дека во овој момент ќе земе за разрешување оној дел од девизниот влог кон девизните штедни граѓани што може да го вклучи во материјалните, во финансиските биланси на Републиката. Толку колку што во сета програма без да се нарушат нејзините основни параметри може да вгради за 1992 година тој обем на средства и за оние намени и со селективен приод ќе оди да може да ја одржи Антиинфлационата програма. Веројатно знаете читате слушнавте, има различни приоди во оценките како ќе делува и колку ќе делува ваквата мерка врз Антиинфлационата програма. Во мера во која ќе останат другите параметри на Антиинфлационата програма кои на одреден начин со блокадата што дополнително дојде во односите со СРЈ спроведувајќи ја Резолуцијата 757 веќе нарушуваат основните параметри на таа програма. И овде затоа беше со внимание укажано кои ќе ги влошат условите за остварувањето на Антиинфлационата програма. Значи Владата и Собранието ќе мора ако сака да останеме на тие ефекти што требаше да ги

постигнеме главно врз стабилизацијата на пазарот, врз поттикнувачкото влијание на пазарот, да направи додатни коректури во тие параметри за да ги одржи очекуваните резултати. Во таква ситуација инсистирањето на потполно слободно користење на овој со сиот респект капитал на граѓаните во овој момент реално е неможен. Кој поинаку цени мислам дека или не го познава проблемот или со намера тоа го прави. А во овој момент многу е битно да обезбедиме она што реално може Собранието и Владата да направи , тоа да се понуди на граѓаните за да можеме да одговориме на тоа што ќе го преземеме како обврска и за да можеме низ тој одговор на превземената обврска да создадеме пат за враќање на довербата.

Следниот проблем е прашањето врз чиј грб треба да падне долгот. Од мноштвото предлози што овде беа изнесени мислам дека предлозите на пратеникот Димитровски најреално ја оцртаа оценката за тоа на кого треба да падне долгот. Владата е на становиште дека долгот мора да падне на товар на сите субјекти на државата. Значи и на стопанството и на граѓаните и на самата државна структура. Би било исто така штетно ако било кој од овие сектори во општеството во поднесување на долгот чиј доволни или недоволни ефекти од минатото еднакво или нееднакво се присутни и користени од граѓаните би направило за иднина нови диспропорции во подмирувањето на тој долг и би направило нови непожелни последици.

Да заклучам за овој дел. Со оглед на тежината на проблемот, со оглед на неможноста билансно да се дадат пооптимални големини какви што се очекуваше, Владата го даде овој предлог и за изменување на

концептот заради задоволување на основните барања што беа овде изнесени, а тоа е да остане долгот во регионална валута.

По основните прашања на амандманите , бидејќи во една фаза додека комисиите не заклучија сите сугестии, предлози, забелешки се даваа во форма на амандмани, Владата подготви одговор очекувајќи дека законот ќе биде донесен во постапка каква што беше предложен. Објективно се создадоа и околности, но се открија и прашања кои треба да се доистражат, и ако Собранието денес заклучи дека Законот ќе се носи во две фази, на Владата и се дава нова можност добар дел од новите предлози да ги проучи и да ги вгради. Веројатно во расправата по таквиот предлог ќе има што уште да се каже на двете страни и ние очекуваме тука полна соработка со двете матични комисии и со сите пратеници кои живеат со овој проблем за да можеме да дадеме објективно што е можно пореален предлог.

Вториот дел на моето учество во расправата имав намера да го посветам на одговор на неколку прашања што беа покренати во самата расправа. Не знам дали со тоа ќе ја подобриме материјата врз која треба да заклучиме на денешната седница, меѓутоа, мислам дека е битно барем неколку работи да потенцираме.

Прво е околу продажбата на општествениот и на државниот имот. Воопшто не е спорно барањето,предлогот,сознанието, дека треба да се продаде дел или најголем или целосна одредена структура на општествен и на државен имот. Овде се работи за прашање на динамика, на можноста за остварувањето на приходите од таа продажба.

Се работи за утврдување на цената за која ќе се најдат заинтересирани страни. Тоа не е прашање што можеме да кажеме денеска одлучуваме и утре се случува. Имавме расправа по Законот за приватизација и видовме колку нови дилеми во тој закон се открија. Имавме неколку пати навраќање на законот за продажба на општествените и на државните станови и еве и до овој момент не можеме да дојдеме до конечното решение, затоа што во разни фази интересите на различни структури се спротивставени.

Владата смета со тие тешкотии во процесот на донесувањето на тие документи, и затоа нудеше решенија вака како што ги дефинира во своето образложение.

Прашањето дали примарната емисија ќе биде користена или не, воопшто не е дискутабилно. Примарната емисија макар на краток рок ќе биде користена. Таа и е функцијата на неа - да премостува одредени ситуации на нестабилност во банките на нарушена ликвидност итн. Прашањето е друго. Дали обемот на примарната емисија е во корелација со другите параметри на развојот на општествениот производ на цените на вкупната репродукција. Ако во тие рамки таа се користи, а таа мора да се користи во тие рамки, не треба да се смета дека користењето на примарната емисија и за овие намени е рес.

Трето, јас и на комисиите тоа го истакнав, можеме да ставиме на продажба се што постои во оваа држава. Јас не се изјаснувам за таква постапка, за таков пристап, меѓутоа, дури и таков пристап да има без нови фискални зафаќања, не може да се разреши проблемот на јавниот долг. Не е проблемот само кај девизните штедни влогови. Проблемот е кај другиот

закон што го имавме за санација на банките. Проблемот е и за оној дел на јавен долг за кој овде зборуваше пратеникот Гошев кој барем овде уште не е идентификуван инаку во Владата и надлежните министерства е идентификуван. Според тоа без фискални напрегања тој проблем не може да се реши, особено не на краток рок.

Четврто прашање е тоа што овде многу се зборуваше за тоа дали и колку банките треба да поднесат санкции за ова. Владата оди од претпоставка и решенијата ги гради на таа претпоставка дека за вкупната трансформација на стопанството, на приватизацијата на самите банки и слично, банкарскиот механизам треба да се санира. Инаку логичниот ред на нештата е нема потреба да дојде овој проблем овде, бидејќи во постојните закони банка која не може да ги извршува обврските пропишано е што треба да прави и на кој начин нејзините доверители ќе се надоместат. Ако таков пристап избираме за ликвидација на банките , тогаш нема потреба од носење на закон, закони постојат и треба да се постапи по нив. Владата се определува за друг пристап, не сега , од почетокот затоа што тоа стои и во повеќе заклучоци на Собранието дека банкарскиот систем во Републиката треба да се санира. И од таа претпоставка се правени решенија. Тоа повторно не значи и посебно го нагласувам дека одговорност на луѓе во банките или во било кој други структури со овој закон се амнестира. Одговорноста останува за секого таму каде што таа ќе биде докажана.

XIII/6

Јас ценам дека нема потреба да се осврнувам посебно на секој од предлозите, бидејќи тоа Владата ќе го проучи преку надлежните министерства и во мерка во која во концептот може да го вгради, ќе го вгради. Една дилема сепак ќе остане за Владата. Имено, овде од повеќе пратеници се потенцираше, а тоа е присутно и во расправата на соодветните тела во Владата, дали да се оди со комплексно решение на проблемот сега, значи да се опфати целиот проблем, целиот обем на девизниот долг по основ на девизните штедни влогови или да се оди на едно премостување , едногодишно, двогодишно, додека не се создадат некои други околности во кои би можело да се согледа се што Републиката ќе може и ќе прави а во меѓувреме да се обезбедат тековни решенија кои ќе отворат живот на луѓето. Ние поединечно го знаеме и го чувствуваме. Кај нас во министерството, во банките на секој чекор доаѓаат ситуации на човечки судбини и овде дури не можат да се изнесат. Но ние сето тоа го знаеме и поради одговорноста на тој чин го правиме ова. Очекуваме дека така ќе бидеме и разбрани и прифатени за да можеме заедно во истражувањето на решенијата во оваа неможна ситуација да се најде решение. Ако се определи Владата на краткорочни решенија тоа би требало да значи дека ќе ги опфати само оние сегменти на изборите на средства кои можат на краток рок да се реализираат.

Јас не сакам да прејудицирам на какво решение ќе се определи Владата, меѓутоа, го потенцирам овде бидејќи и во распра- вата од страна на некои пратеници беше потенцирано.

Сосема на крајот јас сум должен да се обратам и кон девизните штедачи во оваа прилика. Ниту Владата, ниту било кој друг, од

финансиската структура сметаат дека нивниот чин што е направен со блокадата на банките треба да биде пресечен на начин како се сугерира. Девизните штедачи на банките, граѓаните кои имаат побарувања во банките со право го искажуваат својот револт. Владата упатува повик користејќи ја и говорницата на Собранието да сепак проблемот се разрешува во мирна атмосфера, да се деблокираат банките, бидејќи низ блокадата уште повеќе се усложнува проблемот. И она што може да влезе во банката изостанува. И од тоа што ќе влезе може да се исплати е оневозможено. Со самото блокирање на банките се нарушува и дел од редовната репродукција во стопанството. Конечно, се создаваат и напрегање во самите семејства, на тие граѓани, на нивните блиски итн. Очекуваме дека расправата што некни и денеска се водеше и особено интензитетот со кој верувам дека Владата ќе одговори повратно доставувајќи го предлогот за решавањето на овој проблем, ќе овозможи интензитетот на вознемиреноста да се повлече, не да се надмине. Тоа е невозможно, повторувам но нека биде тоа и личен повик да излеземе во соработка со банките и со органите на Републиката и во овој момент да помогнеме колку може во разрешување не само на овој проблем.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Го ценам излагањето на г-от министер Тошевски, како и на сите во Владата кои се ангажирани за разрешување на овој проблем, но сепак за време на мојата дискусија преска укажав, но не добив, можеби министерот Тошевски тоа не го додирна тој дел од моето барањето, останувам на тоа, знам дека проблемот е тежок, дека на сите овие граѓани кои имаат заробено девизи е многу тешко да се најде едно задоволително и соодветно решени, но барем на граѓаните, а и јавноста во Македонија, барам да им се соопштат причините за оваа состојба.

Не се согласувам дека во последниве 2 децении сега кулминира оваа состојба. Според мене, основна причина за тоа е г-от Анте Марковиќ и неговите одлуки за зафаќање од депонираните штедни влогови, тоа е за мене основната причина за ова, иако сум морам да признам, лаик за овие банкарски работи, барам ако може нашата Експертска влада, бидејќи се тие експерти за оваа област да дадат одговор на прашањето каде лежи вистинската вина, кои се причините и да разјасниме со одговорноста. Кои се тие луѓе со име и со презиме. Зошто, ако сега не расчистиме кој е крив, постои опасност после извесно време да се повторат овие работи. И плус, на граѓаните кои се крајно револтирани од оваа состојба ќе им влееме надеж дека почнуваме да стануваме правна држава и почнуваме секој за својата работа да сноси одговорност.

Значи, барам Владата да каже, да понуди не решение,- туку со прст да покажат на виновниците за оваа состојба.

XIV/2

**БОРИС ЃОРЧЕВСКИ:**

Се виде колкава важност има овој проблем на штедачите на Македонија затоа што 2 седмици, 2 дена дискутираме за истиот проблем. Така да мораме да изнајдеме извесно решение и некои конкретни предлози.

Тешко им паѓа на граѓаните, на штедачите што се делат на граѓани од прв и втор ред. Тоа се случи во Прилеп за овие неколку денови кога банката е блокирана и вчера, на еден состанок со истите штедачи кажаа дека некому се даваат до 2 илјади ДМ а некои не добиваат ништо. Тука навистина гарантираат истите, па ако треба можат и името да го достават на тој на кого се исплатени до 2 илјади германски марки. А, ако е ова вистина некој пратеник да подигнал до 20 илјади ДЕМ тогаш навистина некој рече тоа е грабеж на столетието на оваа иста говорница. Јас би се согласил со тоа. На запад, за исти таков случај самиот тој пратеник, ако е тоа вистина, би требало да постапи како таму, самиот да се јави од оваа говорница и да си даде неотповиклива оставка, велам ако е вистина тоа и, нека му служи на совеста ако не го стори тоа.

Имаше предлози од барањата на граѓаните. Нема да се задржам да читам многу, туку само ќе ја прочитам точката 5 од втората група на барањата. Тоа се конкретни предлози кои можат да помогнат од овој ќорсокак да излезе Владата, ако се заинтересира.

5. Да се даде објаснување на појавата во последно време што се случува како е можно различни станови да бидат продавани кај СИЗ-овие за 1000-5000 ДЕМ и каде се дополнуваат изгубените средства".

Јас и порано од истава говорница зборувам за тие станови. Вистина тоа беше нешто повеќе од грабеж на столетието. Затоа. предложив да се преиспита таа распродажба на становите. Пак сум на истото становиште, пак на истиот предлог. Зошто? Со распродажбата на становите, ако се одреди вистинската цена на станот и ако се распродава од тука можат да се најдат средства за овој проблем.

Второ, од третата група барања:

"1.Бараме претопувањето на општествениот капитал во АД да се претопи според формулата на многу развиени земји во кои објектите купени со данок на народот се издаваат под наме од страна на државата или се продаваат по реалната цена на чинењето. Средствата добиени од тие објекти одат во фондовите на државата и се употребуваат за потребите на социјалата и развој на земјата.

Бидејќи кај нас огромните објекти, работните организации што ги изгради народот во процесот на 50-годишното делување тешко можат реално да се продадат, а уште полошо е истите да се подарат на поедини групи граѓани.

Затоа ние бараме сите такви објекти да се издаваат под наем од државата се додека работната организација АД не е во состојба реално а ги плати средствата и објектите со кои расп лага а вака добиените средства да одат во фондовите на државата и за потребите на социјалата и развојот.

Ова барање вака го поставуваме бидејќи сметаме дека истото е во тесна врска со девизните влогови од кои 90% се потрошени за различни потреби на Републиката".

Затоа го повторив ова за становите и за работните организации оти од овие исти штедачи кои навистина ги бараат своите права, со пот ги заработиле тие девизи надвор од нашата земја, ги вложиле тука, некој спомна од патриотска гледна точка, јас би се согласил со тоа. Навистина тој што е патриот би вложил во Македонија отколку било каде во светот.

Затоа, да се преземат мерки и со некои такви конкретни предлози, а уште полошо е нешто што во последно време се слуша, дека поранешните воени станови се распродаваат за уште поевтина цена. Сето тоа е капитал на државата. Државата треба да се потпре и на тој капитал, да го собира за развој на истата. Се слушна дека за 300 до 400 илјади милијарди стари, така да се изразам денари се продавал еден трособен стан. Немам точни податоци само така го нафрлам. Ако е тоа вистина, што од надвор ги прибираме воените лица на кои фамилиите им се тука, кај нас, а тие одат се борат, убиваат надвор од Македонија, убиваат недолжни граѓани и на истите кои после овде ќе се вратат а не се државјани на Република Македонија ќе сакаат да станат државјани и да им подариме бакшиш такви станови, тоа е навистинареков, повеќе од грабеж на оваа наша земја, а најголемото зло го прави тој што му го дозволува тоа на истиот.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Кратка реплика на дискусијата на г-от Крстевски, кој би требало вака да слуша, а не да се врти на страна, кој со омаловажување го спомна моето име, моето образование.

XIV/5

Моето образование мој личен проблем и не е да се изнесува овде. Ако во оваа македонска држава бидат сите високо образовани како што е г-от Крстевски, тогаш незнам што би било. А, нарочно ако г-от Крстевски се образуваше на тој начин чиј татко повеќе од 30 години работеше во ова Собрание, па не му беше тешко да заврши правник или економист, незнам точно што е.

Во врска со она што го изјавив на г-от Ристо Иванов стана директор на "Елегант", банката во тогашно време му опрости околу 400 милиони динари, вработените се најдоа на улица, а сопственик на новата фирма со машини купени за девизи стана г-от Ристо Иванов, сегашен потпретседател на Реформските сили. Тие факти г-не Крстевски можат да се проверат, нормално ако се сака.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Нормално, овде сме пратеници од различни партии и логично некако тој партиски антагонизам да го изразуваме

Примерот што го посочив, тоа е во континуитет на оваа седница, се покажа, можам сега да го посочан со примерот на г-от Михо Пановски кој кажа дека не знае, меѓутоа, знае дека Марковиќ е кривец. Тој не знае ништо како отишле девизите, меѓутоа знае^ дека е Марковиќ кривец. На тој начин постојано.

Еве овде има друг пример. Има еден стан, се продаде, трособен, нема податоци, ама се продаде. Со тоа само создаваме една дезорганизација во јавноста, инсинуации итн.

А, тоа, кој сум и што сум, немам намера никому да поднесувам сметки, туку само потенцирав дека треба да се прави разлика и да се проверуваат оние основни податоци, што е општествено претпријатие, што

е акционерско претпријатие, како некоја организација што е во стечај преоѓа во друга итн. Тоа се само тие логички размислувања што треба некој самиот себе си да си ги постави, за да може да извлече заклучок.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Бидејќи сум спомнат со име и со презиме, да дадат интерпретација на мојата претходна дискусија.

Реков дека не сум стручњак, меѓутоа реков дека имаме Експертска влада и побарав што барам од таа Експертска влада да каже. Јас се уште стојам на тоа мое барање Експертската влада ан одговори на тоа мое прашање.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, бидејќи расправата беше долга јас ништо не би повторувал и не би се осврнувал на некои дискусии со кој што се согласувам и не се согласувам, иако имам простор за реплицирање. Само би предложил заклучок во врска со ова седница, поаѓајќи од насочувањето на господинот министер, во врска со тоа како да заврши оваа седница.

Прво, мислам дека Собранието ја оценува акутноста на донесувањето на овој закон, таков имаме, и оценува дека постојниот закон треба да се промени со нов закон, бидејќи тој не може ни да се спроведува. Тоа е првиот заклучок.

Значи има потреба ургентна од донесување нов закон за регулирање на девизното штедење.

Второ, како заклучок предлагам Владата да подготви предлог и врз основа на сета оваа расправа со кој ќе се одговори на најнужните потреби на девизните штедачи за оваа и за идната година. Овој заклучок го предлагам заради тоа што не постои можност во рок од неколку дена да се подготви солидно решение кое што на долг рок ќе го разреши овој проблем, особено не за 10 години како што се предвидува со досегашниве решенија. Од причини за кои што говорев, во врска со потребата од утврдувањето на сите биланси. Од причина девизните штедачи не смеат да бидат излажани со ниту еден закон повеќе што ќе биде донесен во ова Собрание. Од причина што ниту еден закон што ќе го донесе ова Собрание повеќе не смее да биде неспроведлив. Тој закон што ќе го донесе ова Собрание треба да биде спроведлив. Затоа мислам дека итните потреби на штедачите треба да се разрешат со овој предлог што треба да уследи конечно врз основа на дополнителните согледувања на Владата и врз основа на сите овие сугестии што беа како дискусија овде во Парламентот, а потоа да се седне најстручно да се подготви покомплексното решение кое што треба да уследи како решение за вкупниот девизен долг на Републиката кон, на Банките и на Републиката кон девизните штедачи. Тоа е вториот пристап во врска со заклучувањето и реков трето потоа да се седне на долгорочно решение.

Четвртиот заклучок во врска со расправата сакам да го искажам во оваа смисла, бидејќи беше покренато тоа прашање на седницава на Собранието пред целиот македонски аудиториум, кој што ја следи оваа јавност, оваа седница. Ние често пати изрекуваме квалификации за кражби, за лоповлуци, за злоупотреби и корисни малверзации и слично како порано ги нарекувавме. Имавме прилика и на оваа седница да слушнеме такви квалификативи, но кога тоа го говориме, често пати не кажуваме прецизно

за кого се работи, а уште помалку изнесуваме во дадениот момент соодветни факти за тие квалификации кој што ги изречуваме.

Во врска со изречените мислења дека има пратеници кој што подигнале девизни штедни влогови, во момент кога тоа обичните граѓани не можеле да го прават, јас прочитав информација најнапред во весникот "Вечер". Вчера имало информација на радио. Денеска имавме овде информација. Да не правиме сите како тоа што го почна да го прави г-от Петров со право, оградувајќи се веднаш, па да кажам сега и јас не сум од тие, па сите еден по еден да станеме, јас предлагам во името на пратеничката група на Социјал- демократскиот сојуз да утврдиме заклучок на денешнава седница на наредната седница Собранието да биде информирано за тоа кој пратеници навистина имаат подигнато девизен влог во услови кога тоа не било можно за другите граѓани, но истото да се однесува и за членови на македонската влада.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, јас имам еден проблем околу еден заклучок што треба да го донесе ова Собрание, а се надоврзува на четвртиот предлог - заклучок од г-от Гошев, а тоа се однесува ми се чини овде двајца пратеници такво барање поставија во своите дискусии да се формира една комисија која ќе биде составена паритетно од членови на овој Парламент, од членови на Владата и од претставници на девизните штедачи, од Прилеп, Битола, Скопје итн. Мислам дека на тој начин многу хипотеки што овде се искажаа или ќе симнеме, таа комисија или ќе ги симне или ќе ги докаже.

XIV/9

Овде се спомна дека се опростени итн. дека 400 милиони динари, во тоа време беа големи девизи итн., со кои се купени машини, па сега станала приватна фирмата, сето тоа треба да се докаже, а не да се држи како во хипотека. Или пак некои пратеници ги подигнале своите девизни заштеди, некои купиле коли од банките итн. Затоа, уште еднаш,предлагам да влезе во заклучок дека се формира комисија составена на паритетна основа од членови на овој Парламент, на Владата и претставници на девизните штедачи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, јас веќе по однос на овој предлог за донесуваше на закон говорев. Не сакам да се повторувам, меѓутоа денеска стана збор и за одредени извори од кои ќе треба да се врши обезбедување на средства за исплата, односно за отплата на веќе депонираните девизни средства.

Стана збор повеќе пати дека од оваа продажба на имовина на СИЗ-ови, на ова, на она, меѓутоа, кога треба да се говори каде се непродуктивно трошени средства, никој не сакаше да спомне имовина на таканаречени политичко - општествени, општествено - политички партии и организации.

XV/1.- РД/ВБ

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**:(продолжение)

Таму каде што се фрлаа басословни пари, каде не се водеше сметка што ќе биде, туку секој кој бил претседател, сега ќе биде претседател на партија или сл., носеа и коли и што не, тој имот љубоморно се чува и не се споменува. Мој предлог е до Владата тој имот да биде зафатен со продажба, затоа што ако е некој без власт, без сопственик, тој имот нека биде даде на штедачите. Тука треба да биде имотот на бивш Сојуз на комунисти, социјалисти, синдикат, некој сојуз на борци и што ти ја знам, резервни официри, тоа се се имоти без покритие, а тие се баш штетните дело- ви од каде се потрошени резервите на државата. Нека тој имот се продаде и нека се зголеми основот за исплата на девизите.

Понатаму сакам да кажам уште едно. Користам едно сознание на ден 12 мај минатата година, оние кои беа во овој парламент овдека делегати во Соборот на републиките и покраините во Белград се расправаше на оваа тема, што и како се трошеле девизите. Тогаш добивме едно сознание, кога станало збор за продолжување на веќе земените кредити, за нивно пролонгирање за враќање, сите довери- тели од страна бараат договорите да се изменат во кои стоело дека ако кредитите не се вратат на време ќе ги плати државата СФРЈ. Да стои, да се внесе во договорите и сите договори се и така продолжени со една констатација, дека корисниците на тие кредити ќе одговара солидарно, а тоа се однесувало за републиките. Ние ниту Владата, ниту некој овдека сакаше да ни спомне што значи тоа обезбедување на странските доверители дали ние кога ја правевме таа реформа 1989 година и кога реформата на Марковиќ на ден 21 декември 1989 година се врза динарот за марката 7:1, дали за оваа работа не се знаело, а веќе ваквата форма на однесување ќе функционирала 4 до 5 години. Значи уште тогаш се нанело штета на штедачите, дека ќе се трошат

пари на неорганизиран, односно на неконтролиран начин. Што сакам да кажам овде е следното. Ако некој земе да прати како се одвивало начинот на штедење господа, седумдесетта, седумдесет и прва година се зголемуваат влоговите на граѓаните. Зошто? Постоеја две врсти на камати. Една е домицилна камата што важела за валутата каде се плаќа со неа, а за нас овде чини како девиза.

Друга, ние доведовме што, да се плаќа поголема камата. Одеше 4, 6, шест и пол, 8, девет и пол, 11, и најголемата 12,5, ако е влогот над 3 6 месеци. Тогаш практично и што продолжува 1979 и 1980 година, практично направивме најголем гег на нашите граѓани кои имаа пари во странство, да ги донесат овде, да имаат 12% камата, 12,5 камата голема, да ние тие пари ги потрошиме во неповрат. И сега, како може да говориме за некоја гаранција. Нашата држава Македонија мора да најде средства да на овие луѓе им гарантира сигурност и да мора да ги вратиме овие пари, а со овој закон покриваме само 10 години, една блокада на девизите. Тоа мора да го кажеме отворено. Блокадата се стори 10 години. Меѓутоа, користењето ќе биде само по 1200 марки годишно, а за 10 години тоа е 12 илјади германски марки. Во тој случај со законот мора во преодните одредби да се каже што ќе биде со оние пари што не се опфатени во овој дел, а господин Љубисав овде многу убаво ни говореше. Меѓутоа, и тој беше со неговиот "Силекс" најголем потрошувач на тие зајмови. И требаше да ни каже што направил, како направил, не сега да ни дели сега што направиле други. Па тој е потрошувач, а не јас. И во оваа смисла ќе треба да ни предложи што да правиме, бил голем потрошувач, сега да ни даде совет како ќе биде голем враќач. Народот има вакво: "имаме  многу давачки, малку враќачи". И оваа

наша држава сега треба да биде добар давач, голем давач не може да биде.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Видете, јас обично сум девизен кривец за се. Е што направивме праша господинот Стојановски од Куманово. Тој најубаво знае, десетина фабрики, десетина рудници, многу продажни објекти, хотели, ресторани итн. А кој средства јас користев? Тие средства кој што ги вратив. Во ниедна инвестиција "Силекс" не бил без 50% да учествува. Што денеска "Силекса" ствара. Поново материјална база, поново девизни средства, поново подбирува свои потреби. Ако не му е јасно на Стојановски за жал, затоа и тој живееше таму каде се ствараше тој "Силекс", а тој кога живееше тој "Силекс" беше со 60 луѓе, и 6 месеци плата не земаа. Еве, морам да ви кажам дека и општеството помогнало тој "Силекс" да се направи, ама огромни пари општеството дало на многу страни па ништо не се направило. Према тоа, ако е прашањето што направил тоа стои, се гледа, огромни објекти, огромна материјална база, огромно производство ќе дава високи ефекти, продуктивност, профит итн. Тоа што овде беше кажано дека и стопанството учествува во враќаше на тие средства, јас реков дека стопанството не треба да се изземе, но не може да се каже да врати тие 3-4 организации. Практично не може да врати, немаат кондиција, немаат можности, но целокупното стопанство кое што има можности, кое што треба да учествува никој не вика да не учествува и да не враќа таму каде што земало, но, ако се споменува "Силекс" денеска не долгува ни по девизни ни по денарски основи на никого пари.

Према тоа, дезинформациите овде некој рече се многу лоша работа.

XV/4

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувани пратеници, за овој исклучително сложен и акутен проблем ние денеска расправавме и доволно долго и во најголем број на случаи ми се чини и доволно конструктивно и аргументирано и на крајот од таа расправа не се јавив за збор да коментирам некои од предлозите кој што беа дадени, ниту пак да коментирам една квалификација на господинот Томе Стојановски од типот некој си Сојуз на борци за луѓето кој што ја создадоа првата македонска држава.

Јас ги поддржувам предлог - заклучоците на Петар Гошев, меѓутоа за збор се јавив заради тоа што после неколку дискусии од почетокот на расправата, а посебно после дискусијата на господинот Благоја Тошев, остана еден впечаток дека со оваа општа

несреќа се погодени само граѓаните на таканаречената Западна Македонија или Југозападна Македонија. Мислам дека би сакал да верувам дека квалификацијата која што е дадена е резултат на не- познавање на состојбите, заради тоа што може само да се каже дека граѓаните на таканаречената Источна Македонија која никојпат не сме ја делеле, можеби нешто подоцна тргнаа по печалба, меѓутоа бројчано никој не може да каже кој делови на Македонија во тој поглед превагнуваат.

Инаку, впрочем, уште во раните утрински часови господинот Тошев можеше да увери дека на вратите на Собранието имаше претставници од штедачите меѓу кои што пензионери кои што ја заработиле пензијата во дотогашната Сојузна Република Германија и од Кочани и од Делчево имаше инвалиди пензионери, со патерици итн., према тоа треба да знаеме дека сите граѓани на Македонија подеднакво се погодени со оваа несреќа која што не снајде заради икс причини кои што не сакам да ги повторувам, треба

да знаеме дека носиме закон за подобрување на таа состојба на сите граѓани на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Бидејќи нема, да се приближиме сега кон заклучување. Ве молам, треба да внимаваме да имаме предлог аз донесување на закон за преземање на обврски за обезбедување денарски средства за исплати по основ на депонираните девизни влогови на граѓаните од страна на Република Македонија и во врска со оваа точка и тоа што е непосредно во функција, само тоа би требало да го заклучиме. Сите други работи, секој може да даде предлог, писмен, како треба и што треба, кој друг проблем да се реши, нека си имаат постапка за иницијатива, па да го упатиме на Владата итн.

Во врска со тоа се обидувам да заклучам.

Прво, го заклучивме претресот, сега одиме натаму.

Прво, Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за преземање на обврска за обезбедување на денарски средства за исплати по основ на депонираните девизни влогови на граѓаните од страна на Република Македонија.

Значи, го усвојува предлогот за донесување на закон.

Второ, Собранието укажува дека по сите девизни штедни влогови гарант е Република Македонија.

Трето, Собранието укажува на потребата до донесувањето на законот банките во рамките на своите можности да вршат исплати согласно постојниот закон. Да нема потполн застој таму.

XV/6

Четврто, Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието до 30 јуни 1992 година му достави предлог на закон при што, ве молам, ќе ме исправи министерот ако датумот не му одговара, да ги има предвид сите мислења, забелешки, укажувања, изнесени во расправата на работните тела и на денешната, онаа седница кога ова овде на Собранието е разговарано, предлозите и сугестиите изнесени на работните средби во врска со овој закон, како и поднесените амандмани кои треба да имаат третман на конкретни забелешки.

Петто, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието, поднесените амандмани од пратениците, повеќе се, од пратеничката група на Социјалистичката партија, белешката на работната средба одржана кај потпретседателот на Собранието на Република Македонија, ставовите и мислењето од управниот одбор на Стопанска банка АД-Скопје, главна филијала Охрид и сите предлози од оваа седница, што беа изложени да се достави до Владата на Република Македонија, Министерството за финансии и Народната банка на Македонија и Деловните банки во Република Македонија.

Уште предлагам, заради тоа што, повеќе пати предложено а очигледно заради различни формации околу суштински прашања, кој е крив, како е крив, како се работи, што се работи итн., Владата на Република Македонија да ја задолжиме да направи една темелна анализа на прописите и на праксата, на штедењето, на девизното штедење, кој тука погрешил, како се огрешил, како се огрешил, да направи анализа Владата и како е тоа остварувано.

Исто така, да се прикаже целокупната девизна ситуација.- Господинот Тошевски ни рече дека е ова само еден врв од тој леден брег. Тука е долгот што го има стопанството и Републиката спрема странство и тука е најверојатно еден дел од долгот што федерацијата има,а кој што мора во делбениот биланс да ни се префрли овде кај нас.

Според тоа, треба да се направи една целосна информација пратениците да се информираат точно колку Република Македонија има надворешен долг и колку има девизен влог внатрешен спрема штедачите. Да видиме да се расчисти тоа дали е тоа кражба, дали е тоа кривица на еден или друг, или што е, да го расправиме тоа, сега господинот Тошевски достави, рече. Меѓутоа, нека сето тоа добро се обработи да имаме аргументи за сите овие факти за кои мора Собранието да ги знае, а мора исто така да ја знае вистината.

Овде се спомнуваат разни детали, разни поединости, на тоа мора аргументирано да се одговори, ние можеме уште кој знае колку време да расправаме овде, секој да искаже свое мислење, свои импресии што тој мисли итн., што не е лошо, меѓутоа не ни помага ако на тој начин не можеме да дојдеме до вистината. Владата е должна тоа да го подготви. Еве, оние заклучоци ги предлагам, молам господинот министер да видиме.

**ТОШЕВСКИ**

Во врска со предлогот на заклучоците, мислам дека во делот на утврдувањето на рокот 3 0 јуни дека е многу краток и треба да се прошири, а во делот кој се однесува на анализата. Овде станува збор за информација. Ние информација имаме подготвено и можеме во контекстот на уште некои прашања што беа овде покренати да ја дополниме, меѓутоа,

ако биде информација може да се однесува и истиот рок за информацијата. Ако биде анализа би требало со овие сегменти што беа изнесени би морало да има еден подолг рок. Прифаќаме да биде информација. Датумот нека биде барем 10 работни дена на може тоа да се....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во рок од 10 работни дена.

Господинот Стоиле Стојков има збор.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Пред да преминеме на гласање јас одма ќе кажам и го имам тоа деловничко право дека нема да гласам за овие заклучоци, затоа што дадов еден предлог и гледам дека не е влезен во заклучоците и ќе ви кажам зошто нема да гласам за последниот заклучок, затоа што предложив да таа комисија биде паритетна, од Собранието, Владата, штедачите, претставници од штедачите, затоа што немам доверба во Владата дека ќе ни даде релевантни показатели околу таканаречените хипотеки итн. Затоа ќе гласам против овие заклучоци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само едно објаснување да кажам. Навистина настојував предлогот на господинот Стојков да го ситуирам во системот кој постои сеуште кај нас и се заснива врз основа на Уставот. Кај е поделена власта на законодавна, извршна и судска. Поединечен увид во состојбите во штедните влогови има право да издаде решение само суд и никој друг. Еве господинот потпретседател убаво ми укажува за тоа. Никој друг, никакви

паритетни групи или незнам кој друг. Тоа е потполна функција на судската власт. не на Собранието. Тоа ми укажа прво замeникот секретар овде, јас сум должен да го кажам.

Втора работа е, извршната власт овие појави е должна да ги следи и да не информира. Кога ќе ја добиеме информацијата и кога за неа ќе расправаме и кога ќе докажеме дека не треба да и се верува на Владата, и ќе гласаме за тоа, тогаш ние можеме привремена Влада да формираме итн., меѓутоа во извршната власт Собранието нема право да се меша. По Уставот нема право да се меша. Ете тоа е работата.

Господинот Стојков уште еднаш сака збор.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Господине претседателе, мене ми е многу јасно дека власта е поделена на законодавна, извршна, судска. Меѓутоа, јас ќе ве потсетам дека исто во тој Устав стои дека Собранието врши политичка контрола на Владата, т.е. на извршната Влада а тоа може да го прочитате, во Уставот го пишува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Точно е и така. Оној момент кога овде акт на Владата политички е оценет дека не е во согласност со Уставот, со законот, или со политиката што утврдува Собранието, политичката одговорност на Владата овде е на Собранието. Собранието ќе постави прашање на доверба, ќе гласа, тоа е методот на остварување на политичката контрола над Владата, низ своите работни тела и на седницата овде како што треба, а не да ја зема Собранието нејзината власт и сама на Собранието да оди да ги тера

работите место Владата. Тогаш Влада не ни треба, меѓутоа имаме Устав за таа работа. И тоа е регулирано, Собранието нема право додека не го измени Уставот да одлучува на друг начин.

Молам, предлогот го формулирав. Господин Поповски.

XVI/1.-ДВ/МЛ

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас сакам да укажам само на два моменти и сугестии кои мислам не беа прочитани во Предлог - заклучоците што ги даде претседателот на Собранието, а за кои што стана збор во досегашната расправа на Собранието.

Прво, мислам дека во денешната расправа имаше многу дискусија околу тоа на кој начин треба да се задоволат и да ги остварат правата девизните штедачи во Република Македонија, така да овој предлог на закон за донесување каде станува збор за денарски средства не можеме вака да го формулираме туку на друг начин. Ние како Собрание се определуваме дека во рок од 10 дена Владата треба да понуди Предлог на закон за обезбедување или остварување на правата на девизните штедачи во Македонија. Дали тоа ќе биде по пат на денарско надоместување или на друг начин, тоа веќе е друго прашање. Според тоа, дискусијата не одеше само во прилог на тоа дека треба денарска противвредност. Тоа значи е интервенција на првиот заклучок каде требаше да се каже дека има потреба од донесување на закон за остварување на правата на граѓаните, на девизните штедачи.

Второ, инсистирам на овој заклучок што беше поднесен од страна на пратеникот Петар Гошев во кој многу јасно беше ставено овде, мислам со оној заклучок, петтиот не може да се види суштината на барањето кое беше изнесено. Според тоа како Собра- ние треба да бидеме децидни дека бараме информација од Владата во која ќе се каже коп од пратениците или членови на Влада во време кога било забрането подигање на средства од нивните девизни штедни влогови, тоа било направено, а мислам ние тоа

XVI/2.-

можеме да го направиме и да го побараме од Владата. Тука мислам можам да одговорам и на пратеникот Стоиле Стојков, откако ќе ја добиеме таа информација, ако не сме задоволни како Собрание, тогаш можеме да формираме и комисија. Дајте прво да ја добиеме таа информација од Владата, а Владата сигурно ќе побара од банките СОК итн. податоци Значи инсистирам на овој заклучок да влезе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, нека и овој заклучок биде во задолжување на Влада та, а таа првата исправка за денарска противвредност, што ви е.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Во врска со сугестијата да се дефинира насловот во заклучоците, мислам дека нема потреба бидејќи постои забелешка, предлог и од прилика дефиниран став по тоа дека се работи за обезбедување на девизна обврска на државата. Девизната обврска односно изворот на девизните средства не е предмет на овој закон. Тој ќе се регулира со девизните прописи на Републиката. Овде се обезбедуваат денарски средства со кои такви девизни средства ќе се купуваат на девизниот пазар, од граѓаните во менувачниците или по некој друг основ. Затоа не сметам за битно дали сега во заклучоците ќе влезе тоа и ја чувствувам таа задача во содржината на законот да биде.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Бидејќи тоа ќе биде заклучок на Собранието, тој заклучок останува како еден од мноштвото документи на ова Собрание. Бидејќи ние не се залагаме на девизните штедачи да им се обезбедат само денарски средства, а можеби и некои ќе прифатат и денар- ски средства, бидејќи тоа враќање, обесштетување или нормално сервисирање на штедниот влог, на

девизните штедачи ќе се извршува низ разни начини што треба допрва да се предложат, може да биде во имот, може да биде во девизни средства, во конвертибилни валути, може да биде во денарски средства. Затоа многу е поупатно да стои заклучок таков каков што беше предложен од господинот Љупчо Поповски, или во таа смисла, а да не стои закон за обезбедување на денарски средства, бидејќи суштината нема да биде тоа од сите предлози што произлегува и од тоа што во крајна линија ќе биде и краткорочно и долгорочно решение предложено од самата Влада.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Има едно недоразбирање. Нема разлика во содржината на проблемот. Разговараме за преземање на девизна обврска кон девизните штедачи и со преземањето на гаранција во заклучокот еден или два каде што беше, тоа веќе е содржано. Ние разговараме за содржината, за насловот на законот кој ги има двете содржини. Низ гаранцијата се обезбедува тоа, а тоа и низ содржината на текстот ќе биде кажано дека се работи за преземање на девизната обврска, а самиот закон претставува закон за обезбедување на денарски средства со кои банките ќе купуваат девизи на начин и во форма какви се прописите на Републиката. И денеска ние дел од девизниот прилив на стопанството, по одлука зафаќаме за општи потреби на државата. Во тие структури влегуваат и овие. Така ќе биде и утре и задутре и незнам се какви ситуации ќе се наметнат во иднина, низ девизните прописи да се регулира начинот и изворите за обезбедување на девизи за исплата. На нас сега не ни недостига само девизната компонента, ни недостига и денарската. Државата зема обврска да обезбеди во сопствените средства за плаќање извор, банките да може да ја извршуваат втората и главна обврска, исплата на девизните штедни влогови во оригинални валути.

XVI/4.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега е јасно.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овој закон мора да биде јасен. Дали со него ќе сакаме да обезбедиме за 10 години по штедач просек 12 илјади ДМ, а целиот друг долг спрема штедачите да го замрзнеме или не. Треба да биде- ме јасни што обезбедуваме, противвредност за 12 илјади ДМ за 10 години? Ние сега говориме, беше прашање дали ќе имаме противвредност да обезбедиме во денари, или ќе имаме и денари и девизи, или ќе имаме само едно, а другото ќе биде покриено заради трошење. Заклучокот треба да биде јасен што ќе земеме, дали ќе биде во одредена висина гаранција, или не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, да појасниме. Се она овде што е предлагано ќе влезе во проучување кај Владата. Ние денес не го утврдуваме текстот.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас се извинувам што уште еднаш станувам да кажам, меѓутоа задачата на Владата и потребата на општеството, поконкретно на девизните штедачи произлегува од запишаната задача како наслов, работна или неработна. Овде не се работи за гаранција на Републиката на денарските средства на штедачите, бидејќи за денарските средства на штедачите гарантира секоја народна банка и тоа е работа што треба да ви биде гарантирана од Народната банка, а девизната штедња ја гарантира Републиката соодветно на она што го гарантираше Федерацијата. Така и Народната банка на Југославија ги гарантираше динарските средства, а девизните средства ги гарантираше Федерацијата. Тоа се две различни

работи. Но, бидејќи ние знаеме дека недостигаат и денарски средства, а знаеме дека недостигаат, пред се девизни средства. Да недостасуваат само денарски средства нас ваков закон немаше да ни биде потребен. Според тоа ако господинот министер се согласува со содржината на сето ова што го дискутираме дека ќе биде опфатено како разновидни форми на обесштетување и сервисирање на долгот на девизните штедачи, тогаш не гледам причина зошто насловот не биде соодветен на тоа, а сепак насловот имплицитно и експлицитно ја поставува задачата која треба да биде решавана. Овде не се работи за лексичка работа, за терминолошки работи. Овде се работи за суштински пристап во решавањето на овие проблеми.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Точно, се работи за суштински прашања не за лексички.

Со законот ние треба да обезбедиме денарски средства кои ги немаат банките за да откупат девизи да им исплатат на граѓаните

Прашањето, повторувам на девизната гаранција е содржано во формулацијата дека Републиката ја презема гаранцијата по девизните штедни влогови кои во суштина значи дека ќе се исплаќаат во оригинални валути. Ние превасходно разговараме за обезбедување на денарски потенцијал на банките, а низ другиот механизам и прописи и низ другите извори низ кои ќе се формира девизниот потенцијал на девизниот пазар, во менувачките работи, во кредитните задолжувања и слично ќе се формира девизната компонента од која банките ќе исплаќаат девизни штедни влогови.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве , добивме појаснување,

Молам, кој е за предложениот заклучок да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (2 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласањето? (3 пратеника).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Ја прекинуваме работата денес и продолжуваме со работ утре во 10 часот.

(Седницата заврши во 17,15 часот).